**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Првото продолжение на Сто и седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана 21 декември 2000 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа по 117-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Љубе Бошкоски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Никола Ќуркчиев, Рафет Муминовиќ, Ванчо Ѓорѓиев, Али Ахмети, Абдулаќим Адеми, Теута Арифи и Љубчо Георгиевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме по **третата точка - Предлог на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.**

Продолжуваме со општиот претрес по Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.

Има збор пратеникот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Почитуван господине потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги.

Пред нас е еден документ кој што во секоја демократска држава е еден од побитните настани во текот на една година, тоа е донесувањето на Буџетот на Република Македонија, односно документот со кој што се регулира начинот, обемот на средствата кој што се обезбедуваат за државната и општата потрошувачка и исто така и начинот и постапките на трошење на тие народни пари, кои се собрани во Буџетот.

На почетокот би сакал генерално да ги кажам ставовите на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и моите лични ставови околу воведниот дел, околу образложението на Буџетот и она што се однесува на макро економските показатели за 2005 година, на кои што се темелат проекциите за макро економските показатели за 2006 година.

Она што прво паѓа во очи од образложението и од експозето на министерот е една чудна и нереална еуфорија, засновано на селективно и погрешно читање на статистичките податоци. Излегува од она што го слушнавме и од самата интонација на обраќањето и на целиот текст на експозето дека не живееме во иста земја, односно од целиот тој оптимизам и еуфорија со која што изобилува овој документ и самото експозе дека во Република Македонија не е тоа истата земја во која што само пред еден месец, Заводот за статистика во соработка со Светската банка, објави дека 20% од македонските граѓани живеат во апсолутна сиромаштија, што значи 400 илјади граѓани не можат да ги задоволат основните потреби за храна.

Според истиот извор, значи повеќе од 30% од населението живее во релативна сиромаштија, што значи дека 600 илјади граѓани не можат да си ги дозволат основните потреби за домуваање, хигиена и образование на своите деца. Стапката на невработеност веќе трета година по ред е заглавена на 38%. Сега тука имаме замајување на јавноста со намалување на бројот на регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување. И самиот министер и сите ние знаеме дека тоа е резултат на бришењето на лица од таа евиденција по разни основи. Тоа е значи во недостаток на реални успеси, сепак и бришењето на 20 илјади лица кои што од Агенцијата од разни причини не се пријавиле на време се прикажува како некој економски успех.

Колку за потсетување само во Европската унија единствен релевантен извор на податоци за невработеноста е анкетата на работна сила. Според неа, значи според тој единствен релевантен извор на податоци што го признава Европската унија во Македонија има 38% невработени, односно 290 илјади. Значи се уште има простор да се избришат уште 70 илјади лица од евиденцијата и да се прикаже уште еден голем економски успех на оваа Влада. Сега колатерална штета на сите овие податоци кои што се нормално извлечени од факти, секогаш излегува барем во последните три години директорот на Државниот завод за статистика, кој што секоја година се менува, едниот поради падот на индустриското производство во 2004 година, тоа е историски пад во 2004 година од над 40%, другиот поради растот на невработеноста, третиот поради африканската стапка на апсолутна сиромаштија. Значи позицијата директо на Државниот завод за статистика стана најразична професија, со оглед дека нормално не се смени Владата која што е одговорна за овие економски резултати, а не директорот кој што ги бележи тие резултати.

Од макро економските показатели треба да се спомне дека и економскиот раст во Република Македонија не е на задоволлително ниво, односно Македонија има најниска стапка на економски раст помеѓу земјите од Југоисточна европа. Дури и Меѓународниот монетарен фонд во својот извештај од септември 2005 година, отворено зборува дека економскиот раст во последните две години е далеку под можностите на земјата.Анализите покажуваат дека доколку македонската економија континуирано расте според проектираната стапка од 4%, ќе ни бидат потребни 63 години за да го достигнеме просекот на сегашните 25 членки на Унијата. Значи, уште еднаш да повторам, со сегашната стапка на раст, ќе ни бидат потребни 63 години за да го достигнеме просекот, не највисоката стапка на раст во земјите од Европската унија, кон кои што сега сме и кандидат за член. Значи со вакви скромни стапки на економски пораст, сведоци на реалната економска интеграција на Република

Македонија, на реалното членство на Република Македонија во Европската унија би биле сегашните новороденчиња кои што тогаш би имале 63 години. Ќе се согласиме дека Македонија не може и не смее да си дозволи толку време за чекање, а за споредба, за да не биде се така црно, еве споредба со земјите кои што се или се близу до членство во Европската унија. Значи транзиционите економии ги бележат следниве стапки: Латвија 7,7%; Литванија 6,2%; Словачка и Бугарија по 5,5%; Романија 5,3%. Значи дел се членки, а Романија и Бугарија се претенденти за членство во Европската унија.

Она што исто така, во целиот тој оптимизам со кој што изобилува образложението на Буџетот и самото експозе на министерот е дека во 2005 година имаме висок раст на индустриското производство. Мора да знаеме секогаш кога се вадат статистички податоци, треба да се образложат, затоа што не секогаш даваат реална слика и состојба на она што е реалност. Затоа и постојат тие податоци, меѓутоа, треба да се анализираат и тоа од два аспекти. Тој пораст на индустриското производство е резултат на два фактора.

Прво, страшно ниската база за споредба од претходната година.

Второ, поволните движења на цената на металите на светскиот пазар.

Што се однесува до првото, сите многу добро знаеме дека 2004 година индустриското производство во Република Македонија во некои месеци, а и вкупно во текот на целата година бележеше историски пад незабележен и незапамтен од 1945 година па наваму. Значи тие проценти на пад на индустриското производство по месеци се движеа од 28% до 47% во одредени гранки, во одредени месеци. Сега, ако вие тоа го земате како база за споредба со оваа година, сигурно дека порастот од 9% од 7 или од 8 е навистина несоодветен и многу мал и тоа покажува дека далеку е сеуште нашата економија, па и индустријата со која што го оствареуваме тој пораст од нивото кое што го имала пред две или три години.

Втората анализа, односно вториот фактор е еден економски фактор на кој што Република Македонија како мал производител не може многу да влијае, а тоа се поволните движења на цената на металите на светскиот пазар. Цената на металите почитувани колеги, во минатата година го достигна својот максимум. Таа поволна коњуктура иницираше големи инвестиции во нови капациатети, поради што, наскоро понудата на метали ќе ја надмине побарувачката. Се знае што значи тоа. Така да и Кина дури од некој увозник, се очекува да стане нето извозник на челик во последните две години. Значи коњуктурата ќе паѓа, цените ќе паѓаат, а со тоа и мотивот за производство, нормално и самата вредност на производството и на извозот. Затоа мора да бидеме свесни кога ги проектираме стапкита на раст за наредната година дека металопреработувачката индустрија веќе нема да биде двигател на економскиот раст во 2006 година. Уште повеќе, што со приватизацијата на дел од дистрибуцијата на Електростопансто на Македонија, ќе дојде до пораст на цената на струјата, неминовно, без разлика дали тоа ќе го ветува премиерот или некој друг. Тоа ќе значи крај на бенефициите за најголемиот дел од големите производители на метали. Многу добро знаеме дека најголем дел од нив имаат бенифицирана цена на струјата, а пак цената на струјата во цената на производот што тие го произведуваат учествува некаде дури со 50%. Така да, нереално е да го базираме нашиот проектиран економски развој во 2006 година врз нешто што реално е за очекување дека ќе има тенденција на стагнација и на паѓање.

Исто така, растот од 5,4% во трговијата кој што е предвиден во 2006 година по наше мислење е нереален, затоа што нема од каде да се црпи реална моќ куповна на населението за генерален пораст од 5,4%. Тоа значи дека стандардот на населението би растел, што не е така и дека куповната моќ на населението ќе расте и нормално дека ќе имаме пораст на трговијата од 5,4%, што е доста висок пораст.

Овде се работи повеќе за еден статистички проблем, затоа што прометот се преместува од малите дуќани и мини маркети, кои статистиката не ги опфаќа и не ги обработува, во големите трговски центри кои што статистички се опфатени, а статистички ќе имаме пораст на прометот во трговијата иако реално тој стагнира.

Од тие причини, има простор за сериозен сомнеж во проектираниот раст на трговијата, поради што и растот на бруто домашниот производ е преценет.

Исто така, од технички и од суштински аспект неколку забелешки што се однесуваат на презентацијата на податоците во Буџетот, во аналитичките прегледи по одделни буџетски корисници не се прикажани износите кои беа усвоени со завршната сметка за 2004 година, ниту износите на ребалансот за 2005 година, така да имаме помалку, не помалку, туку воопшто во овие прегледи, значи во аналитичките прегледи, немаме можност за споредба по години и нормално немаме можност правејќи ги тие споредби многу повеќе да извлекуваме заклучоци и да дискутираме воопшто за тенденциите, односно за намалувањето или зголемувањето на средствата. Така да, едноставно ни се оневозможува како на пратеници една попладна дискусија, по овие аналитички прегледи кои што ни се доставени.

Исто така, една суштинска работа што наредната година не очекува и е предвидена во приходниот дел на Буџетот е претстојната продажба на резедијалните акции во АД "Македонски телекомуникации", уделите на државата во капиталот на банкарскиот сектор, тие помали удели кои што ќе се продаваат и продажбата на АД "Електростопанство на Македонија". Од сите

овие продажби, проектирано е дека Владата ќе инкасира 15 милијарди денари или околу 244 милиони евра. Меѓутоа, сите изјави, а и во позициите во Буџетот многу малку или воопшто, а и од изјавите на министрите кои што ги даваат во јавноста дека сеуште не се знае како ќе се потрошат овие пари. Имавме неколку изјави на министерот за финансии дека тие ќе се трошат за финансирање на надворешниот долг, а дека ќе се поддржуваат некои проекти, меѓутоа, апсолутно, нема воопшто никакво навестување кои и какви инфраструктурни проекти биле поддржани и навистина не е добро кога го носиме Буџетот да немаме планирано конкретна намена на овие средства. Меѓутоа, и овие огромни приливи не се доволни за да се задоволат проекциите на Владата што ја предводи СДСМ, па таа и понатаму ќе ги оптоварува идните генерации и влади со нови задолжувања. Новите задолжувања во странство во 2006 година ќе изнесуваат 6,4 милијарди денари.

Во расходниот дел од Буџетот, Буџетот како документ, кој што по правило треба да е огледало на политиката или политиките кои што ги спроведува Владата. Во добар дел од некои сегменти тоа не е случај. На пример, во матрицата на структурните мерки договорени со ММФ, Владата се обврзува дека повластува монаториум за слободните економски зони, односно дека нема да отвора нови ниту да ги обновува постојните.

Од друга страна, парадоксално во Буџетот за 2006 година се предвидува три пати поголем износ за Програмата развој на слободни економски зони, или скок од 6,3 на 20,8 милиони денари. Владата веројатно смета дека ја намалила сиромаштијата, па во 2006 година планира да потроши и тоа од повеќе извори, дури 1/3 помалку средства за мерките за намалување на сиромаштијата. Во ребалансот на Буџетот за 2005 година се предвидени 958,1 милиони денари, а за 2006 од повеќе извори се планираат 650 милиони денари, точно 32% помалку. Исто така намалени се средствата за поттикнување на вработувањето за 43% и средствата за зајакнување на капацитетот на јавната администрација, каде што знаеме дека и по кажувањето на Европската комисија дека треба да се вложи во зајакнување на капацитетот на јавната администрација. Не е логично овие средства во наредниот буџет за 2006 година да се намалат.

Во буџетските приходи и наредната година не можеме да видиме приходи од концесија за трет мобилен оператор, или за влез на нови оператори во фиксната телефонија.

Исто така, во предложениот Буџет не е предвидено да се осамостои агенција за јавни набавки, независна институција за која што Европската комисија исто така веќе 4 години по ред добиваме инсистирање да се формира и понатаму институционалната надлежност останува под капата на Министерството за финансии во Бирото за јавни набавки, со сите можни ризици за политички притисоци и уцени. Изгледа дека покрај непосредните спогодби и јавните набавки се потенцијална специјалност на оваа Влада, па не гледа причина некој друг да ја надгледува, дури ни Државниот завод за ревизија, кој редовно избрзува со погрешни заклучоци, како што во една прилика кажа премиерот.

Тоа не води до еден интересен феномен поврзан со буџетската политика за 2005-2006 година, а тоа е финансиската контрола.

На страната на приходите, барем на почетокот видовме една одлучна акција против затајувачите на данок и сивата економија, што е за поздравување. Од друга страна кај буџетските трошоци се побројни се наодите за злоупотреба на парите прибрани од даночните обврзници, но тие наоди редовно се игнорираат. Значи имаме една асиметрична грижа за јавниот интерес. Имаме санкционирање, што е добро, на оние кои избегнуваат да ја полнат државната каса, но од друга страна паралелно имаме толерирање на оние кои ненаменски ги трошат буџетските средства. Се на се, одмана, од минатата годинина не сме имале можност да дебатираме за еден вака не инвентивен документ, како што е овој буџет, во чие образложение доминираат фразите од типот- генерално не се предвидуваат значајни промени. Во овој документ, во буџетот нема иновации, во него нема развој, дури и во услови кога стопанството го губи здивот во трката на меѓународните пазари, во услови кога над 30% од населението живее во сиромаштија. Содржината на буџетот е бајата, но за тоа новиот владин производ е спакуван во цврста предизборна амбалажа за која ќе бидат потроШени 15 милијарди денари од државниот имот. Поради овие причини, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ нема да го поддржи буџетот за 2006 година.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китаноски.

Три минути реплика за господинот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Јас ја разбирам скепсата што господинот Китаноски ја има и нормално е, како опозициона партија која во принцип треба да ја критикува работата на Владата и на позицијата и колку добро да работи.

Изнесе една констатација дека со вакво темпо за 63 години ќе достигнеме одредено ниво на развој. Сега ќе му кажам, ако тој и неговите компањони, како што работеа пред 2-3 години, со такво работење ние уште 263 години нема да постигнеме одредено ниво на развој. Така што мислам дека господинот Китаноски има најмалку право да критикува за работа или не работа, за одредени работи што оваа Влада ги прави.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Рахиќ.

Една контра реплика господинот Китаноски.

**Илија Китаноски:** Господине Рахиќ јас моите искажувања ги темелам на факти и сега ќе

продолжам со тие факти. Тоа е прецизна математика и тука нема коментари. Обично на бројките тешко можете да најдете коментар и толкувања. Тоа се бројки.

Само за потсетување, да ви кажам дека токму во мандатот на претходната Влада, една од најуспешните економски години од осмастојувањето на Република Македонија е 2000-та година. Значи ако со тоа темпо таа година ја земеме како едно мерило, тогаш навистина многу побрзо би влегле во ЕУ. Тоа е 2000-та година, само да знаете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китаноски.

Има збор господинот Иван Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Почитуван потпретседател, колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

Јас нема многу да го одземам вашето внимание, ќе продискутирам за она што според мене беше интересно во буџетот за 2006 година, бидејќи каков е буџетот за 2006 година, секој го кажа претходно своето мислење и кажа од кој аспект го гледа буџетот, што е и нормално. Јас од такви коментари ќе се воздржам, бидејќи има една народна пговорка која вели-од многу глава не боли. Нормално, сега доаѓаме до тоа дека на секое од министерствата и институциите кои се наоѓаат во буџетот им фалат средства и тоа свое мислење го искажуваат дури на ПРЕС конференции. Меѓутоа јас мислам дека во иднина мораме да научиме и самите министерства и институции да бараат и одредени алтернативни патишта на извори на финансирање на своите институции. Подоцна тоа ќе го поткрепам со некои примери од Бугарија и од Словенија, не од подалеку, како би требале и самите министри, како менаџери, да наоѓаат алтернативни извори на финансирање и тие средства да ги канализираат во своите министерства, преку проекти и одредени други активности и тие средства да ги стават во функција на развој, на области кои ги застапуваат.

Јас реков дека претежно ќе се сконцентрирам на она што значи буџетот во делот на Министерството за образование и наука и Агенцијата за млади и спорт, бидејќи имавме прилика на самата Комисија, ако не се лажам 3 часа да дебатирами за буџетот за образование, наука и спорт и да ги разгледаме сите аспекти, конкретно во оваа област.

На почетокот добро е да се каже дека буџетот, конкретно за образование и наука е зголемен за 4,23%, од она што го гледам овде пред мене. Значи од 9.348.523.000 е зголемен на 9.743.693.000 денари. Значи зголемен е за цели 4,23%. Од тука се влече податокот и она што го кажавте вие на самата Комисија дека 3,4% од тие средства се наменети за зголемување на платите, а остатокот е за одредени други активности, внатре во Министерството за образование и наука. Затоа јас и тогаш и сега сакам пак да ви поставам една дилема и верувам на крајот ќе има одговор за тоа, бидејќи чувствувам дека она што го кажувате и во програма 2, основно образование, образложението каде се вели :"во 2006 година, со цел создавање на подобра инфра структура за реализација на дејноста основно образование, во рамките на оваа Програма ќе се реализираат проекти за отпочнување на градба на околу 30-тина нови училишта и продолжување со програма и реконструкција на 10-тина училишта, согласно Програмата за инвестиции, во основно образование". Тоа навистина е за поздравување дека во буџетот за образование и наука се предвидени конкретно, зборувам најпрвин во основно образование, средства кои ќе бидат за изградба на нови училишта. Меѓутоа, во средно образование, изградбата и реконструкцијата се заедно, во едно.

Сега, тука беше мојата дилема дали ние треба конкретно да тргнеме, она што значи со изградба на нови училишта и згради, бидејќи јас пред мене имам еден податок. Уште кога не бев пратеник имав една моја анализа за состојбите во основните училишта во Република Македонија и можам да кажам дека од точната бројка 1.033 основни училишта во Република Македонија, 314 се како правни лица, од кои 161 се полни подрачни училишта, значи од 1 до 8-мо одделение и 528 се неполни подрачни училишта, од 1 до 4-то одделение. Верувајте, во оние што значат 528 не полни подрачни училишта, ситуацијата на некој нач!ин е алармантна. Можеби не е сега овде место да се расправа, меѓутоа сакам тоа да го врзам со она што значи ставка 2-а, изградба на основни училишта и ставка 2-б, реконструкција на основни училишта и ставка 3-б, изградба и реконструкција на средните училишта.

Дали тука би било по позитивно и во основното образование овие две ставки да бидат во една и генерално средствата, а не се мали, бидејќи само за реконструкција средствата се 75 милиони во основното образование и 107 милиони во средното образование. Заедно тоа е 183 милиони денари кои се за реконструкција на основните училишта. Значи, сепак тоа не е мала сума.

Кога тука би се додале и оние што конкретно се оставени како ставка на нови училишта, ќе направат една сериозна сума со која навистина ќе може во Република Македонија, оние што ги спомнав 528 не полни основни училишта каде има навистина потреба да се интервенира, тие да се оспособат за да пручат квалитетна настава на самите ученици. Претежно овие 528 училишта, според оние анализи кои јас ги правев, се во руралните средини во Република Македонија. Години наназад, не само сега од осамостојувањето, овие 15 години и пред тоа во Република Македонија се граделе одредени училишни сали за потреби на мал број ученици. Сега во новото време дел од тие училишни згради не се функционални. Дајте, со тоа што вие го нудите со буџетот, да успееме тие основни училишта да ги направиме да бидат

функционални од интерес за самите ученици од основното образование. Значи тука беше мојот апел и тогаш и сега, дали може да се направи една заедничка комбинација, конкретно за овие средства, а дефакто за поздравување е тоа што го кажувате дека со инвестиционата програма се предвидени изградба на нови 30-тина. Меѓутоа, моите анализи покажуваат дека е добро и постојните, каде има сериозни проблеми, да се модернизираат.

Од друга страна можеби тука има потреба од она што се наметна како иницијатива за допрецизирање на Законот за основно образование и да се даде можност да имаме приватно основно образование каде, надвор од она што значи буџет за Министерство за образование и наука, може да дојдат и одредени средства по пат на приватна иницијатива и самите приватни инвеститори да имаат потреба да изградат свои основни училишта и можеби да даваат поголем квалитет на самите ученици.

Исто така, разговаравме и за потребата, она што значи во делот на високото образование, за реконструкција на студенските домови во Република Македонија и потоа видовме на некои медиуми имаше некоја иницијатива од студенти за изградба на нов студенски дом.

Во буџетот се предвидени околу 5 милиони денари за реконструкција на студенски домови. Јас реално не би одел во правец да градиме некој нов студенски дом. Ние имаме постојни студенски домови кои реално имаат лоши услови за живеење на студентите. Значи треба да се сконцентрираме на тоа постојните студенски домови да ги оспособиме и да ги модернизираме, се со цел да бидат во функција за студентите.

Од тој аспект јас и група пратеници поднесовме амандман со кој бараме плус 1,5 милиони денари за оваа намена каде постојните студенски домови, Министерството за образование и наука ќе може да ги модернизира и да ги стави во употреба односно тие се вон употреба, значи да ги модернизира и да направи студентите да имаат нормални услови за живеалиште и престој.

Од друга страна, кога ќе го земете и примерот со Бугарија, она што го реков на почеток, Бугарија постојните студенски домови ги реконструира и ги обнови од програмите на ЕУ. Значи не тргна со намера да гради нови, туку постојните ги модернизира и оспособи за тамошните студенти. Мислам дека и ние, по позитвното мислење и кандитскиот статус, ќе можеме да успееме од европските фондови да донесеме средства кои ќе ни бидат за таа намена, но она што е постојното, навистина, да го обновиме.

Исто така на самата Комисија малку прокоментиравме и во делот на Агенцијата за млади и спорт и таму ние како членови на Комисијата дадовме амандман кој се однесува на обврските кои државата ги има спрема националните селекции, за нивните патувања и одредени средства сакаме да префрлиме во Агенцијата за млади и спорт, бидејќи навистина овде средствата се мали. Овде конкретно говорам за активноста на националните селекции на меѓународен план, се 25.000.000 денари. Реално тоа се мали средства и затоа членовите на Комисијата мислат дека со дополнителни средства, во договор со претседателите на постојните федерации во Република Македонија, да се покрие онаа потреба што значи нивна активност на меѓународен план.

Тука исто така ќе дадам еден податок кога бев гостин на Словенчкиот олимписки комитет каде тие говореа за средствата што ги имаат во спортот во Словенија. Од прилика тие се 11%. Меѓутоа, вкупното вложување во спортот во Словенија е 74%. И за тоа тие дадоа свое образложение дека останатиот процент од 11 до 74%, тие го наоѓаат по алтернативни патишта. Сега овде да не образлагам за тоа. Тие своите алтернативни патишта ги кажаа, на кој начин и од каде ги носат во спортот и затоа имаат таков спорт каков што има Словенија. Значи, она што го реков и на почетокот, ние треба да научиме и самите министри како менаџери, барем јас ги доживувам, да успеат одредени дополнителни финансиски средства да донесат по други алтернативни патишта и не секогаш да викаат во моето министерство има помалку средства, средствата за ова ми се намалени, средствата за она ми се намалени.

Јас Владата на Република Македонијачера после излагањето на министерот за финансии од 45 минути, после слушнав уште две, така да ги наречам експозеа од по еден час и 45 минути. Непродуктивност, според мене. Значи тоа што сакаме да го кажеме, можеме да го кажеме и во набрз временски рок и да сугерираме до вас како Министерство за финансии.

Во принцип не е спорна поддршката на овој буџет, туку и понатамошна заложба да се мотивираат самите институции, министерствата, да успеат да изнаоѓаат алтернативн средства кои навистина ќе ни бидат достапни сега со позитивниот одговор од Е. Така во иднина треба да гледаме на работите. Значи поддршката стои. Потписник сум на 4 амандмани и кога ќе дојде амандманската расправа, ќе дадам образложение за тие амандмани.

**Слободан Најдовски:** Благодарам

Три минути реплика за пратеникот Спиро Мавровски:

**Спиро Мавровски:** Почитуван колега Анастасовски, јас ја почитувам вашата дискусија во однос на тоа што значи Предлог на буџет за 2006 година и ве поддржувам во делот за кој говоревте, но за жал едно се желбите, друго се можностите и тоа дефинитивно се покажува и со овој буџет. Ние можеме да говориме и 45 минути и 3 часа и 45 минути, или само 5 минути, да ги искажеме овие рабноти што како пратеници ги гледаме дека не се во ред и тоа дефинитивно е така. Но, еве на оваа седница имаме уште неколку закони кои Владата ги носи каде сите ние како пратеници се согласивме дека треба да се

изнајде начин, токму во оваа област за која вие говоревте, значи науката, образованието, културата и спортот, да се најдат олеснувања во даночните обврски кои ќе се префрлат токму во овој дел каде што во буџетот не ги гледаме тие средства. Сега, ако Министерството за финансии дополнително ги оптоварува со нови давачки, а тие давачки не завршуваат таму каде што треба да бидат, мислам дека дефинитивно имаме проблем и не можеме да го поддржиме сето ова, затоа што ние се согласивме и како позиција и како опозиција дека моменталната состојба и вие говоревте, дали се тоа спортски репрезентации, дали се образовни институции, од основни училишта, од средни училишта, ситуацијата е на многу ниско ниво, речиси катастрофално. Олимписката 2008 година е на прагот, а ние уште не знаеме ниту кој, ниту дали се исполнети одредени норми, со кого треба да се подготвуваат, затоа што можеме после тоа, како што излезе еден бивш премиер, не знам од каде беа средствата, дали од буџетот или од друга страна и да им вети по 100 или 200 илјади евра за добивање на медаља. Но, вие бидејќи сте човек од спортот, знаете дека тие пари, да бидат и во милионски износи, ако сето тоа не почива на реална основа, не може да се добие.

Апсолутно, овој буџет, со ослободување од даноците и понатамошното работење, на спортските екипи, на спортските репрезентации и поединците ќе можеме да стигнеме до тоа што сите го посакуваме како држава. Токму затоа се и забелешките на Буџетот. Мислам дека и вие, со вашите амандмани ги имате конкретните забелешки по Буџетот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Една минута контра реплика за господинот Анастасовски Иван.

Повелете господине Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Благодрам.

Почитуван колега Мавровски, ова е трет буџет по ред како јас и вие се согласуваме во областите од образованието, науката и спортот, затоа секогаш сме имале заеднички амандман. Оваа година истото го покажуваме.

Меѓутоа, знаете, моите заложби беа во насока на тоа не сите спортски работници, научни работници за кои не говорев овде да буквално плачат пред вратите на Министерството и да бараат одредени средства. Мојата интенција беше да наоѓаме алтернативни патишта, проекти каде што ќе можеме реално да помогнеме на овие два-три сегменти во општеството, за што имавме заедничка конкуренција и дебатиравме повеќе од 6 часови.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Јашари Аднан.Повелете господине Јашари.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине потпретседател,

Почитуван заменик министер, почитувани колеги,

Слушајќи го сето она што беше кажано вчера, меѓутоа и во работата на разните комисии, лично сметам и оценувам дека овој Предлог-буџет за прв пат оваа година, нормално засновајќи се врз одредбите на Законот што пред некое време го донесовме, Законот за буџетите речиси во сите точки или области од Буџетот е транспарентен, што ценам, ќе го повторам уште еднаш, за прв пат еден толку транспарентен буџет поделен во програми и потпрограми, позиции и потпозиции и од кои што може да се дојде до одредени констатации.

Анализирајќи ги макроекономските индикатори во овој Предлог-буџет, тоа што е реализирано во 2005 година може да се констатира дека многу нешта што биле проектирани со пректи на оваа Влада, до некоја определена мерка е реализирано и спроведено. Овде сакам да нагласам, како што беше кажано и од некои претходни говорници дека БДП е за 3,8% зголемен и има инфлација од 3,7%. Имаме пораст на БДП во сите области освен во градежништвото. Меѓународната циркулација на стоки и услуги, тука имаме намалување на трговскиот дефицит за 2%, пораст на девизните резерви, намалување на бројот на невработените и тн.

На што се заснова овој Предлог-буџет?

Макроекономските индикатори врз кои што се заснива овој Предлог-буџет и се предвидува да се реализираат во текот на 2006 година се во однос на следното:

Се предвидува во период јануари - декември 2006 година да има пораст на БДП за 4%, просечен процент на инфлација за 2%, трговски дефицит да се зголеми на 0,8% и, како што кажав претходно, тоа што е најзначајно се предвидува пораст на БДП од 4%.

Анализирајќи го посебниот дел на овој буџет во кој што се предвидуваат, во позиции и потпзиции приходите и расходите, може да дојдеме до констатации дека во споредба со приходите, предвидени со Ребалансот на Буџетот за 2005 година, за оваа година се предвидени буџетски приходи што во суштина се намалени, се предвидува намалување на општите приходи. Во контекс на ова посебно сакам да се осврнам на структурата, а посебно ќе се осврнам на даночните приходи, од кои што се смета дека се прави реализација во една значителна мерка на општите приходи.

Во контекст на структурата на даночните приходи, тоа што е најзначајно и што посебно се критикува од страна на опозицијата е тоа што се предвидува намалување на приходите од една даночна форма, како што е данокот на личните приходи, персоналните приходи и тоа за 2%.

Причините зошто се предвидува намалување на овој вид на даночни приходи, јас тоа не го гледам

во намалувањето на бројот на вработените во државната администрација, иако е евидентно дека оваа даночна форма, во начело се плаќа од вработените или од лицата кои засноваат работен однос. Но, не треба да се заборави еден факт дека даночен објект на оваа даночна форма се и другите приходи што се реализираат од други дејности: земјоделската, капиталните приходи, капитални придобивки и тн.

Во овој контекст би сакал да се надоврзам на тоа што го кажав претходно, дека не треба да значи ако се намалат приходите што можат да се реализираат од оваа даночна форма, дека е задолжителна да се намали и бројот на вработените во државната администрација.

Кај другите даночни форми се предвидува зголемување на јавните приходи од данокот на добивка и тоа во значителна мерка од 23,9%. Овој пораст, секако дека ќе се реализира од причина што јас ценам дека ние сепак создаваме правни предуслови, како што знаеме сите дека пред некое време од ова Собрание, тука помина првата фаза на Законот за данона постапка. Сигурно ќе дојде во втора фаза, па преку овој закон за даночната постапка се надевам дека ќе се создадат значајни предуслови во насока на реализација или пораст на приходите од оваа даночна форма.

Од друга страна, не треба да се заборави фактот дека данокот на добивка, како даночна форма се уплаќа од реализираната добивка од страна на одредени субјекти во една деловна година и засновано врз индикаторите што се претставени во Предлог-буџетот, што предвидуваат определен пораст на БДП. Ценам дека во оваа насока ќе има пораст на деловноста на определени субјекти, а преку тоа и даночната основа ќе се зголеми, тоа што се нарекува добивка и согласно со ова, секако ќе пораснат и реализираните приходи од данокот на добивка.

Секако, се предвидува и пораст на приходите на ДДВ за 7,6%. Овој пораст ценам дека ќе биде резултат на порастот на трансакциите меѓу одредени субјеки или промет на стоки и разни услуги, па од овој пораст, ценам дека ќе имаме и други пораsти од ДДВ.

Се предвидува пораст на приходи од акцизи, како што се посебни даноци во прометот што се плаќаат само за одредени акцизни стоки. Меѓутоа, во оваа можност сакам да нагласам дека со ова што е предвидено, мојата констатација е дека сепак, иако лично сум очекувал од страна на Министерството за финансии да се предложи измена на Законот за акцизите, со што повторно ќе може да се исклучат транспортните средства или колите од акцизите, меѓутоа ова што е предложено овде не остава да констатираме дека еден таков закон во 2006 година, секако дека нема да има, затоа што се предвидува пораст на приходите од акцизите од 9,6%.

Во овој контекст, освен реализираните приходи од персоналниот данок, данокот на персонални приходи каде што се предвидува намалување, такво намалување се предвидува и од приходите што се плаќаат во меѓународниот промет на стоки и услуги како што се царините. Ова, како што се кажува во образложението, се предвидува, значи овој пораст на реализираните приходи, се предвидува поради тенденцијата за намалување на царинските проценти.

Што се предвидува во областа на расходите? Во оваа област се предвидува пораст на трошоците во однос на платите или определени надоместоци за 3,5% и еден таков пораст, како што е кажано во Предлогот, е резултат не само на декомпресијата на платите, во согласност со измените што следеа во Законот за државни службеници, туку и продолжување во реализацијата на уставното начело, за правично и соодветно застапување на сите припадници, на сите етнички заедници. Посебно тоа што ме натера да ја нагласам оваа позиција во однос на платите е тоа што за прв пат оваа Влада, значи дека е една новина, ќе направи обид за вработување на најдобри студенти, со цел во оваа насока да се засилат капацитетите на државната администрација. Оваа новина треба да се поздрави како од опозицијата, така и од позицијата.

Тоа што посебно сакам да го нагласам кога се говори за расходите е тоа дека, секако, за жал исто така во овој сегмент ќе имаме пораст на расходите во однос на каматните уплати, нешто што јасно кажува дека Македонија е држава што од аспект на одредени обврски, каматни обврски може слободно да се нареди во редот на државите со голем товар. Лично, да ви кажам право, сум мислел дека треба да се зголеми буџетскиот дефицит од причина што сепак е фаза на транзиција, каде ќе требаше да се осигураат дополнителни средства за таканаречени капитални инвестиции.

Сепак, анализирајќи ги уште еднаш овие расходи во однос на каматните трошоци, сум го изменил моето размислување затоа што доколку се зголемеше буџетскиот дефицит и понатаму ќе се зголемуваше висината на каматните уплати, нешто што ќе предизвикаше дополнителна тежина и товар во иднина.

Освен во Фондот за магистрални и регионални патишта од аспект на тоа што е предвидено во Фондот, во буџетите, друг дефицит не е предвиден во ниту една друга форма.

За многу нешта е разговарано во однос на тоа дека ова е социјален или развоен буџет. Неспорен факт е дека, доколку се анализира внимателно делот во однос на економскиот развој, посебно приоритетните програми може да се констатира слободно дека оваа Влада размислува и за одреден капитален развој што е во однос на инфраструктурниот развој.

Кога го нагласувам ова прашање треба да го нагласам и прашањето во однос на предвидувањето да во иднина се предвидат таканаречени економски слободни зони, за што јас ценам дека претставуваат една од клучните причини за привлекување на директни странски

инвестиции. Во еден дел каде што се говори за непосредните странски инвестиции, на страница 30, се говори за привлекување странски инвестиции, но сепак не знам зошто во ниту еден дел од оваа Програма не е предвидено колкава е висината на инвестициите.

**Слободан Најдовски:** Ќе привршувате ли, со оглед на тоа што во 12,00 часот имаме пауза од 20-тина минути, заради доделувањето на наградата "Мито Хаџивасилев - Јасмин" во кристалната сала. Во ред, продолжете.

**Аднан Јашари:** Мислам дека требало да се дадат статистички податоци во однос на странските директни инвестиции заклучно со декември 2005 година.

Но, кога сум тука би сакал да го нагласам слениот факт дека овој Предлог-буџет има социјален карактер и тоа никој не може да го оспори. Сепак за да се направи развоен буџет оваа Влада направила максимални напори да создаде одредени предуслови за пораст на странскиот капитал или за привлекување странски инвестиции, од причина што сите знаеме дека само странските директни инвестиции можат да бидат фактор што можат да не отргнат од оваа постојна економска криза.

Мислам дека во оваа насока е работено многу, од причина што пред некое време донесовме Закон за едношалтерскиот систем, преку кој секако ќе се влијае врз привлекувањето странски директни инвестиции, бидејќи претпоставката за упис на субјекти, нема да биде толку долга. Ќе има можност, регистрирањето на одредени субјекти да се направи во краток рок.

Секако, имаше уставни измени поради што ќе следи и донесување на неколку закони, додека пак од друга страна, ако се има предвид настојувањето и тенденцијата на меѓународниот фактор за стабилизација на регионот, опфаќајќи го тука и решавањето на статусот на Косово е факт што не тера да цениме дека во 2006 година странските инвестиции, посебно сега, после стекнувањето со статусот земја кандидат, ќе бидат во многу поголема вистина и кога овие инвестиции ќе бидат присутни, секако и макроекономските индикатори за што говорев ќе имаат друг карактер. Кога ќе се сменат секако дека и карактерот на Буџетот ќе се измени од социјален во развоен.

Благодарам господине заменик претседателе.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Јашари.

Заради доделувањето на наградата "Мито Хаџивасилев-Јасмин" имаме 20 минути пауза.

Продолжуваме во 12,20 часот.

(Пратениците бараат пауза до 12,30 часот).

Толку е кажано дека приближно ќе трае.

Продолжуваме во 12,20 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,24 часот).

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот Игор Ивановски, но не е тука. Има збор пратеникот Драго Шајноски.

**Драго Шајноски:** Благодарам потпретседателе.

Веќе е извесно дека ова е последниот буџет што го носи овој состав на Парламентот. Од сега натаму многу нешта ќе бидат последни за овој состав и се така...

Немаме претставник на Владата господине потпретседател.

**Слободан Најдовски:** Го повикувам заменик министерот за финансии или министерот од Министерството за финансии.

Молам претставникот на Владата да влезе во салата.

Во ред, повелете господине Шајноски.

**Драго Шајноски:** Благодарам потпретседателе.

Веќе е извесно дека ова е последниот буџет што го носи овој состав на Парламентот. Од сега натаму многу нешта ќе бидат последни за овој состав и се така до последната седница. При тоа не е исклучено некоја обична седница да постане последна, а тоа ние да го сватиме одпосле.

Сега нешто за темата.

Многу луѓе, а за жал и министри Буџетот го разбираат како собирање и трошење на пари. За обичниот човек тоа е разбирливо ако се земе предвид дека таа функција на Буџетот е најблиска до народот и народот ја чувствува на своја кожа секојдневно. Но, за министрите тоа е недозволиво. Тие мора да знаат која е суштината на Буџетот, начинот на кој тој се крои и кои се неговите цели. Лично сметам дека Буџетот на државата и во суштина и по форма е сличен со Буџетот на едно семејство. Во двата случаи се води сметка за скоро исти функции само што бројките се различни по големина. Таа сличност оди до таму што за развој и двата буџети предвидуваат симболични суми иако знаат дека без развој не ќе можат долго да издржат, но сепак тоа го прават со што постануваат кога тогаш лоши домаќини односно државници.

Во воведот на Буџетот дадена е дефиниција за Буџет каде се вели дека тоа е урамнотежување на приходите и расходите. Таква дефиниција за Буџет и постапување по неа не е доволан ниту за водење на бакалница, а камо ли држава. Во оваа прилика не би сакал да навлегувам во бројките на овој Буџет и да се фатам во вашата мрежа да дискутирам за префрлање на пари од една во друга ставка, а при тоа да ја изгубам од вид суштината дека вака конципиран Буџет нема ништо длабоко и сериозно во него. За ставките и бројките сметам дека не можам да дискутирам, бидејќи немам доволно информации за состојбите во министерствата т.е. работите што ги водат и за кои одговараат тие министерства.

Уште во основи на економијата се учи дека произведените стоки и паричните средства во една економија треба да се во рамнотежа. Но, рамнотежните состојби ги карактеризира статичност. Во нив нема динамика. За да се

постигне динамика на системот било да е технички или општествено-економски потребна е енергија од надвор т.е. потребна е нерамнотежа на системот општа или барем локална во вид на флуктуации или пертурбации. Само нерамнотежата го изведува редот од хаосот т.е. нерамнотежата е извор на динамика над системот.

Значи, за да имаме успешна економија треба да се постигне процес на динамичка рамнотежа односно рамнотежа што ќе се стремиме да ја постигнеме т.е. континуирано ќе одржуваме нерамнотежа во системот, ќе одржуваме ред во системот.

Кои се тие фактори што во еден економски систем доведуваат до нерамнотежа? Тоа е она што требаше да каже министерот на почетокот на овој текст од Буџетот. Требаше да каже што презел во Буџетот за да предизвика нерамнотежа во економскиот систем, а со тоа и динамика на истиот т.е. развој на истиот. Ова што е дадено во Буџетот е статика собрано, потрошено, салдо нула, без нова вредност, без нови инвестиции.

Јас ќе се обидам да си одговорам на тоа прашање, бидејќи во Буџетот тоа не е кажано и мислам дека најбитен фактор кој доведува до нерамнотежа на економските системи се инвестициите и тоа домашни или странски. Како можеме да дојдеме до инвестиции? Може на многу начини, но во сите е заедничко едно, знаењето, работата, чесноста и довербата.

Значи во кратки црти ќе дадам мое мислење кои се тие фактори што можат да доведат до рамнотежа на еден економски систем.

Прво, ако ги намалиме даноците во Буџетот, фирмите ќе бидат во можност сами да инвестираат со што може да се каже дека ќе се појават флуктуациски нерамнотежи.

Второ, ако помалку трошиме за комфорот на власта, тогаш тие пари од Буџетот можат да се насочат кон изградба на инфраструктурни објекти во државата. Тоа е услов за нерамнотежа.

Трето, ако предвидиме поголем буџетски дефицит тоа ќе значи поголем развој т.е. општа нерамнотежа во системот и негово сигнификантно приближување кон напред.

Поголемиот дефицит може да значи помали даноци, а средствата потребни за покривање на тие разлики власта ќе ги покрие преку привлекување на странски инвеститори и кредитори кои, рековме, се извор на нерамнотежа во економскиот систем. Но, прашање е која власт може да го направи ова. Ова може да го направи само власт која знае да работи и знае што сака, а при тоа не е корумпирана. Таква власт ќе влева доверба во инвеститорите и банкарите, бидејќи тие ќе се убедени дека власта на време ќе си ги исполнува обврските кон нив односно на време ќе ги завршува проектите што ги започнала. За таква власт лесно е да предвиди поголем буџетски дефицит што ќе значи буре развој. Но, за оваа власт тоа е само теорија. Во оваа власт не веруваат ни домашните, а да не зборуваме за странските инвеститори. Оваа власт тоа веќе го знае и затоа во овој Буџет предвидува минимален буџетски дефицит, а се потпира воглавном на арачот од рајата, а не врз својата моќ, ум, стратегија и углед во светот.

Дека власта не е сигурна во себе се гледа од бројките во Буџетот по однос на прирастот на бруто домашниот производ за 2006 година. Така се предвидува 4% прираст на бруто домашниот производ и при тоа 3,8% е предвидено во првото полугодие, а 4,2% во второто полугодие, со образложение дека тогаш се очекувале инвестициите. По мое мислење ова е нелогично. Второто полугодие е извесно дека ќе имаме избори и сигурно тие ќе имаат негативно влијание врз инвеститорите. Ако власта беше сигурна што прави ќе го направеше обратното. Во првото полугодие ќе настојуваше да оствари 4,2% за во второто полугодие кога имаме објективни тешкотии да имаме 3,8%, а државата, независно од исходот на изборите, сепак да оствари 4% пораст на бруто домашниот производ независно од исходот на изборите. Со тоа и се помага на државата.

На крајот, за жал, можам да констатирам дека овој Буџет има само предизборна цел, а не развојна. При тоа не мислев дека е предизборен затоа што е социјален, туку затоа што во ставката за договорни услуги и друго има зголемување од неколку милијарди денари во споредба со предходната година. Тоа претпоставувам се пари за изборите т.е. за финансирање на коалицијата, бидејќи преку ставките услуги најлесно се манипулира со паричните средства.

Јас само ќе ви дадам податок од Буџетот. Вкупните расходи на Буџетот е предвидено да изнесуваат 26 милијарди денари. Од нив за договорни услуги е предвидено да се потрошат 17,1 милијарда денари, а има ставка - други тековни расходи 1,8 милијарди денари. Од овие расходи Централниот буџет во договорни услуги има намера да потроши 3 милијарди денари, а други тековни расходи 1,6 милијарди денари. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шајноски.

Има збор пратеникот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници.

Според министерот господинот Никола Поповски Македонија опстојува на вистинскиот пат, сите велиме дека економијата не оди, дека имаме проблеми во однос на инвестициите, инвестирањето, дека имаме проблем со нови работни места, дека имаме проблем со кредитирањето, меѓутоа, министерот за финанскии понатаму вели дека Македонија опстојува на вистинскиот пат. А кога е вистинскиот пат, тогаш јас сакам Македонија да излезе од тој вистински пат и да го најде навистина патот кој ќе

значи пат кон економските стандарди, економските показатели кои се присутни во земјите на Европската унија онаму каде Република Македонија се стреми.

Независно од годините кои се потребни и за кои зборуваше еден колега пратеник за да се доближиме до тие стандарди, Република Македонија треба многу побрзо да чекори напред затоа што основата од која поаѓа е многу ниска. Значи, македонската економија има многу ниски перформанси и она што ќе значи раст ќе значи раст од малку, а не раст од многу. Затоа, ако економијата на Република Германија расте за 2% тоа значи огромен раст затоа што нејзината економија е многу силна, а економијата на Република Македонија ако се планира да расте за 4%, тоа значи многу мал раст затоа што стапката на раст треба да биде многу повисока заради немоќта или нискиот бруто домашен производ кој го има Република Македонија.

Меѓутоа, независно од вистинскиот пат за кој ни зборува министерот за финансии, сакам малку да се задржам на светлата 2006 година која ни претстои, согласно проекциите во Буџетот и согласно оценките кои ги имаме од Министерството за финансии односно од Владата на Република Македонија. Така граѓаните на Република Македонија во 2006 година ќе бидат многу среќни затоа што ќе имаат ист раст на производството на бруто домашниот производ колку што имаше оваа година. Значи, нема да имаат ништо повеќе од она што имаше оваа година раст, а тоа е создавање на основи, согласно информацијата или Експозето на министерот, создавање на основи за поголем раст на македонската економија.

Фискалната дисциплина ќе биде зголемена со тоа што ќе се зголеми приходот од даночните приходи кој треба да биде зголемен за околу 5,7 или 6,7% во однос на минатата година односно во однос на 2005 година. Ова значи дека во 2005 година Владата можела да собере 6,7% повеќе даночни приходи одколку што собрала. Прашањето е дали тие 6,7% за кои министерот вели дека ќе бидат повеќе собрани како даночни приходи во идната година не се даночна евазија која е произлезена од разни пирамиди, од различни сиви економии, од неконтрола на царинските органи итн.

Значи, овие одговори кои требаше да ги добиеме од Владата требаше да ги добиеме во однос на она што таа не го направила оваа година и тоа што треба да го направи идната година. Меѓутоа бројките се, како што милува да каже претседателот на Собранието господинот Јордановски, весела математика за оваа Влада, па затоа таа не зборува за бројот на вработени, или за нови вработувања, туку зборува за намалување на бројот на невработени. Таа не вели колку вработени во Република Македонија не зеле плата повеќе од три месеци, колку од тие вработени немаат платено придонеси над година, две, три години и повеќе, сега слушав една информација дека во една фирма четири години не се плаќаат придонеси, а 14 месеци немале земено плата. Меѓутоа, тие лица ги води оваа Влада за вработени затоа што не ги исполнува обврските кои произлегуваат од македонските закони, а тоа е дека вештачки држи некаква социјална несигурност, несигурност, несигурност на оние лица кои се наоѓаат во една ваква ситуација односно работат во фирми кои фактички економски не функционираат, меѓутоа, се водат како вработени во тие фирми, а од друга страна има огромни проблеми кои се однесуваат на одјавувањето на тие вработени затоа што државата не ги одјавува, со оглед на фактот дека не им се платени придонесите еден подолг временски период и тие се соочуваат со неможност ниту да се вработат на друго место, бидејќи на тој начин ќе ја изгубат можноста да им се признае работниот стаж кој требало работодавачот да им го плати во претходниот период.

Министерот за финансии вели дека оваа година односно наредната 2006 година, годината што предстои ќе имаме исто така ниска стапка на инфлација, како што имаше и оваа година. Значи, до 2% наредната година, а оваа година, според сите показатели таа стапка на инфлација изнесува 0,7% што е под очекуваното односно под она што беше проектирано во макро-економската политика на Владата на Република Македонија за оваа година. Тука нема ништо поразлично од она што го гледавме до сега во оваа година или во сите предходни години на владеење на оваа власт.

Понатаму намалување на невработеноста е уште еден сегмент или елемент на розовата слика која ја дава министерот за финансии. Тој вели дека сега има 365 илјади невработени што претставувало за 29 илјади помалку од јануари 2005 година, а 9.500 помалку од ноември 2002 година. Овде му доаѓа на човек да се праша зарем Владата тргнала во правецот на исполнување на своите предизборни ветувања. Зарем овие 9.500 што ги намали невработени уште 140 илјади да ги намали и на тој начин ќе го исполни предизборното ветување за намалување на вработеноста за 150 илјади лица или не сака да го каже тоа на поинаков начин односно дека тие лица ќе бидат надвор од евиденцијата во Агенцијата за вработување.

Кога зборуваме за нови работни места не можеме да зборуваме за нови вработувања, за отворање на реални нови работни места кои што ќе значат нови, односно, кои што бараат претходно нови инвестициони вложувања, односно директни или индиректни инвестиции кои што ќе значат отворање на нови производсствени и други капацитети и кои што ќе значат реален развој на македонската економија. Никаде ништо не се спомнува за странските директни инвестиции како основен предуслов, не само странските, зборувам и домашните, затоа што и странските директни инвестиции во Република Македонија се повеќе заличуваат на странски инвестиции од домашни

субјекти кои што доаѓаат од разни острови, незнам кои Маршалови острови. Читав еден податок во кој што вели дека 16,5 милиони долари, ако се сеќавам добро, дошле од Маршаловите острови како инвестиции во Република Македонија, за првите 6 месеци од оваа година. Значи, овие се странските директни инвестиции кои што доаѓаат во Република Македонија и овие треба да преставуваат основа за развој на економијата во оваа држава. Меѓутоа, независно од тоа, сметам дека кога зборуваме за намалувањето на невработеноста треба да зборуваме на поинаков начин , треба да зборуваме за зголемување на вработеноста, односно за отворање на нови работни места. Тој податок е многу битен. Не колку си избришала Владата од Агенцијата за вработување од евиденција туку колку нови работни места во Република Македонија се планира да се отворат во наредната година, колку нови работни места се отвориле оваа година и на кој начин функционираат економските субјекти, компаниите во Република Македонија со каква поддршка од Владата. За тоа подоцна ќе зборувам. Меѓутоа сакам само да истакнам дека овој пристап кој што го имаше министерот за финансии не преставува ништо друго, туку весела математика со бројките во однос на невработените. Затоа што, ако е така како што вели министерот дека зголемувањето, значи ако е исто намалувањето на невработеноста и зголемувањето на вработеноста, тогаш јас не гледам од каде произлегува зголемувањето на сиромаштијата во Република Македонија, затоа што тие лица кои што не се водат како невработени, ако се вработени земаат плата, а тоа значи дека нивната социјална сигурност е зголемена и дефинитивно тоа ќе биде битен фактор во намалувањето на степенот на сиромаштија во Република Македонија каде што за целосна сиромаштија според официјални подтоци изнесува 23%, а 38%, или близу 40% е делумна сиромаштија, значи тоа е буквално еден огромен процент од населението во Република Македонија кое што директно се соочува со егзистенцијални проблеми, со проблеми кои што удираат врз основната егзистенција, врз опстанокот на тие луѓе.

Потоа, министерот вели дека во наредната година ќе се зголеми урамнотеженоста помеѓу увозот и извозот што во превод значи дека во 2006 година извозот ќе порасне за 31%, а увозот за 21%. И овде постои една мала игра со бројки, затоа што знаеме дека износот на средства кои што претставуваат вредност на стоките што се увезуваат во Република Македонија е многу поголем од оној, од вредноста на стоките кои што се извезуваат од Република Македонија, што дефинитиво значи дека 31% зголемувањетона извозот во нето бројки во вредност треба точно да се каже што значи тоа. Затоа што тие бројки ги има Министерството за финансии сигурно. И сметам дека овој однос е многу битен фактор, затоа што вредоста на извезената стока во однос на вредноста на увезената стока во Република Македонија може да ни даде некое позначајно, или пореално согледување на извозната активност на македонската економија во смисла на подобрување на тој соднос, или на таа усогласеност помеѓу извозот и увозот.

Намалување на каматните стапки, тоа е она што беше една од фалбите на министерот за финансии и тој се пофали дека во јануари о.г. 10% биле каматите на благајничките записи, а сега тие камати биле паднати дури на 8,5%. Јас ќе прашам, а колкави се каматите кои што ги даваат банките за кредитирање на компаниите, на фирмите во Република Македонија? Дали тие воопшто ги насочуваат своите средства во кредитирање на овие фирми, на овие компании. Дали банките имаат поголема сигурност и поголем интерес да вложуваат во благајнички записи и Народната банка на таков начин да го штити курсот на денарот, или пак да вложуваат во економијата што ќе значи реален пораст на економските движења во позитивна насока во оваа држава. Значи, министерот за финансии наместо да излезе и да каже дека еден од условите во Мастрихт кој што го кажува само еден, меѓутоа тој е најважниот услов по мое мислење, затоа што условот Република Македонија да влезе, или да биде блиску до Европската монетарна унија претставува и тоа каматите на кредитите кои што се даваат, долгорочните кредити да не бидат повисоки од 2% од каматите кои што се во трите последни земји во Европската унија. Ако е тоа така, тогаш ние со овие каматни стапки кои што се однесуваат не на кредитирање на компаниите, туку на камати на благајнички записи кои што ги издава Народната банка на Република Македонија, тоа дефинитивно значи дека она што се презентира овде пред овој Парламент не претставува ништо друго, туку начин на финансирање на државните функции на оваа држава со максимално притискање на компаниите, фирмите, граѓаните во смисла на зголемување на собирање, или прибирање на даночните давачки од една страна и од друга страна реално согледување на сиромаштијата во која што се наоѓа не само македонскиот граѓанин, туку и македонската економија. Затоа што факт е дека оној кој што нема мможности да инвестира, кој што нема поддршка да инвестира од страна на банките, кој што нема мерки од страна на Владата, фондови за мали и средни претпријатија, или некои други форми кои што ќе значат школа за менаџери на пример, или некои други инвестиции во однос на образованието на определени кадри, или поттикнување на одредени области од индустријата кои што навистина значат можност за конкуренција на тие индустриски производи на светскиот пазар, немаме стратегија која што ќе значи насока за подобрување на македонската економија на нејзината конкурентност и на остварување на нови инвестициони зафати во тој дел. Меѓутоа, и покрај сите овие работи кои што се наведени, сепак министерот за финансии како последен елемент кој што го кажа во своето

експозе вели дека во наредната година ќе има интензивирање на економскиот раст во македонската економија и тоа ќе се случело преку обезбедување на согласност на сите фактори кои што ќе доведат до структурни промени во македонската економија, до реформи. Значи, согласноста која што треба да постои помеѓу сите фактори во Република Македонија, зборувам фактори и од областа на економијата, стопанството и од областа на политиката и сите оние други фактори кои што можат да извршат влијание во овој правец, согласноста помеѓу нив е основната цел која што ќе значи интензивирање на економскиот раст во Република Македонија. Тоа дефинитивно значи признание од страна на министерот за финансии дека во наредната година не не чека ништо друго, освен ист буџет, иста состојба како оваа година. Единствено нешто што ќе биде различно, тоа се Парламентарните избори и тоа се средствата наменети за Парламентарните избори и тоа се средствата кои што треба да се насочат како покажување на некаква активност, или подобрување на економската клима во Република Македонија за да се остави впечаток пред гласачите за добивање на гласови.

Сите овие податоци кои што ги има тука во Буџетот кои што се однесуваат на приходите, значи вкупните пари кои што треба да ги потроши Владата на Република Македонија заедно со фондовите, со сите оние институции кои што се во склоп на државните институции изнесуваат во вкупен обем 1,7 милијарди евра, или близу 105 милијарди денари. Планираните приходи кои што оваа Влада сака да ги обезбеди се 103 милијарди денари од кои 57 милијарди се од даноци што е како што кажав 6,7 % повеќе во однос на оваа година.

Она што загрижува е обемот на капитални расходи кои што се планирани во износ од 11,5 милијарди денари, тоа е навистина многу мал процент 11% од вкупните расходи во овој буџет, или 4% од планираниот бруто домашен производ, а капиталните расходи претставуваат директна можност за помош, или интензивирање на економската активност во Република Македонија со изградба на инфаструктурни и други објекти кои што значат поттикнување на економската активност во државата. Меѓутоа, како што е познато и како што знаеме и во досегашниот период е потврдено политиката на штедење не претставува политика на економски раст, не претставува политика на поддршка на економијата, политиката на штедење дефинитивно ги намалува и можностите за полнење на Буџетот, со тоа што единствена цел, или сидро како што се нарекува е зачувувањето на курсот на денарот и избегнувањето на ризиците од инфлација во Република Македонија дефинитивно значи само продолжување на аранжманите со ММФ, а не значи никаква друга поддршка која што ќе значи подобрување на состојбите во економијата во Република Македонија. Она што сакав да кажам еден податок што ми остана во сеќавање, а кој што навистина е многу значаен, тоа е висината на учеството на државата во полнењето на Буџетот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, тоа е околу 30% и тоа е еден од оние параметри, или податоци кои што зборуваат за тоа дека во Република Македонија полнењето на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија не може да се подобрува, или да го издржи економијата, односно економските субјекти кои нормално се должни да ги плаќаат тие придонеси. И тука сметам дека Владата прави повеќе грешки во тој правец, затоа што индиректно, или директно може да се каже, можеби го поттикнува вработувањето на црно, впрочем и самата Влада со договорите за дело кои што ги практикуваше и сеуште ги практикува во одредени институции дефинитивно признава дека придонесите и регулирањето на состојбите во областа на пазарот на трудот не се на тоа ниво на кое што треба да биде една сериозна Влада која што се залага за реформи во овој дел. Овде сакав да истакнам дека придонесите од плата кои што ги плаќаат работодавачите изнесуваат околу 70% од платата на работниците и тоа навистина претставува еден огромен процент кој што многу тешко може да го издржи било кој работодавец. Тоа дефинитивно значи, поттикнување на можноста вработување на црно, а од друга страна не преземањето на мерки единствено имаме како последица обвинување на трудовата инспекција дека недоволно е активна во поглед на откривањето на вработените на црно и на тој начин само се префрла проблемот од една на друга институција, од Владата на една институција која што исто така е формирана од страна на Владата. И од тие причини сметам дека и уплатата на придонесите, односно полнењето на Буџетот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување директно трпи удари поради овие причини. Секако ова не е од денес, ова се провлекува долги години station наназад, за тоа сум свесен. Меѓутоа, мислам дека Владата е таа која што мора еднаш да тргне во правец на средување на состојбите во оваа област, а не заради одредени политички, или некои други интереси да трпи одредени состојби кои што се на штета на државата.

Она што сметам дека треба да се каже, или да се препорача на Владата би било следното. Прво, мора да се преземат мерки во однос на подобрување на ликвидноста на стопанството. Значи, неликвидноста на стопанството претставува еден од најгорливите проблеми. Ако тука се додаде тоа дека државата е најголемиот должник на македонските компании, тоа дополнително ја комплицира оваа ситуација. Затоа решавањето на овој проблем не знам на кој начин би бил, можеби некоја мултилатерална компензација, или некакви агенции за наплата, или некои други мерки, меѓутоа она што треба многу брзо да се спроведе, тоа е реформата во судството која што претставува еден значаен и битен сегмент во намалување на овој проблем.

Понатаму, високите камати на банкарските кредити кои што претпоставуваат барања за огромни хипотеки, селективниот пристап на банките во одобрувањето на кредити, исто така е една од главните пречки со кои што се соочуваат компаниите во Република Македонија. Тука секако големо влијание имаат каматите на благајничките записи, она за што зборував претходно. Сметам дека кога би биле помали каматите, вишокот на пари банките би морале да го насочат кон кредитирање на бизнисот. Во однос на тоа сметам дека Владата може да направи чекор кон подобрување на состојбите со кредитирањето на малите и средни претпријатија со гарантни фондови кои што нема да бидат под државна, или под партиска капа, туку ќе бидат навистина насочени во правец на поддршка на малите и средни претпријатија.

Она што го кажав претходно, не сакам да го повторувам во однос на давачките од плата.

Потоа промоцијата на македонската економија во странство исто така е значаен дел на кој што Владата треба да посвети внимание. Тука секако треба да се посвети посебно внимание на промоција во големите бизнис центри во светот. Потребата од кадар, соодветен кадар кој што ќе го продуцира македонскиот образовен систем исто така е значајна болка на македонските компании. Тука секако е неопходно формирање на образовни институции кои што ќе значат нови образовни програми, доквалификација, прекфалилфикација итн., што ќе значи подобрување на можноста за користење на работна сила од страна на компаниите. Владата треба да одреди неколку индустриски гранки кои што ќе можат да го издржат притисокот на светската конкуренција и тие да имаат приоритет во економските активности на Владата, да се спречи селективниот пристап во спроведувањето на законите и со тоа да не се делат фирмите на големи и мали спрема кои што се спроведуваат законите, или не се спроведуваат, туку сите фирми да имаат подеднаква позиција на пазарот и во однос на државната администрација и во однос на сите институции на системот. Царината треба да биде многу пофлексибилна. И, конечно очекуваме на почетокот на јануари после новогодишните празници да се воведе едношалтерскиот систем кој што ќе з начи подобрување, или намалување на потребните денови и време воопшто за отворање на нови бизниси и спречување на спороста, или намалување на спороста на државната администрација. Секако посветување на посебно внимание на создавање на нови менаџерски школи, или менаџери кои што ќе бидат оспособени да се справат со конкуренцијата на пазарот и да ги водат овие компании во насока на нивна зголемена извозна активност. Затоа што факт е дека само на таков начин Република Македонија може да очекува зголемујвање на економските перформанси.

Земјоделието е посебна приказна. Тоа беше спомнувано скоро во сите дискусии до сега и не сакам да се повторувам, но сакам да кажам дека она што на времето го спомнуваше еден од претходните премиери, господинот Хари Костов во однос на тоа дека државата нема никаква потреба да се меша во оваа област, јас само ќе ја потсетам Владата околу што беше најголемиот спор во договарањето околу Буџетот на Европската унија. Токму тие субвенции што ги има и Република Франција и Република Полска во областа на земјоделието, а Република Македонија дефинитивно ќе треба да учи од овие земји како треба да се има една изградена политика во областа на земјоделието, која ќе значи поддршка и поттикнување на лицата за она што навистина значи единствена шанса или можност за намалување на социјалните тензии во Република Македонија.

Да не должам многу, сметам дека овој Буџет, ако го земев стенограмот од минатиот Буџет и она што го кажувавме тогаш и сега истото да го кажевме немаше ништо да се згреши. Значи нема апсолутно никакви промени во однос на она што беше во 2005 година, граѓаните на Република Македонија не треба да очекуваат ништо повеќе од она што го видоа оваа година во наредната година. Сметам дека како што ја укина корупцијата во Република Македонија министерот за финансии, сега со експозето во однос на овој Буџет го прогласи завршувањето на македонската транзиција и тоа дефинитивно значи знак или однос кој што го има Владата, а кој што треба сите нас да не загрижува, затоа што свеста која што ја имаме не треба да биде насочена со декрети да се решаваат проблемите, туку реално, вистински да се има волја, сила, ангажман и за борба против корупцијата и за борба против организираниот криминал и за борба против сиромаштијата и за надминување на проблемите во судството и за надминување на проблемите со државната администрација и за сите оние зафати кои ќе значат нови структурни поставености во македонската економија и навистина да тргнеме во еден правец кој ќе ни овозможи добивање на датум за преговори со Европската унија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Стојаноски.

Прво да ја слушнеме репликата.

Господине Бислимовски, повелете, имате три минути реплика.

**Ристе Бислимовски:** Благодарам претседателе.

Внимателно го слушав колегата Стојаноски и нема да се впуштам во оценка на сите негови укажувања, меѓутоа, тој изнесе една погрешна теза и погрешно објаснување во врска со покривање на дефицитот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување од страна на Буџетот на Република Македонија. Не е покривање на дефицитот така како што го изнесовте колега Стојаноски, туку Собранието на Република Македонија кога носи закони определува и права.

И да ве потсетам, со закон определни се одредени погодности на одредени групи осигуреници како што се: припадниците во Одбраната, вработените во Министерството за внатрешни работи, а уште од порано се погодносите за учесниците во Народноослободителната и Антифашистичка војна на Македонија, потоа борците за самостојноста и самобитноста на Република Македонија и се разбира тие погодности во пензиите треба да се покријат со средства. Токму тие средства се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и затоа се прелеваат, односно префрлаат во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Значи тезата ви беше погрешна колега Стојаноски. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Вие господине Стојаноски не се согласувате, затоа имате една минута контра реплика.

**Блаже Стојаноски:** Не, само сакам да го истакнам фактот што во Буџетот кој се предлага 90% се средства наменети за исплата на плати, социјални надоместоци и други надоместоци за 70 илјади вработени во државната и јавната администрација, за вработени во други државни институции и за социјални трансфери како што се нарекуваат. Ова што го кажа колегата, тоа е само начинот на кој се префрлаат тие средства, меѓутоа, факт е дека Буџетот учествува со 30% во финансирањето на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. На кој начин, за кои намени, тоа е друго прашање.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Има збор заменик министерот за финансии. Но ова е збор или реплика?

**Максуд Али:** Дел реплика, дел збор.

**Љупчо Јордановски:** Ако сте за три минути, ќе ја сметам за реплика.

**Максуд Али:** Добро, не е проблем. Навистина нема потреба, бидејќи цело време пратеникот Стојаноски го спомнуваше министерот за финансии, јас немам потреба да го бранам министерот. И самиот министер нема потреба никој да го брани, но и во говорот на некои пратеници се стекнува впечаток дека се сомневаат во бројките. Одговорно треба да се каже дека нема место за сомневање во бројките, бројките се тие, а цело време се зборува за бројките на невработените и стопанскиот раст во Македонија.

Последниве три години во јавноста се зборува дека имаме 400 илјади невработени лица. Кога почна бројката да се намалува некој е незадоволен. Зошто, нема потреба да се каже, но факт е дека последната Влада со бројката од 374 илјади невработени почна со работа и стигнавме до бројката 365 илјади, а факт е дека 1998 година имавме 256 илјади невработени. Значи целта ни е и таа бројка, но кога се зборува за невработени факт е дека цело време од постоењето на Македонија невработеното лице носи некои бенефиции. Затоа, во наредниот период ќе се работи на ова, а ова не значи бенифициите да им се скратат. Навистина тие што се невработени треба да ги имаат тие бенифиции. Кога се работи за стопанскиот раст, во последно време во Македонија, ова навистина не е весела математика на бројките, како што истакна и пратеникот. Весела математика не е затоа што во континуитет од неколку години наназад имаме континуирано стопански раст, а до 2003 до 2006 година тој е со цирка 15%. Навистина ова треба да го прифатиме и во наредниот период полека но сигурно да имаме раст во нашата економија.

Што се однесува до буџетскиот дефицит, факт е дека одделни пратеници одат со повисок буџетски дефицит, но треба да се знае дека и уделот на министерот треба да се прифати и ние одиме со една ваква политика на буџетскиот дефицит. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Да, бројките се точни но на некои не им се допаѓаат.

Затоа, господине Стојаноски имате три минути реплика.

**Блаже Стојаноски:** Јас не зборував за министерот за финансии, туку за експозето на министерот за финансии и затоа го спомнував цело време како министер кој што е претставник на Владата во однос на предлагањето на Буџетот затоа што сите овие податоци и бројки кои што ги добивме, ги добивме во неговото експозе и во Буџетот кој ни беше доставен на нас како пратеници. Тоа е едно.

Второ, ако зборуваме за намалување на бројот на невработени, основно прашање е зошто не зборувате за зголемување на бројот на вработени, зошто не зборувате колку нови работни места се отворени во Република Македонија. Тоа е поврзано и со инвестиции во економијата. Зошто признавате дека инвестициите во економијата се мали, а велите дека имаме намалување на невработеноста. Тоа е нелогична рбота, јас за тоа зборувам, јас не зборувам за неточноста на вашите податоци, колку сте избришале од евиденцијата во Агенцијата за вработување. Вие сте избришале, сте можеле и повеќе да избришете, но тоа не значи зголемување на вработувањето во Република Македонија. Тоа дефинитивно значи однос на Владата кој претставува игра со бројки, тоа е одраз на реалните состојби во економијата и на пазарот на трудот, се разбира. Тоа е она што сакав да го кажам и затоа сметав дека не треба на народот да му се претставуваат бројки кои се нерелани, затоа што тој знае, знае колку е сиромашен, знае колку може и колкумина се имаат вработено и каде се имаат вработено, знаете колку го намаливте бројот на невработени во државна и јавна администрација, затоа што имавте некакви обврски и по кој принцип тоа го направивте: ги испуштивте оние што беа вработени од 1998 до 2002 и остана се исто како што беше. Тоа е она што се случи. Јас зборувам за тоа. 71 илјада беа лица кои беа под буџет финансирани по основ на плата, сега се 70

илјади, значи сте ги намалиле за околу 900 лица. Сега ќе речете да, ние вработувавме од етничките заедници затоа што мораше да сње реализира рамковниот договор. Тука имаше еден министер на една од претходните седници кој кажа дека 34 илјади лица отпуштиле од државната и јавната администраија, а имате иста бројка колку што имавте и 2002 година. За какви реформи зборувате? Значи она што треба да се прикаже, тоа е да се прикаже реалната состојба и да се направи план, програма, проект врз основа на кој треба да се работи и да се постигнат оние реформски задачи кои мора да ги имаме како основна цел во оваа држава. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Нема веќе реплики.

Госпоѓо Костадинова, имате збор, повелете.

**Емилија Костадинова:** Благодарам.

Почитуван претседателе, господа претставници на Министерството за финансии, колешки и колеги пратеници,

Еве по четврти пат овој парламентарен состав има за задача да го донесе Буџетот на државата за наредната година, што е вообичаено на крајот од годината што изминува. Голема, тешка и одговорна задача, имајќи предвид дека истиот како инструмент на макроекономската политика треба да задоволи многу барања, многу потреби и многу цели, а пред се социјални, реформски и развојни.

Веднаш на почетокот на мојата дискусија ќе истакнам дека Буџетот на Република Македонија за наредната 2006 година е одраз на реалноста и на вистинската можност на домашната економија за финансирање на јавната потрошувачка преку контролирана и рационална буџетска политика на јавните приходи и расходи. Таа пред се е насочена за задоволување на понапред наведените три компоненти.

Владата оваа година ни нуди концепција на Буџетот креирана согласно новиот Закон за буџетите што го донесовме оваа година во овој собраниски состав. Јас ќе нагласам дека ја давам својата поддршка на ваквата концепција на Буџетот затоа што сум гласала за тој Закон и бидејќи ни се нуди еден модерен транспарентен и консолидиран буџет. Сега неговата концепција е согласно новите процедури за изгласување на Буџетот, кој во себе ги вклучува и буџетските програми на буџетските корисници и програмите на Владата за еден среднорочен период, што е позитивно од аспект на тоа и Владата и буџетските корисници за еден иден период да ги искажат своите стратешки цели и приоритети, а Министерството за финансии да ги има предвид при изработката на концепциите на идните буџети, при што се овозможува и поголема транспарентност и поголема контрола во насочувањето и трошењето на буџетските средства. Притоа ќе нагласам дека и ние како претставници на народот во законодавниот дом сакаме да дадеме свој придонес во смисла на креирање и реализирање на некои потреби и барања од срединиите од кои доааме. Сакаме во проекциите на Буџетот да се вметнат како приоритетни некои решенија, пред се инфраструктурни, комунални и слични барања и потреби на граѓаните, кои локалната самоуправа не може да ги реализира. Притоа, секако сме свесни дека Буџетот не може да биде реализатор и катализатор на сите барања и потреби што преку амандмани поединечно ги посочуваме. Свесни сме дека македонската економија е мала, потребите се поголеми од можностите, но и дека не е "грев" ако го кажеме тоа што сметаме дека како барање и потреба треба да го истакнеме за да се има предвид ако не во овој, тогаш во некој иден период. Па нели затоа нагласивме дека правиме стратешки и среднорочни приоритети.

Од она што ни е дадено во образложението на Буџетот и од воведното излагање на министерот на вчерашната собраниска седница можеме да заклучиме дека макроекономските движења во Република Македонија во годината што изминува се попозитивни во споредба со 2004 година, со која ја споредуваме оваа сега.

Почитувани колеги, моите размислвуања се насочени кон тоа дека една тешка година од транзициониот период ќе ја завршиме со попозитивни показатели од претходната и дека со нескриен оптимизам се пристапило кон изработка на буџетската рамка за наредната 2006 година. Како што повеќе пати сме потенцирале, и овој пат не можеме да го одбегнеме фактот дека како комисии и како Собрание не можеме да имаме одредено влијание во креирањето на буџетската политика. Причината е во тоа веќе потенцирано што околу 85% од структурата на расходите се однапред детерминирани, однапред определени со презмени законски договорни обврски за кои и самите сме придонеле со донесување на законски проекти било во овој собраниски состав, било во некој од претходните состави. Така, најголема во структурното учество е ставката на плати со 39%, каде не можеме да имаме многу влијание и да менуваме.

Второ, во вкупните расходи за социјални надоместоци се резервирани 30% затоа што и нив не можеме да ги избегнеме за да се заштитат социјалните слоеви од населението.

Трето, за материјални расходи и субвенции се троши 23% од вкупните расходи, за камати по кредити што ги користи Република Македонија резервирани се вкупно 5% од расходите и за расходи за единиците на локалната самоуправа односно трансфери донив износ од 3%. Тоа е глобално структурата на расходниот дел.

Почитувани колеги, она што на сите нас ни е неостварена желба Буџетот да има понагласена развојна компонента, постепено и сигурно ќе се остварува. Јас верувам во тоа, но се разбира откако ќе се надминат сите транзициони и структурни реформи и откако ќе завршат овие процеси што ангажираат голем дел од буџетските расходи. За оваа намена сега во Буџетот се предвидени 10 милијарди и 300 милиони денари,

што претставува скоро 11% од вкупните расходи и не се согласувам дека ова е предизборен маркетинг, како што беше кажано вчера во една дискусија и дека се планира само изградба на селски патчиња. Впрочем, во образложението дадени се намените за кои ќе се потрошат овие средства, треба само да ги прочитаме.

Ова што сега го изнесов го поткрепувам со фактот и показателите што ни се презентирани, а што веќе во претходните дискуии беа кажани, за порастот на бруто домашниот производ за 3,8%, порастот на индустриското производство од околу 7% што се очекува да се оствари до крајот на оваа година што изминува. Притоа, тука е битно да истакнеме дека околу 70% од индустриските дејности бележат пораст, а опаѓање е забележано само во дејноста на градежништвото, но од познати причини на намалена инвестициона активност. Скромно но сепак позитивно.

Позитивна тенденција и во домашната економија се забележува и во порастот на извозот на стоки за околу 27%, при што порастот на увозот е помал за околу 10% и изнесува 16%. Притоа комулативната стапка на пораст на извозот во изминатите 3 години е 75%.

Тоа што повеќе пати со години наназад се потенцира како најтежок проблем во домашната економија, а тоа е високиот број на невработени лица и тука имаме бавни, но позитивни промени кон кои водат кон намалување на бројот на невработени лица, а со самиот тој факт намалување и на стапката на сиромаштијата.

Факт е дека последниот податок покажува дека во месец септември 2005 година без работа се евидентирани 366.587 лица за разлика од 2004 година кога највисокиот износ на невработени лица беше регистриран 395 скоро 360.000 лица. Значи, споредба со овој податок кога сме имале највисок број регистрирани невработени лица бројот на евидентирани лица во Агенцијата за вработување бележи намалување за 29.000 лица.

Имајки предвид дека појдовната база за концепцијата на буџетската политика за 2006 година е скромна, но сепак позитивна, притоа незаборавајки го лимитирачкиот фактор дека 85% од буџетските расходи се однапред детерминирани станува јасно дека креативноста и новите потреби мора да се смалат бидејки приоритет имаат веќе стекнатите и утврдени законски права за кои што најнапред мора да се резервираат буџетски средства.

Во Буџетот за 2006 година проекциите на основните економски параметри во многу не се разликуваат од остварувањата што се очекуваат оваа година, затоа некои од дискусиите и во собраниските комисии и од стручната јавност беа насочени кон тоа дека овој Буџет е ист како претходниот или претходните. Јас лично со тоа не се согласувам.

Бидејки тоа на друг начин не можеме да го илустрираме неопходна е презентацијата на презентираните стапки за 2006 година за да уочиме дали има разлика или не.

Во 2006 година реално се очекув апораст на бруто домашниот производ за 4%, оптимистички и повеќе после добиениот статус, при што кумулативната стапка на пораст за 4 години би изнесувала околу 15%. За мала економија, како што е нашата, економската ова и не е така лош кумулативен пораст.

Компарирајки ги стапките на пораст во земјите што пред нас станаа кандидати за Европската унија, на пример Бугарија, Хрватска, Романија, кои што не се многу повисоки, дури во одредени години и негативни пред добивањето статус на земја кандидат, а по добивањето на тој статус бележат повисока стапка на пораст на бруто домашниот производ поради повисокиот влез на странски капитал. Да очекуваме дека оваа закономерност од праксата кај овие земји ќе се потврди и кај нас.

И понатаму како граѓани можеме да бидеме мирни бидејки во политиката на цените не се очекуваат некои големи потреси, промени, скокови што влијае психолошки кај населението. Значи, ќе се води политика на ценовна стабилнсот при што стапката на инфлација би се движела околу 2% за разлика од сегашната која се очекува до крајот на годината да биде некаде околу 1%.

Ваквите предвидувања односно зголемвуања на стапката на 2% што се планира за наредната година се проектирани поради очекуваниот пораст на цената на електричната енергија после продажбата на ЕСМ и поради очекуваниот пораст на цената на нафтата на светските берзи, што се разбира дека не зависи од нас.

За постигнување на планираната стапка на раст и за 2006 година се планира повисок извоз на стоки од домашната индустрија, при што проекцијата на стапката на извоз е планирана на 7,6% значи некаде 8%, но притоа стапката на увозот на стоки е планирана високо над оваа за 1% и некаде околу 8,5%, при што дефицитот на трговската сметка ќе изнесува 20% од бруто домашниот производ.

Потенциравме дека во годината што изминува постигнавме видна макроекономска стабилност, што е солидна подлога сега Владата преку проектираниот Буџет да оди во насока на забрзување на економскиот развој, а со самото тоа конечно и намалување на бројот на невработени и стапката на сиромаштијата.

Она што и досега беше карактеристично за оваа Влада ќе продолжи и понатаму, а тоа е рационалното трошење на буџетските средства. Тоа е очигледно бидејќи се потенцира на сите комисиски расправи дека се скратени буџетските средства по пооделни области, на пример за земјоделите, за здравството, културата, евроинтеграциите и т.н и т.н, но јас имам разбирање за сето тоа.

Уште на почетокот спомнав дека концепцијата на Буџетот за оваа година е видно изменета во споредба со претходните буџетски рамки што ги имаме разгледувано. Тоа впорчем го објасни министерот за финансии потенцирајќи дека овој Буџет е изготвен под принципот на западноевроспките буџети односно како централен или владин буџет кој може да го инкорпорира Буџетот на донации, на заеми, самофинансирачките активности, како и буџетите на вонбуџетските фондови односно Буџетот на Фондот за пензиско инвалидско осигурување, Буџетот на Фондот за здравствено осигурување, Буџетот на Фондот за магистрали и регионални патишта и Буџетот на Фондот на Агенцијата за вработување.

Концепирајќи ги сите нив во една целина увидот е секако поедноставен.

Централниот Буџет на Република Македонија за 2006 година во приходниот дел веќе е познато дека ќе изнесува 103.167.000.000 денари со отстапување од 2% во споредба со очекувањата за 2005 година. Тоа навидум е незначително искажано во процент, но апсолутната бројка изнесува 2.104.000.000 денари помал проектиран прилив на средства односно помалку приходи. Тоа отстапување се јавува како резултат на 3% изфвојување што од персоналниот данок на доход оди директно во единиците на локалната самоуправа согласно Законот за нивно финансирање.

Во структурата на буџетските приходи евидентно е опаѓањето на неданочните приходи за 22%, на капиталните приходи за 21% и на донациите за 64%. За сето тоа имаме дадено прифатливи образложенија. Тоа е сосема накратко за приходниот дел на Централниот буџет за 2006 година и глобалното структурно учество.

Почитувани колешки и колеги,

Вкупните расходи за задоволување на социјалните, економските и другите потреби на државата за 2006 година се димензионирани во нешто повисок износ од приходите односно на износ од 104.874.000.000 денари. Истите се помали за 3% од тековниот Буџет за 2005 година или за 2.630.000.000 денари.

Во расходниот дел на исто ниво се тековните расходи, при што платите и надоместоците бележат пораст од 3% поради спомнатата декомпресија на платите на државните службеници и оние што беа веќе спомнати како нови вработувања во државната админситрација од веќе познатите причини, и јас да не ги кажувам.

Во расходниот дел единствено ставката стоки и услуги бележи опаѓање за 12% или во апсолутен износ за 1.726.000.000 денари што значи дека во оваа ставка се најдени резерви и заштеди за покривање на другите зголемени и новопојавени потреби.

Кога сме веќе кај зголемените потреби неопходно е да спомнеме и за калкулираните средства во Буџетот за парламентарните избори наредната година во износ од 230.000.000.000 денари што воопшто не е маркетинг туку е една законска обврска што произлегува поради редовноста на парламентарните избори што следуваат. Потоа повеќе од два пати се зголемени трансферите до единиците на локалната самоуправа односно индексот е 221, а во апсолутен износ поголеми се за 997.000.000 денари.

Обезбедени се и средства за покривање на трошоците на пензиските примања на новите пензионери по основ на пролонгирање на старите услови за пензионирање за две години, што се разбира и ние ја наметнавме таа обврска и некои други потреби.

За 22% поголеми се планираните средства за камати секако поради зголемените обврски по кредити што доспеваат во наредната година.

Сосема накратко, да не навлегувам подетално во презентирање на расходниот дел ќе потенцирам дека Буџетот е домаќински скроен, нормално согласно можностите. Вчера мојот колега господинот Славе Арсовски истакна дека пратеничката група на СДСМ ќе го подржи овој Буџет и јас како дел од таа пратеничка група позитивно ќе се произнесам по истиот, иако имам поднесено амандман, за кој што сега нема да се задржувам, туку причината и потребата зошто сум го поднела ќе ја образложам подетално во амандманската расправа.

Благодарам на вниманието.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Костадинова.

За реплика се јави госпоѓа Којзеклиска.

**Марија Којзеклсика:** За вчера искрено жалам што не бев присутна на експозето на министерот, иако го читав, меѓутоа колешката Емилија Костадинова ништо ново, дури и продолжи во тој контекс на она што го кажа минситерот и се прашувам како ќе ни изгледа Буџетот кога вака колешката Емилија Костадинова борбено го бранеше, расходна страна, приходна страна и т.н.

**Љупчо Јордановски:** Повелете една минута госпоѓа Костадинова.

**Емилија Костадинова:** Благодарам претседателе.

Се разбира дека ќе ја бранам оваа концепција на Буџетот, бидејќи веќе нагласив дека еднаш веќе сум се изјаснила по Законот за концепцијата на Буџетот, на новата концепција. Тоа е една причина и сега не можам да имам подруго мислење.

Второ, нагласив дека имам разбирање за сите проблеми во домашната економија и за сите и законски и договорни обврски што однапред се детерминирани и на кои што не можеме да влијаеме, кои што не можеме да ги пролонгираме, затоа што треба да донесеме некој друг закон тие права да отпаднат.

Имајќи разбирање за сето тоа и за малиот простор што останува за вметнување на некои

нови нараснати потреби јас ќе ја бранам оваа концепција на Буџетот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓа Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Едно е да се брани концепција на изготвување на Буџет колешке, друго е да се брани она што Буџетот го нуди, а овој Буџет не нуди ништо. Вие рековте дека овој Буџет е домаќински скроен и затоа вие ќе го подржите.

Ама ние колешке од пред неколку дена сме кандидат за член во Европска унија. Значи ние во наредниот период, уште утре треба да се движиме брзо, интензивно да правиме напори ако сакаме да влеземе што поскоро во Европската унија.

Ако вака одиме со домаќински скроени буџети според можностите на државата, можностите на државата ни се многу мали, меѓутоа ние мора да изнајдеме начин како да се движиме побрзо кон Унијата, да ги правиме тие реформи. Значи, мора да имаме Буџет со силно изразена развојна компонента, за која што вие драга колешке ништо не спомнавте. Дали овој Буџет има развојна компонента. Единствено рековте дека полека, но сигурно ќе се остварува во идните буџети развојната компонента. Кога во идните буџети? После 10 години ли? Ние треба што поскоро и побрзо да се движиме кон Унијата. Зошто подржувате Буџет кој нема ни малку развојна компонета? Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Ова е ново за мене. Почнавме веќе да реплицираме и на стилот на излагањето.

Повелете госпоѓо Костадинова, една минута за контра реплика.

**Емилија Костадинова:** Благодарам претседателе.

На колешката Лалчевска кратко ќе и реплицирам дека ако не ја прифаќа ваквата концепција на Буџетот тоа е нејзин проблем. Јас во моето излагање ги изнесов сите причини зошто ја прифаќам и ваквата концепција на Буџетот и она што е предвидено и како е предвидено во пооделните расходни стапки.

Без наметнување на нови давачки на населението, без никакво дополнително оптоварување се покриваат одредени дополнителни трошоци, што нема време сега повторно да ги елаборирам. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Голомеов.

**Благој Голомеов:** Благодарам претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги,

Во една претходна дискусија, ми се чини колегата Стојаноски рече дека ако ја приложи дискусијата од пред минатата година нема да погреши во однос на структурата на Буџетот односно дека нема скоро ништо ново во овој Буџет. Јас би рекол дека тоа ја покажува коегзистентноста на Владата и нејзината генерална политика во овие 4 години односно дека не се води по дневно-политички интерес и секако дека иако треба да се размислува, и јас немам до крај дефиниран став ако се предвидеше одреден буџетски дефицит од 2 до 3% веројатно веднаш ќе беше нападнат дека еве во изборна година па сега Владата се обидува вештачки да создаде прилив во економијата која секогаш претставува наш најголем проблем. Меѓутоа очигледно оваа Влада е коегзистентна во однос на тоа дека гради Буџет или буџетска политика врз основа на стабилни макроекономски агрегати. И овој Буџет исто така оди во тој правец, пред се протежира ниска инфлација која се предвидува да биде 2% во 2006 година, јас мсилам дека нема да биде повеќе од 1%.; стабилен курс на денарот цврсто врзан за вредноста на еврото; низок буџетски дефицит за 715.000.000 денари понизок отколку во 2005 година односно ќе изнесува некаде 1.026.000.000 денари што претставува некаде 0,36%.

Притоа се очекува раст на бруто домашниот производ околу 4%, а капиталните расходи за 2006 година се предвидени во износ од 10.030.000.000 или околу 160.000.000 евра. Сигурно дека во сите овие дискусии се поставуваше прашањето колку овој Буџет е развоен односно очигледно на сите нас ни тежи економската ситуација во Република Македонија и сите бараме начин на кој начин ќе предизвикаме интензивирање на замаецот, економскиот развој на Република Македонија.

Меѓутоа, сигурно е дека Буџетот е еден од инструментите, но сигурно не и единствен и доволен, особено имајќи предвид дека 70% од буџетските средства се насочени кон социјални трансфери и плати. Значи, останува многу мал простор за капитални инвестиции. Веќе со сигурност може да се каже дека Македонија е макроекономски стабилна држава. Како што спомна и министерот веќе дури три од четирите критериуми од МАКСТРИТ кои се однесуваат на Монетарната унија ги задоволуваме како држава, што сигурно дека некореспондира со она што го имаме во економијата, а за тоа сме сите свесни. Меѓутоа, се поставува прашањето дали само преку буџетскиот дефицит, дали само преку буџетот односно со зголемувањето, средствата за капитални инвестиции ќе можеме да предизвикаме поинтензивен економски раст.

Факт е дека има одредени заложби или заговарања дека на Македонија и е потребна инфлација, да речеме едноцифрена од 6 до 7%, дека на Македонија и е потребен буџетски дефицит од 2 до 3%. Но, се поставува и прашањето дали оваа економија како буџетски дефицит може да издржи дали ние како држава имаме доволно изградени институции да можат да таргетираат процент на инфлација кој е поднослив и дали со тоа нема да се отвори еден инфлаторен циклус, кој од друга страна ќе биде погубен. За овие прашања за кои верувам дека сега откако навистина имаме одредена

макроекономска стабилност треба сериозно да се размисли, бидејќи на сите нас најголем и приоритетен проблем на Република Македонија ни станува економијата односно економскиот раст. Сигурно дека треба да се дебатира и добро да се размисли, меѓутоа пак велам и во стручната и во компетентната јавност, на која сигурно јас не припаѓам во тој дел, постои разногласие околу овие концепти. Дали да се оди со зголемена инфлација, зголемен буџетски дефицит и т.н.

Се на се, едноставно треба добро да се размисли и треба буџетот во наредните години да биде максимално ставен во функција на зголемен економски раст на Република Македонија. Меѓутоа, сигурно дека тој економски раст не зависи само од буџетот. Сега ќе кажам дека моментално во Република Македонија по основ на веќе склучени аранжмани, како што е на пример, Злетовица, Лисиче, имаме некаде преку 150 милиони долари кои не се користат најефикасно и најефективно поради одредени слабости во одредени министерства кои се задолжени за тие проекти. Значи и тука треба да бидеме многу поефикасни, а не само да бараме капитални инвестиции во рамките на буџетот, бидејќи тие средства пак треба да ги испумпаме од економијата односно од џебовите на граѓаните.

Во нормални, би рекол развиени економски земји секогаш се води полемика, од друга страна Владата бара поголем комодитет, поголеми средства, а Парламентот е тој што е рестриктивен, кој се обидува да ги намали трошоците на Владата кај нас, очигледно имаме една обратна ситуација и од граѓаните во Парламентот бараме порелаксиран, поголем буџет. Меѓутоа, пак велам, сето тоа доаѓа од тоа што сите сме свесни дека економијата ни е единствен приоритет над приоритетите и ни станува како земја која има претензии да се приближи кон Европската унија.

Јас би се задржал само на неколку министерства и тоа без да навлегувам детално во нивните буџети како член на Комисијата за одбрана и безбедност. На самата седница кога се разгледуваше буџетот за Министерството за одбрана и за Министерството за внатршни работи имаме дијаметрално различни искажувања од страна на самите министерства.

Од една страна го имаме Министерството за одбрана чија структура на буџетот, би рекол, дека е идеална за наши услови и 50% се за плати, 30% за одржување и 20% за модернизација. Тоа не треба да не чуди бидејќи во ова министерство е веќе разработен и усвоен еден европски принцип на буџетирање на таканаречено повеќегодишно буџетирање и планирање и сите планови се врз основа веќе на изготвениот стратешки одбранбен преглед, така што таму ништо не е случајно. Навистина, имаме од година до година една релаксирана буџетска нивна политика односно проектите се буџетски и одржуваат со онолку средства колку што се навистина потребни.

Од друга страна, мислам дека тоа е начин кој треба да биде усвоен и од страна на другите министерства, бидејќи на тој начин само може навистина да дојде до еден буџет, кој нема да предизвикува толку незадоволство кај спомнатите министерства. Сите сме свесни во последно време дека сите министри едноставно се жалат на намалениот буџет, некаде реално, некаде оправдано, некаде помалку оправдано, меѓутоа тоа е факт.

Во Министерството за внатрешни работи, само за илустрација, 82% од Буџетот ќе биде наменет за плати. И, денес се поставува прашањето каде ќе биде развојната компонента, имајќи предвид дека односно каде ќе бидат средствата за одржување кои се неопходни, бидејќи ова министерство знаеме дека ја презеде граничната полиција и сите објекти кои одат со таа гранична полиција. Од друга страна, пред ова министерство има суштински проекти, како што е проектот за модернизација на граничните премини со нивна компјутеризација и т.н., како еден од основните предуслови за олабавување, покрај она што треба да се изготват европски пасоши. Тоа е еден од основните критериуми за олабавување на визниот режим. Мислам дека тука Владата ќе треба да најде начин со одредени грантови, донации овие работи малку да ги исправи или да ги релаксира, бидејќи на ова Министерство и тоа како му се потребни средства за овие капитални намени. Инаку, со буџет кој 82% оди само за плати, не знам како тоа министерство ќе функционира.

Што се однесува до Министерството за животна средина, би рекол, овде беше спор од еден пратеник дека министрите треба да бидат донекаде и менаџери, односно дека не треба да чекаат само од буџетот, односно дека треба да изнаоѓаат алтернативни извори на финансирање.

Меѓутоа, јас прашувам за основните веќе преземени обврски мора да бидат сервисирани во рамките на буџетот. Ако во рамките на Министерството за животна средина веќе се преземени обврски во рамките на СИЛМАК или поранешен Јегуновце, да се инвестира за пречистителна станица која треба да го заштити Рашче како извор од шествалентен хром, тогаш не може наместо потребните 12 милиони, да се стават 8 милиони. Каде ќе бидат останатите 4 милиони? Потоа, за системот Дојранско Езеро, за кое е потербно околу 55 милиони, само за струја се предвидени околу 45 милиони, а каде е работната рака. Значи, тоа се веќе обврски кои мора буџетски да се сервисираат. Се на се, ова министерство е едно од најзначајните во нашето приближување кон Европската унија, бидејќи исполнувањето на стандардите од областа на животната средина се едни од приоритетните и се соочува со континуиран пад на буџетот веќе неколку години наназад. Во 2003 година буџетот на ова министерство изнесуваше 347 милиони, во 2004 година - 280 милиони, 2005 година - 275, а оваа година 220 милиони што е некаде 50 милиони повторно намалување. Значи,

едноставно мислам дека овде немаме простор за ваков однос кон ова Министерство и ако сакаме да се однесуваме сериозно кон нашите аспирации, кон евроатлантските структури, мислам дека ќе мораме многу поголемо внимание да обрнеме на Министерството за животна средина.

Се на се, јас не можев во рамките на Буџетот да ги лоцирам некаде околу 600 милиони, кои во согласност со Законот за животна средина се предвидени да се соберат од давачки, пред се, за увоз на акумулатори, за увоз на стари возила, нафтени деривати, по еден денар кутија цигари и т.н., за извозот на одредени шумски производи и друго. Тоа се средства кои, според Законот за животна средина, требаше да бидат употребени за одредени проекти од областа на животната средина, кои ќе ги носи Владата на предлог на Министерството за животна средина. Притоа, беше ветено дека одредени средства од тие собрани средства ќе се трансферираат до оние фирми или стопански организации кои ќе вложуваат во заштита на животната средина. Овие средства, ќе повторам, не можам да ги лоцирам во рамките на овогодишниот буџет.

Исто така, сигурно дека постои недостаток на средства за сервисирањето на ДДВ. Знаете дека сите грантови, сите донации од странство не предвидуваат или државите кои донираат средства не сакаат да плаќаат ДДВ, нормално не сакаат да ја полнат касата на државата, туку сакаат строго да инвестираат во поконкретни проекти. Затоа, се потребни една сума на пари со кои ние ќе можеме да ги поддржиме таквите инвестиции односно ДДВ да падне на товар и мора да падне на товар на Република Македонија односно на Буџетот на Република Македонија.

На крај би рекол два-три збора за транспарентноста и ефикасното донесување на буџетот во Република Македонија во рамките на овој наш Парламент. Мораме да кажеме дека буџетот е од страна на Министерството за финансии максимално транспарентен. Меѓутоа, за да можеме ние како пратеници да ја извршиме нашата контролна функција на Парламент кој треба да води сметка за трошењето на средствата од граѓаните, сигурно дека преку матичните комисии на познатите министерства, треба да бидеме поблиску или поинтензивно вклучени во сите фази на донесувањето на буџетот . Од апликацијата која оди кон соодветното министерство кон Министерството за финансии, до одобрувањето на таканаречените Драфт буџети, до неговата финална верзија. Така, повеќе да се запознаваме и со проектите и програмите, кои во рамките на тие министерства се планираат и кои треба да се поддржат со одредени буџетски средства. Мислам дека на тој начин многу поефикасно ќе го донесуваме Буџетот во време кога ќе дојде во собраниска процедура и многу поефикасно ќе одговориме на нашата, би рекол, една од основните задачи, а тоа е контролната функција на Парламентот кон извршната власт односно кон трошењето на државните пари. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Имаме уште 4 минути.

Следниот дискутант не е присутен, но вториот е тука.

Должност ми е да прашам дали 4 минути се доволни за вашата дискусија или не? ( Не се доволни).

Листата на дискутанти останува иста.

Продолжуваме во 15,00 часот.

По паузата седницата продолжи со работа во 15,00 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Господинот Петковски не е тука.

Господине Агим Џелили, повелете.

**Агим Џелили:** Дами и господа, почитувани колеги пратеници,

Буџетот како инструмент за финансирање на функциите на државата има своја тежина, како од економски аспект, така и социјален и претставува една од суштинските точки во создавањето на политиката, било микро или макро економска политика на државата. По мое мислење, овој Буџет е економски и социјален и се заснова врз три клучни столба и тоа: одржувањето на економската стабилност, порастот на стапката на економскиот развој, како и намалување на стапката на невработеност и сиромаштијата.

Според податоците кои ни ги нуди Владата, во врска со стапката на невработеност за 2005 година, бројот на невработените лица е за 5,6% намален во споредба со минатата година, што е за поздравување, но се разбира дека невработеноста и понатаму за Владата ќе остане како една грижа и приоритет, бидејќи се говори за категорија на граѓани кои се млади, кои со нивната психофизичка енергија и интелектуална и научна, треба да бидат носители на интегрирачките процеси на Република Македонија, било во Европската унија, било во НАТО, каде изгледа полека чекориме.

Сите сме свесни дека што повеќе ја намалуваме стапката на невработеност, толку повеќе ги зголемуваме капацитетите на Фондот за труд и социјална политика, а со конкретни програми ја намалуваме и стапката на сиромаштијата, која за жал, чука на секоја врата. Во двата случаи, мислам дека контролните механизми на Владата можат да ја зголемат ефикасноста каде потребните средства треба да се наменат на потребното место. Расходите за плати планирани за 23,394 милиони денари, кои претставуваат еден пораст од 3,5%, во спороедба со 2005 година, каде се опфаќа и ефектот на декомпресија на плати на државните службеници, што исто така претставува значајно за правичната застапеност што е еден процес кој треба да тече во континуитет во државните институции, како и вработување на најдобри студенти од

универзитетите во Република Македонија, што е еден нов импулс околу комуникацијата меѓу државните институции и универзитетските центри.

Исто така, мислам дека видливо ќе влијае и конкуренцијата меѓу самите студенти и оваа новина е нешто ново и верувам дека во иднина и понатаму ќе се најдат разни начини, за да се стимулираат овие кадри.

Јас ќе се задржам на владините програми, со посебен нагласок на предвидените реформи во здравството, како и Буџетот предвиден за здравство, кој е 0,6% од општиот Буџет и Фондот за здравство. Средствата што се прибираат се околу 15,878 милиони денари и по мое размислување се многу малку во споредба со потребите на самите здравствени институции јавни кои и понатаму ќе останат под покровителство на државата, како што е секундарното здравство и терцијалното здравство каде имаме сосема стари објекти, руинирани. Затоа не треба да се изненадиме, кога ни паѓаат и таваните. Средствата и здравствените апарати се повеќе се амортизирани, застарени и нивното одржување чини многу средства. Се забележува, транспарентно е тоа дека имаме едно незадоволство и кај лекарската екипа со средствата со кои располагаат, било да се тоа непосредни средства кои се наменети за плати, но и средствата кои им требаат на лекарите да ги извршуваат секојдневните обврски.

Почитувани колеги, мило ми е што Владата заедно со Министерството за здравство сега засега добро ја има оценето состојбата во овој ресор и со приоритети ја имаат предвидено во своите програми оваа дејност. Донесувањето на законот за здравствена заштита и Фондот за здравство, мислам дека нудат можност граѓаните да имаат еден непосреден пристап средствата доделени за здравствено осигурување и Министерството за здравство со тие на финансии, носат одговорност за начинот на менаџирањето и намената на буџетските средства предвидени за оваа област. Од Владините програми во однос на капацитетите на Министерството за здравство, како и Фондот за здравство, како и склучување на договори со здравствените организации, каде верувам дека каптацијата од 40 денари за еден пациент, ведаш ќе треба да се редефинира. Мислам дека треба да се направи редефинирање на болничките услуги, каде приоритет ќе имаат дневната нега, како и ориентација кон примарното здравство, кои се кофинансирани од долгот од Светската банка за обнова и развој, како и холандската помош, која е во континуитет. Овие ги спомнав, бидејќи со исполнувањето на Фондот за здравствена заштита, кој го донесовме овде во ова Собрание, самата приватизација на примарното здравство, секако дека ќе биде еден од клучните столбови на здравството во иднина и затоа инвестициите во оваа насока, било во реедукацијата, било во инфраструктурата на самите објекти, но и болничките средства ќе бидат нов импулс во оваа насока. Останувам со надеж дека овој Буџет ќе биде Буџет на успеси до институциите со посебен нагласок на меѓународните фондови, каде сега веќе имаме посебен статус.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Гајур Сарач имате збор.

**Гајур Сарач:** Благодарам господине претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани колеги пратеници.

Денеска на дневен ред го имаме Предлог Буџетот на Република Македонија за 2006 година. Со ова, треба да се истакне дека Буџетот е дел од најголемите проекти на една држава на крајот на секоја година што треба да се донесе, а кој се однесува за годината што доаѓа.

При проектирањето на овој Предлог Буџет за 2006 година е земено предвид и макро економската политика што ќе се води во идната година, т.е. во 2006 година.

Уште од почетокот на моето излагање, сакам да истакнам дека и во овој Предлог Буџет за 2006 година, како и во Буџетот за 2005 година, од аспект на неговата подготовка се прикажуваат програмски цели, скоро за сите корисници на буџетските средства.

Значи, кај корисниците на средствата од Буџетот се прикажуваат постигнатите резултати во 2005 година, како и приоритетите и целите за 2006 година, со тоа што се сака потранспарентно да се прикаже како и каде ќе се потрошат буџетските средства.

Со Предлог Буџетот за 2006 година се предвидува раст на бруто домашниот производ за 4%. Како главен двигател на раст на бруто домашниот производ од 4%, како и во 2005 година, така и во 2006 година ќе биде индустриското производство. Според предвидените проекции, како што стои и во резимето на макро економската состојба во Република Македонија, кој е составен дел на овој Предлог Буџет за 2006 година, порастот на индустриското производство ќе изнесува, односно се предвидува да изнесува околу 5,5%.

Исто така, во рамките на економската политика, а која има тесна врска со Предлог Буџетот, не се очекуваат поголеми промени на полето на цените, односно инфлацијата која се предвидува на стапка од околу 2%. Фискалната политика за 2006 година ќе се реализира во рамките на вкупно планираните расходи од 104 милијарди 874 милиони денари, кои ќе се финансираат од предвидените приходи од 103 милијарди 167 милиони денари.

Карактеристично за овој Буџет на Република Македонија за 2006 година е интегрирањето на основниот Буџет и Буџетот на донации, заеми, самофинансирачки активности, како и буџетите на бумбуџетските фондови.

Значи, при планирање на приходите и расходите за 2006 година, земени се предвид сите

претходно наведени буџети. Со проекцијата на приходите и расходите, дефицитот на Буџетот на Република Македонија за 2006 година е планиран во висина од една милијарда и 707 милиони денари. Во натамошното излагање повеќе ќе се задржам за Централниот Буџет, кој не ги вклучува буџетските фондови.

Вкупните приходи на Централниот Буџет, планирани се на ниво од 69 милијарди 426 милиона денари, во кој износ најголемо учество имаат даночните приходи. Во приходите на централниот Буџет, што се прикажани во Предлог Буџетот, најголем дел како што реков, одземаат даночните приходи. Овие приходи во 2006 година се предвидува да достигнат ниво од околу 57 милијарди денари. По аналитички гледано во овие приходи најголем дел зазема данокот за додадена вредност со 28 милијарди 334 милиони денари. Во даночните приходи како втор дано, кој го полни Буџетот се акцизите со скоро 12,5 милијарди денари. Најголем трет дел од даночните приходи се царински и други увозни давачки со 4 милијарди и 847 милиони денари. Кај овие давачки се предвидува намалување на приходите иницирани од влегувањето на Република Македонија во семејството на Светската трговска организација, а со тоа и намалување на просечната царинска стапка. Ист таков тренд имаме и во година која заминува, а од исти причини, овој тренд на паѓање на царинските стапки ќе го имаме и во наредната година.

Еден од поголемите даноци што го полнат Буџетот е и персоналниот данок на доход. Од овој данок во Предлог на Буџетот на Република Македонија се очекува да се соберат средства во износ од околу 8 милијарди денари.

Во Предлог Буџетот на Република Македонија за 2006 година, по основ на данок од добивка се планирани приходи во висина од околу 3 милијарди и 185 милиони денари. Освен овие даночни приходи, кои ги спомнав, имаме и неданочни припходи кои го полнат Буџетот.

Исто така, добар дел од приходите завземаат неданочните приходи во кои отприлика спаѓаат судските и административните такси, како и дивидентата од АД "Македонски телекомуникации".

Од друга страна, во вкупните буџетски расходи во Предлог Буџетот на Република Македонија, која е планирана да изнесува околу 70 милијарди и 452 милиона денари, најголем дел од овие расходи отпаѓаат на тековните расходи, кои се предвидува да изнесуваат скоро околу 85,7% од вкупните расходи. Во вкупниот збир на тековните расходи, најголемо учество завземаат расходите околу платите и наемнините и надоместоците, кои се планирани во износ од 23 милијарди 394 милиона денари.

Од тековните расходи, вклучени се и средствата во висина од 230 милиона денари за парламентарните избори кои ќе се одржат во 2006 година, како и една милијарда 819 милиони денари за спроведување на процесот за децентрализација на власта, во областа на образованието, социјалната заштита, заштита на деца и култури.

Согласно одредбите на законот за финансирање на заедниците на локална самоуправа, кај тековните расходи, предвидени се средства за редовна и навремена исплата на законски обврски во сферата на социјалната заштита и буџетската поддршка за стуктурните реформи, како и еден добар дел ќе се трансформира за пензии и за Агенцијата за вработување.

Во делот на капиталните расходи, со Предлог на Буџетот за 2006 година, се планирани средства од 10 милијарди и 30 милиона денари, при што значаен дел од овие средства се наменети за реализација на инфраструктурни објекти. Исто така, еден дел од овие средства ќе одат за проекти за реформи во судството. Од целокупниот буџетски дефицит една милијарда и 707 милиони денари на централниот и припаѓа една милијарда и 26 милиони денари и е 715 милиони денари помалку во однос на дефицитот на Централниот Буџет во 2005 година.

Планираниот буџетски дефицит од Централниот буџет, ќе се финансира од домашни извори најголем дел и дел од планираните приватизации.

Благодарам господине претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стаменков имате збор.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван претседателе, почитуван министре за финансии, почитувани пратеници,

Буџетот за 2006 година кој што го имаме пред нас е секогаш тема на широки расправи во државата и предизвикува големо внимание и кај експертската јавност и кај граѓаните, поради тоа што едноставно се работи за документ кој што треба да претставува насока во која што ќе се движи Република Македонија, посебно на економски план во наредната година.

Значи, Буџетот е документ кој што едноставно, треба да обезбеди функционирање на државата.

Прво, да ги покрие основните функции на државата. Потоа треба да ја покрие социјалната сфера да обезбеди доволно пари за социјалата и треба третиот дел да го покрие, а тоа е како така да има некој економски развој во државата, да поттикнува пораст на економијата, односно парите кои што влегуваат во државата. Еден дел од нив им се враќа назад во економијата и така тие да се оплодуваат, односно да предизвикуваат пораст на економски план, односно на како што велиме бруто домашниот производ, да имаме некој пораст, стабилност да обезбедиме и на фискален план на нашата валута денарот и да се овозможи една сигурност на егзистенција на граѓаните на Република Македонија во наредната година. Тоа е она што треба да се земе предвид кога се прави еден Буџет на државата. Можностите кај секоја држава се различни. Некои држави имаат поголеми можности и можат едноставно, се со поголеми приходи, побогати

држави се, тие можат да прават, ако се добри економисти, или ако разбираат да направат добро избалансиран Буџет и врз основа на тој Буџет, кој ќе биде така

така скроен, разместувајќи го по ставки, или издвојувајќи повеќе пари за оваа или онаа намена, да влијаат силно на економијата во својата држава и едноставно да се прилагодуваат на она што значи, пред се намена на државата.

Една држава постои за да биде сервис на граѓаните, бидејќи граѓаните се тие кои го полнат буџетот, и државата треба сите свои активности, или луѓето кои моментално се во државните институции треба да ги насочат кон тоа, едноставно на тие граѓани или на народот кој стои зад државата да му обезбедат солидни услови за живот, мир , сигурност и егзистенција.

Јас немав впечаток дека ние така го сваќаме буџетот на Република Македонија. Буџетот на Република Македонија треба така да биде поставен и не гледам од дискусиите на многу колеги пратеници, политичари дека се размислува во тој правец. Кај нас повеќе се размислува во правец, луѓето кои моментално се во државните институции или во Владата, Параламентот или Државната администрација дека буџетот е тој кој на нив треба да им обезбеди една сигурна година во која година ќе ги добиваат приходите односно примањата кои треба да ги добиваат како плата и да имаат уште една сигурна година во која ќе можат да егзистирате. Така и овој буџет е скроен. Такви беа и претходните, можеби такви ќе бидат и наредните. Гледам и по планот кој веќе е даден во овој документ што го добивме, се планирани некои буџети за 2007 и за 2008 година, некои проекции. Така се и тие скроени.

Јас не се согласувам со тоа дека буџетот на државата, не само на оваа, било која држава, треба да биде во правец ние да обезбедиме на државните службеници, да ги наречеме сите, па и ние , и ние од државата добиваме плата, дека треба да им обезбеди егзистенција и сигурност. Мислам дека повеќе треба да се насочиме кон тоа, едноставно буџетот да го насочиме таму каде што е најпотребен, во овој момент, во Република Македонија, а тоа е прво да ја запреме рецесијата на економијата. Ние самите заклучуваме, тоа е точно, дека 85% од буџетот веќе се потрошени пари, едноставно да се измират обврските кои ги имаме за функциите на државата и за социјалните трансфери, работи кои мора да се покријат. Не преземаме мерки сето тоа ние да го намалиме.

Кои се тие мерки што се предложени како програми на Владата што прво ќе влијаат на тоа ние да ги намалиме социјалните трансфери, да ги намалиме расходите по основ на плати на државната администрација и да останат што повеќе пари како резерва кои би ги инектирале во стопанството во Република Македонија, кои пари би предизвикале и посилен развој односно во овој момент и не можеме да зборуваме за посилен развој, имаме рецесија на економијата во Република Македонија, па барем да ја запреме таа рецесија и нешто позитивно да се случува во стопанството во државата. Не се гледаат такви мерки и не се гледаат и пари во буџетот за оваа намена.

Инаку, ако сега ја погледнеме структурата или сумата која е предвидена како приход на буџетот за 2006 година, можеби изгледа не е многу мала 103.167.000.000 денари се пари кои се скромни можеби, но за Македонија и не се мали. Но, тоа е збирна бројка која ни е дадена и која досега не беше вака презентирана, туку посебно го имавме ние централниот буџет, посебно ги имавме буџетите на фондовите кои беа издвоени од оваа сума. Така што централниот буџет кој е предвиден и за оваа година многу не се разликува од претходниот кој беше за 2005 година, или од оној прд тоа за 2004 година.

Расходите се предвидуваат со 104.874.000.000 денари и се предвидува дефицит од само 0,6% од бруто домашниот производ односно 1.707 милиони денари, или за дефицитот на централниот буџет е некаде околу 1.026.000.000 денари. Тоа како бројка, ваков дефицит од 0,6% може да има но во многу богата држава, држава во која граѓаните живеат многу богато и која има многу силна економија. Вие можете да имате и позитива, да не биде дефицит, туку да бидат суфицит. За држава која има економија во колапс, има 400.000 невработени, да се предвидува ваков низок процент на дефицит од 0,6%, мислам дека е повеќе од смешно. На сите вас ви е јасно, дали е тоа некоја фамилија, дали е тоа некоја фирма која треба да се развива, а лошо и оди работата, за тргне од таа, можеби моментална состојба, да ја подобри, таа мора да земе нови средства, дали тоа ќе биде во форма на кредит или некои позајмици кои ќе влезат во фирмата и тие средства ќе ги инвестира во нови технологии, нова опрема преку која ќе обезбеди продуктивно и солидно работење, а тоа ќе донесе солиден профит. Значи, ние ако сакаме токму против тоа да се бориме, намалување на социјалните трансфери, намалување на расходите кои сега се толку големи во оваа сфера, значи спрема тие невработени лица кои ги користат овие пари, ние мораме да ги вработиме тие лица, но не како Влада, ние одиме на тоа, имаме пазарно стопанисување и приватна сопственост, едноставно да им овозможиме на тие инвеститори кои треба да ги вработат луѓато, да им помогнеме да отворат нови фирми, да отворат нови работни места во кои ќе се вработат луѓето кои сега се социјални случаи. Тоа не можеме ние да го направиме со 0,6% дефицит, едноставно заради тоа што малку се парите кои се предвидени за да влезат во економијата. Ние немаме пари. Значи мораме да имаме поголем дефицит со кој ќе и помогнеме моментално на лошата Македонска економија.

Тука се брани овој низок дефицит со тоа што дека тоа е ново задолжување и дека ние не сакаме да се задолжуваме, дека ние многу домаќински

работевме, па еве и тоа е дел од тоа домаќинско работење, да ги намалуваме долговите.

Ако ја погледнете стуктурата на работите, за што се трошат пари во оваа држава, ќе видите дека воопшто нема домаќинско работење. Напротив, има расипничко работење.

Ако пред некој ден го имавме финансискиот план на Регулаторната комисија, ако 15 луѓе за плата трошат 20 милиони денари на годишно ниво, тоа не е домаќинско работење. Тоа ми се најсвежи податоци кои беа во Парламентот, па можам да ги кажам, а има, верувајте, илјадници такви примери во оваа држава каде се работи расипнички. Има илјадници такви примери, дали е тоа од набавка на луксузен мебел, дали е тоа за набавка на луксузни коли, дали е тоа од плаќање на скапи патувања во странство, по цели свити, дали е тоа од трошење на државни пари за скапи прошетки, или некои репрезентации. Едноставно она, како се трошат државните пари, не укажува на тоа дека ние многу сме домаќини па затоа сега ќе одиме со мал дефицит да го намалиме долгот на Република Македонија.

Или, вториот аргумент дека ќе ја зголемиме јавната потрошувачка, па ќе имаме удар на курсот на денарот. Исто не држи место. Тоа ќе го направиме ако навистина отидеме во некој дефицит кој не е реален и ќе ги надмине границите на нормалата. Секогаш постои можност да се најде правата сума, односно правиот процент кој ќе ги избалансира овие работи и едноставно да немаме удар врз курсот на денарот. Има луѓе кои ја работат таа работа и можеле да подготват студија кој е максималниот процент на дефицит кој можеме да го допуштиме за 2006 година, а едноставно да немаме инфлација на денарот, во поголеми рамки.

Сметам, на некој можеби не му одговара во Македонија да се подобри економијата, да се вработат луѓето, бидејќи знаеме дека сиромашни луѓе по лесно се манипулираат и многу по лесно можеме на изборите да им извршиме притисок за да гласаат така како што сакаме, преку ицени дека ќе се укине социјалната помош, преку упади во нивните домови и разни заплашувања, па некој можеби и нема намера да го подобри животот на граѓаните во Република Македонија, бидејќи ако тие се така солидно ситуирани, не можете лесно да ги исплашите. Ќе имате проблем да ги заплашите, или не ќе може да се купат со една вреќа брашно, ако се побогати. Јас мислам дека на некого му е поважно да биде на власт одколку да ја подобри економската состојба во државата. Ние тука се убедуваме дека вака треба да биде. Целата експертска јавност во државата вели, ако сакаме ние навистина да и помогнеме на Република Македонија, да ја развиеме економијата, мора да одиме на раст на бруто домашниот производ меѓу 6 и 7%, преку поголем дефицит. Единствено така можеме тоа да го направиме. Но, не се слушаат сите тие експерти, сите кои значат нешто во светот на финансиите, во светот на економијата, а продолжуваме со ваков курс на рецесија.

Инаку, сумата која е како приход во буџетот на Република Македонија и ако детално ја анализираме ќе видиме дека многу малку свежи пари влегуваат во тој буџет. Едноставно имаме еден повратен процес во државата. Кој е тој повратен процес?

Имаме ние повеќе од 100.000 вработени во државната администрација за кои од буџетот се уплаќаат средства за придонеси, по основ на пензиско осигурување, по основ на здравствено осигурување, по основ на персонален данок. Тоа се пари кои повторно се враќаат, значи се исплаќаат од буџетот и се враќаат во буџетот, реверзибилен процес. Едноставно останува само нето платата која влегува во буџетот на тие луѓе и тие ја трошат таа сума на пари. Значи, ако направиме анализа да речимр на фондот за ПИОМ, ние ќе имаме, еве , дотација од трансфер, од централниот буџет за 2006 година 9.330.000.000 денари. Вели, сопствен приход ќе имаат во 19.810.000.000 денари. Колку тие 19 милијарди се пари кои воопшто не доаѓаат од буџетот на Република Македонија, а тоа може да се пресмета. Знаеме дека платата која се дава на корисниците на буџетот е околу 23 милијарди денари. На тие ако пресметате, ќе дојдете до бројка која ќе не исплаши и ќе покаже дека едноставно во Република Македонија има многу малку луѓе кои се вработени надвор од државната администрација и многу малку, ние како држава оствaруваме приход од тие вработени за кои се плаќаат придонеси, или се плаќаат придонесите на многу ниски стапки, како што е случајот со 50 илјади вработени во текстилните фабрики. Така што, ние сме држава што не е јасно од што опстојува. Потполно не е јасно како ние можеме и да опстоиме .

Јас ќе ви кажам, ако не беа приходите во изминатите години, од продажба на каптиални средства дека ние тешко ќе опстоиме. Затоа и оваа година се предлага продажбата на Македонски телекомуникации, акциите кои останаа и ЕСМ-дистрибуција од кои ќе инкасираме 11 милијарди денари кои ќе ги пополнат дупките во буџетот.Што ќе правиме за 2007 година, што ќе продаваме тогаш? Најверојатно ќе продолжиме со останатите делови од ЕСМ, бидејќи само тие и ќе ни останат. Најверојатно, верувајте, некој можеби и не сака Република Македонија да успее затоа што сите знаеме дека само економски силна држава е и политички силна држава и сигурна држава. Не може без силна економија да бидете и сериозен фактор во блиското опкружување тука во регионот, а камо ли пошироко.

Ако ние не можеме да си ги покриеме основните трошоци и расходи за да опстоиме како држава, а еве продаваме нешто за да ги покриеме сите тие работи кои што треба да ги има една држава, војска, полиција и сето тоа, или државна администрација, ние сме доведени фактички во

ситуација кога, еден ден ќе кажеме дека, еве, веќе сега нема да имаме пари да исплатиме плата на војската, нема да имаме пари да исплатиме пари на полицијата. Едноставно Македонија ќе се доведе пред свршен чин.

Со ваква политика, економска, верувајте дека е тоа неминовно и ќе дојде. Некој што мисли, еве сега е кандидат за членство во Европската унија, па они ќе ни дават пари, или дека од тие пари ние ќе трошиме и ќе живееме, се лаже, ако некој мисли дека има вишок пари па да дава на друг даги троши. Едноставно ние треба да сфатиме дека ова е наша држава и сите до еден ...

**Љупчо Јордановски:** Господине Стаменков,

Дали имате впечаток дека е премногу гласно во салава? Премногу се зборува.

**Ванчо Стаменков:** Па добро, се зборува.

**Љупчо Јордановски:** Сега погледнете, од позиција нема никој, опозицијата е најприсутна тука. Вашите колеги не сакаат да ве слушаат.

Продолжете.

**Ванчо Стаменков:** Значи почитуван претседателе, се зборува и ке се зборува. Тоа е нормална работа. Едноставно сфативме во овој Парламент дека што и да кажеме, кој и да го каже, како и да го каже нема многу фајде. Тоа што ќе си дојде од Владата како предлог поминува и си оди понатаму. Парламентото испадна една гласачка машинерија што понекогаш се прашувам дали треба да го имаме или треба да го смениме Уставот.

Да се вратам на Буџетото на Република Македонија за 2006 година, Буњет од кој што Владата очекува многу, дека ќе продолжиме по курсот на раст на македонската економија. Сега се стабилизиравме, ги стабилизиравме макроекономските показатели и сега за наредната година 4% раст на БДП кој раст ќе овозможи 2% зголемување на вработувањето во Република Македонија. А не кажува колку има вработени, кои се тие 2%, од која бројка се 2%? Од работоспособните луѓе, од вработените или од невравотените? Ако е од невработените 2% од 400.000 знаете дека се 8.000. Ако се од 1 милион тоа е 20.000, колку ќе му дојде,работоспособни ако има.

Значи недефинирани работи. Кај нас целата работа е недефинирана и после утре кога ќе бидат да речеме 5.000 или 6.000, па ние рековме од тој процент, не излажавме, така планиравме да бидат. Или оној другиот податок од 2005 година имаме нови 102.000 вработени. Тоа е исто застрашувачка бројка која што наместо да се образложи и да се каже отпуштени се од работа 90.000, па се вработени во друга фирма 90.000 или се префрлани од една фирма во друга фирма, прогласени се технолошки вишок, во стечајот уште толку, па повторно се превземени во таа фирма од новиот газда толку, па на сите во Македонија да им стане јасно колку точно има нови вработени во државата. Дали се 2.000 дали се 3.000 дали се 5.000. И, ако имаме ние зголемување на бројот на вработените тогаш нема да имаме пад на приходите по основ на персонален данок. Како може да имаме пад на персоналниот данок? Еден да е зголемен вработен, ќе имаме пораст. Не може да имаме пад. Или, ќе имаме пад ако се намалени платите. Ако се намалуваат од година во година. Верувајте дека платите не се намалуваат, сигурно зборувам за сите фирми има по некој мал пораст на платите.

Зборот ми е дека има обид да се направи транспарентен буџет. Подобар е од минатогодишниот во поглед на транспарентниот, како документ што се носи. Наведени се и програмите што Владата ќе ги поддржува. Еве, наведена е програма за земјоделие. Ние го подржуваме земјоделието како Влада, но главната помош ќе дојде од странските донации, па наброени се ИФАТ и другите. Што Владата ќе даде за земјоделието? Едноставно, тоа што го дава е помалку од минатата година. Минатата година 9 милијарди, оваа година 7 милијарди. Значи, едноставно таму каде што треба најмногу да даваме, таму кратиме. Правиме спротивно од она што е нормална работа.

Гледате Буџетот на Европската унија, главен проблем беше токму договорот колку за земјоделците во Европската унија колку пари да се издвојат. Кога го усогласија тој дел го усвоија Буџетот. А ние тука намалуваме од 9 милијарди на 6 миљарди и ако сите викаме минималната сума што мора да ја издвоиме за земјоделието во Република Македонија, во согласност со вкупната економска состојба во државата, во согласност со вкупните приходи во Буџетот е 33 милиони евра. Тоа е минималната сума на пари што мораме да ја инектираме во земјоделието. Тоа е направено по основ на експертски испитувања, анализи, студии, дека тие основни производи во земјоделието: тутунот, грозјето, лозарството, оризопроизводството и други градинарски производи, јаболкото што го имаме, се познати и пошироко, млекото, млечните производи мораат да се дадат за нив субвенции. Без субвенции не можеме да конкурираме на светските пазари. Не можеме да конкурираме на домашниот пазар. Како не им е јасно тоа? Сите држави даваат субвенции, па кога нивните производи ќе дојдат во Република Македонија, тие се поевтини од нашите. Полска дава 60% субвенција за млеко. Или друг дал, или Грција што дала за нивните, или Турција. Како можеме ние да конкурираме, ако мислиме ниту еден денар да не издвоиме за субвенции? Тоа е нормална работа, затоа што овие пари нема да бидат залудно потрошени. Тие пак ќе се вратат во Буџетот и ќе го засилат земјоделското производство, ќе го зголемат БДП, ќе имаме луѓе кои се хранат од својот труд, од својата мака, од земјата, од почвата. Да можат да имаат еден скромен живот што ќе го живеат со гордост, а не сега вака свиткани и да не знаат како да си ги платат давачките. Позајмиле ѓубриво или некои средства за заштита на растенијата и тн. па се должни по земјоделските апотеки,

немаат начин како да ги платат, бидејќи не им е платено грозјето ни по таа ниска цена, дали ќе се плати тутунот ќе видиме или јаболката што им стојат во амбарите, или пак оризот што е во арпа. Сакаат да го купат за 13 денари, а неговата производна цена е 16-15 денари. Може да го даде за 13 денари да изгуби 4 денари по килограм. Ако државата им ги даде тие 4 денари од килограм или 2 денари од килограм, нема да изгуби тој земјоделец. Ќе може да има скромен живот што ќе му овозможи тој и неговото семејство за основна егзистенција, а не од година во година да влегуваат во се поголеми долгови, како што е сега случај. Да се задолжуваат. Едноставно, една третина од земјоделските површини во 2005 година останаа непосеани. Не посеани, затоа што ќе беа поќар ако не ги посеат. Ако ги посеат ќе загубат повеќе.

Тоа е полилтиката на оваа Влада, да едноставно, она врз кое што се потпира секоја држава, а тоа е земјата, земјоделието го уништува од година во година. Ќе се доведеме во ситуација да Република Македонија, со такви природни ресурси, таква клима, таква почва, спрема бројот на жителите да бидеме најголем увозник на храна. Има податок дека минатата година се потрошени 170 милиони долари или евра за увоз на храна.

Ние да увезуваме храна. Увезуваме зошто? Затоа и тоа што го имаме како домашно производство е поскапо. Дали е млечен производ, производ од месо, поефтино е да го возиме илјадницид километри, да го транспортираме кога ќе стигне тука се продава поефтино од домашното производство, затоа што тоа производство во таа држава, дали е тоа Турција или друга држава има добиено субвенции од државата. И тоа никој не сака да го разбере, и никој, едноставно, не презема мерки.

Ние не бараме многу. Има амандман, поминат на Комисијата за земјоделство, поддржано од членовите на Комисијата, треба министерот за финансии да го прифати тој амандман, макар и на зголемен дефицит на Буџетот на Република Македонија. Тоа се пари кои што треба да бидат од Народната банка и да им се даде повеќе пари на земјоделците во оваа држава.

Инаку, ако се погледнат, како што реков пред малку фондовите, ќе се види дека во секој фалат пари. Едноставно во Фондот за пензиско 9 милиојарди и330 милиони, во Фондот за здравство околу 6 милијарди, во Фондот за патишта молојарда и 200 милиони, во Агенцијата за вработување, таму најмногу фалат, олку 5-6 милијарди се таму, денари или 5.5 милијарди денари кои што исто ќе бидат од Централниот буџет.

Ние, точно е дека сме држава во која што 80% од парите веќе ги потрошивме. И тоа ќе биде така додека не бидеме похрабри и да кажеме дека ќе изградиме стратегија, како што реков на Комисијата за финансирање,наша примарна гранка е земјоделието и сите придружни стопански субјекти кои што ја преработуваат и ги преработуваат земјоделските производи и ќе се насочиме како држава, дека тука треба да инвестираме, да издвоиме пари за таа работа и да тргнеме напред.

Инаку, министерот ми кажа дека тој не мисли дека во земјоделието треба да се финансира, мисли дека во други гранки. Така ми кажа на Комисијата. Не мисли дека главна основна гранка треба да биде земјоделието за кое што треба да направиме стратегија за развој и дека македонската економија треба да се потпре токму на земјоделието. Земјоделието треба да биде стожерот на развојот на Република Македонија. Ние само така може да одиме напред. Јас не зборам дека немаме ние луѓе кои што се занимаваат и со висока технологија и со, можеби, највисока технологија. Ние имаме успешни фирми кои што се добри во тој бизнис, или во металната индустрија, или во останатите индустрии. Но, иднината и перспективата на Република Македонија е во земјоделието. Само така може да одиме напред. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Стаменков.

Господине Арсоски, имате реплика?

Три минути, повелете.

**Славе Арсоски:** Добро, веројатно, искажувањата што ги кажа колегата Стаменков може да се реплицираат и на повеќе сегменти, но би сакал да реплицирам на некои сегменти каде што во дел се изнесуваат и невистини, во дел, веројатно, такви се гледиштата повеќе од популистички аспект.

Прво, да расчистиме со прашањето со дефицитот, бидејќи вчера го засегнавме истото прашање и треба да се каже во суштина што е дефицитот. Кажав и вчера, а денеска ќе повторам и за јавноста, тоа значи повеќе да потрошиш, отколку што ќе пеибереш. Односно, тоа што треба да се потроши, на некој начин мора некогаш да се покрие. И факт е дека овој дефицит, во овие реални прилики кои што владејат во нашата земја е издржан и не е многу голем, околу 1 милијарда денари, односно 0,6% од Буџетот и како таков е издржан.

Се споредуваат со Франција, Англија, дека можело да има поголем дефицит. Тврдам дека кај нас поголем дефицит не ни треба, од аспект, од друга страна што, ако истиот дефицит мора да се покрие со нови задолжувања, а ние се бориме тој јавен долг да го намалиме и успеавме да го намалиме и нашата земја е во средно задолжените земји и по тој основ, значи тука треба да се расчисти прашањето дека повеќе трошење не треба да има, отколку што се прибираат средства во буџетот.

Второто прашање, и на Комисијата го употребив, во делот на персоналниот данок, односно нивото на прибирање на персоналниот данок и треба да се каже вистината дека прибирањето на персоналниот данок оваа година не бележи намалување, туку обратно соодветно

зголемување, а не ја кажуваат вистината дека со новиот закон за финансирање на единиците на локална самоуправа 3% од персоналниот данок директно ќе се влева во касата на општинските буџети. Не во Централниот буџет. И затоа, тоа што се злоупотребува, односно се кажува дека има намалување на персоналниот данок, односно поврзано со вработувањето. Значи таа е вистината со персоналниот данок. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Стаменков, да видиме ваша дефиниција за дефицит.

Повелете.

**Ванчо Стаменков:** Добро, јас го кажав моето мислење. Не очекувам да се сложуваме со господинот Арсоски. Тоа е нормално да имаме различни мислења. Така да, едноставно тој така мисли, јас мислам на овој начин.

Додека ова не е точно што кажа дека од персоналниот данок, дека 3% кој што ги кажа. Да ви кажам колку е точната бројка колку е перзоналниот данок, издвоен во локалната самаоуправа. Тоа се околу 250 милиони денари. Па вие направете математика, пресметајте да видите колку, како тоа е намалување. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Збор има госпоѓа Самоиловска.

Повелете.

**Ганка Самоиловска Цветанова:** Почитуван претседател, почитувани пратеници, почитуван министер за финансии.

Дозволете ми на самиот почеток искажувајќи го моето мислење во врска со предложениот Буџет за 2006 година да констатирам дека истиот не одговара на ветувањата на Владата дадени во еден предходен период.

Мојот коментар во многу нешто ќе наликува на моето минатогодишно излагање во врска со Буџетот имајќи во предвид дека вака структурираниот буџет говори дека Владата или не сака или нема капацитет сериозно да се нафати со спроведувањето на толку неопходните реформи за македонското општество.

Уште еднаш ќе ја констатирам дискрапанцата помеѓу зборовите и делата односно помеѓу она ветеното и она реализираното.

Во врска со така наречените реформи исто како и минатата година предвидени се средства за расходи, а за истите не постојат детални програми. Колку професионално се направени и со каков капацитет се располага говори натрупаниот суфицит во Буџетот за 2005 година кој тотално не кореспондира, за жал, со претходните направени прогнози и анализи од страна на Министерството за финанции.

Тука е министерот, па дали може да ни објасни зошто имаме суфицит во Буџетот и дали можеби е последица од лошото буџетарење во министерствата. Веројатно тоа е резултат, тоа најдобро Владата го знае, како резултат на лошите програми и лошото професионално раководење.

За успех се претставува самиот начин на кој е предложен Буџетот. Во воведот се вели дека се продолжува со реформите. Од ова произлегува дека досегашните реформи се толку успешни што сега преостанува само да се продолжи со истите. Колку се успешни најдобро знаат македонските граѓани кои ги почувствуваа на својата кожа особено оние реформи во администрацијата, судството, борбата со корупцијата и економијата.

Во врска со макро-економската состојба на Република Македонија би прашала дали постигнатиот раст на бруто домашниот производ е плод на целосниот економски развој во сите сектори на економијата или можеби се должи на работата на три-четири фабрики од тешката индустрија и нивната добро стекната позиција во однос на пласманот на нивните производи на меѓународниот пазар.

Прашувам, што би се случило со распад на БДП доколку настанат проблеми во тие фабрики или се случи промена на цената на челикот и обоените метали на меѓународниот пазар. Што ќе се случи доколку овие фабрики започнат редовно да си ја плаќаат реалната цена на струјата или да започнат да си ги расчистуваат долговите кон ЕСМ кои изнесуваат некаде околу 20-25 милиони евра. Согласно нашиот Устав и нашите Закони сите стопански субјекти во Република Македонија се еднакви и одтука прашувам зошто на некои им е дозволено да користат даночни олеснување, а на други не. Зошто се дозволува едно државно претпријатие да финансира приватни стопански субјекти и тоа на сметка односно на штета на сопствените загуби и на штета на Буџетот на Република Македонија.

Ова го говорам, бидејќи е во тесна врска со макро-економскиот развој на Република Македонија и во врска со најавите за зголемување на цената на електричната енергијај за 2006 година како и ефективното плаќање на ДДВ и данокот од добивка.

Лично сум убедена, а претпоставувам дека сите ќе се согласите со мене, дека долгот на овие неколку приватни стопански субјекти од 20-25 милиони евра долг кон ЕСМ воопшто не е за потценување. Од предложениот буџет и објасненијата дадени во врска со истиот воопшто не гледам начин на кој ова прашање или овој проблем ќе биде надминат.

Минатата година зборував за состојбите во платежниот биланс и високиот трговски дефицит. Годинава интересен е еден податок кој говори дека нискиот дефицит кој е блиску до нула се должи на високиот прилив на свежи пари или приватни трансфери во државава кои се некаде 4 пати поголеми од нивото на странските инвестиции во Република Македонија.

Ова, за жал, не е спомнато никаде кога ни се зборува и кога ни се пласираат резултати за работењето на Владата за 2005 година. Сето ова

комбинирано со високата безработица се клучните забелешки во сите критики на меѓународните финансиски институции во однос на економскиот развој на Република Македонија.

Во однос на буџетската политика во објаснението дадено во врска со Буџетот стои: Буџетот како инструмент е најважен инструмент за економската политика на современата држава.

Предвидувате зголемување на расходите за 2006 година, но знаејќи ги резултатите од изминатите три години едноставно не би можеле да побаруваме во истите. При вака запазената структура на Буџетот каде преовладуваат расходи за плати и социјални трансфери наспроти намалените капитални инвестиции како да го разбереме кажаното од вас за Буџетот како најважен инструмент за економската политика на една современа држава. Единствениот начин на кој истото можеме да го разбереме е следното. Не ефективно структуиран буџет или како што стои во Извештајот за глобална конкурентност изготвен од Светскиот економски форум во кој Република Македонија за 2005 година е рангирана на 85 место помеѓу 117 држави. Цитирам:

Најголеми забелешки на сметка на Република Македонија се нерационалното трошење на буџетските пари. Тоа значи дека отсуството на промената на структурата на Буџетот за 2006 година значи и отсуство на реформите. Се повторува истото она што се случи со Буџетот од 2005 година. Се прават обиди да се изманипулира и домашната и меѓународната јавност дека оваа Влада е Влада на реформи иако цифрите говорат нешто сосема друго. Овој Буџет изгледа повторно е буџет за купување гласови на претстојните парламентарни избори. Како поинаку да ја сфатиме и протолкуваме прокламираната, од страна на Владата, реформа во државната администрација кога имаме зголемување на расходите за плати и социјални трансфери. Би можела да констатирам систематско не спроведување на реформите во администрацијата наспроти декларираните заложби имајќи во предвид дека Буџетот вака предложен и вака структуиран е идентичен со оној од 2005 година.

Навраќајќи се на констатацијата која стои во објаснението и образложенито за Буџетот дека Буџетот е најважен инструмент на економската политика на современата држава можеме да заклучиме дека Република Македонија или не е современа држава или така направениот буџет е далеку од совршен бидејќи веќе три години не се забележуваат никакви подобрувања во сферата на економијата.

Најголемиот дел од критиките на меѓународните институции се однесуваат токму на отсуството на реформите во судството, државната администрација, лошата структура на Буџетот, недостатокот на создавање на услови за влез на странски инвестиции во Република Македонија, како и не решавањето на проблемите со загубарите кое резултира со одлив на големи средства од Буџетот.

Мислам дека е сосема непотребно повторно да се навраќам, како што тоа го направив и минатата година, впрочем на реформите во Уравата за јавни приходи особено во делот за собирање на даноци. Излегува дека за една од најважните функции во државата - собирањето на даноци, не е предвиден соодветен третман, па ниту финансиски со што би се постигнал поголем прилив на средства во Буџетот од што би произлегло значително намалување на буџетскиот дефицит од кое пак би произлегло намалувањето на задолжувањето на Република Македонија во странство.

Во изминатите три години за најважната свера собирањето на даноците што претставува срцевина на една административна реформа буквално ништо не е направено.

Од предложениот буџет повторно ништо не се предвидува без разлика на донаторските програми во таа свера.

Од сето ова можеме да констатираме дека постои грешка при конципирањето на реформата во администрацијата доколку таа не води до намалување на расходите и зголемувањето на приходите во Буџетот. Цената на оваа грешка, за жал, ја плаќаат сите граѓани на Република Македонија.

Како дополнување на предходно кажаното ќе го споменам и Буџетот на Агенцијата за развој и инвестиции кои изнесува не повеќе од 68 милиони денари, со вкупен број вработени 10, агенција која треба да работи на една од најважните свери на Република Македонија, а тоа се привлекување на странски инвестиции.

Инаку, само за потсетување, во изминатите години беше најавуван бум на инвестиции, на странски инвестиции. Сите овие примери ни даваат за право да констатираме дека Буџетот на Република Македонија предложен вака како што е за 2006 година значително се разликува од декларативните заложби на Владата.

Недостатокот на реформите се гледа од структурата на самиот Буџет. Ниското ниво на собраните приходи кое е последица на недостатокот на потребните реформи во органите одговорни за тоа како и недостатокот на конкретни детално разработени програми е доказ за индолентниот однос на Владата кон решавањето на реалните проблеми на македонските граѓани.

Што се однесува до судските реформи кои треба да бидат клучни и да се стави акцент во следната година, бидејќи тоа се еден од главните услови за нашето целосно интегрирање во големотот Европско семејство, приходите обезбедени од судскиот систем изнесуваат 556 милиони денари додека за проекти за реформи во судството предвидени се само 5 милиони денари. Да не заборавиме дека е тоа една од најкритикуваните свери со чија реформа би се подобрила бизнис

климата во Република Македонија и условите за привлекување на странски инвестиции. Да не ги заборавиме борбата со корупцијата како и заштитата на приватната сопственост.

Со ставката предвидена во Буџетот за реформите во правосудството едноставно е невозможно истите да се спроведат во целост и тоа токму во годината која е прокламирана како година на судските реформи.

Во однос на економскиот развој би споменала еден интересен, може да кажам и парадоксален податок, каде пишува дека за подршка на мали и средни претпријатија предвидени се само 8 милиони денари наспроти преструктуирањето на загубарите кое ќе чини 161 милион денари.

Во однос на реформата на јавната администрација би го кажала следното: процентот на расходите за плати во администрацијата изнесува 55-60% од сите останати расходи. Во предходниот буџет зборувавте за намалување на масата на платите додека сега тоа воопшто не се споменува. Напротив, имаме зголемување на ставката за плати во Буџетот. Тогаш за каква реформа воопшто зборуваме во администрацијата.

Од предходно кажаното би можеле да произлезат следните генерални забелешки заради кои нема да гласам и нема да дадам подршка на вака предложениот и структуиран буџет.

Исклучително високиот процент на расходи за плати и социјални трансфери кои се резултат на недостаток на визијата на Владата за спроведување на вистински реформи на администрацијата, судскиот систем и борбата против корупцијата.

Понатаму, исклучително високо ниво на расходи за други економски работи, како што стои, што говори за мешањето на Владата во работата на приватните македонски стопански субјекти.

Понатаму недостаток на визија за создавање на функционална пазарна економија наспроти моделирањето од страна на Владата на истата таа економија по социјалистички терк.

Уште еднаш ќе го констатирам одсуството на вистинските реформи кои треба да се спроведат во Република Македонија како би се подобрила бизнис климата и би се дал поттик на развојот на малите и средните претпријатија што представува основа за гаранција за пазарниот развој на една економија и води до промената во структурата на БДП.

Понатаму, неправилна распределба на буџетските расходи која одново создава предпоставки за корупциски дејствија. Сметам дека нивото на расходите може да се намали со сума која е блиска до нивото на буџетскиот дефицит т.е. нула со што би се намалиле каматните стапки како и дополнителното задолжување на Република Македонија кон странство.

На крајот сметам дека би требало да се ревидира приливот на приходите наспроти најавите на зголемувањето на цената на електричната енергија и уште еднаш би ја потенцирала активната улога на државната администрација во сверата на собирањето на даноците во државата.

Сега би ве замолила за дополнително внимание за да бидам најнапред доследна на самата себе и би сакала во продолжение да го искоментирам подетално и подробно Буџетот на Министерството за култура вака предложен за 2006 година. На самиот почеток да кажам дека е исклучително незадоволителен дури и разочарувачки незадоволителен имајќи во предвид дека Буџетот е намален во однос на минатата година на Министерството за култура за 100 милиони денари и она што е за мене многу неприфатливо тие намалувања од 100 милиони денари се прават не во сверата на платите и социјалните трансфери, туку во сверата на финансирањето на дејности од областа на културата.

Како репер нема да земам ниту една друга година, нема да ја земам ниту 2000, 2001,2002, туку како репер ќе ја земам 2003 година, мислам дека сум јасна во мојата поента, бидејќи токму таа година оваа Влада веќе беше етаблирана и го срочи Буџетот на Република Македонија како и Буџетот на Министерството за култура.

Дозволете ми по пат на една компаративна анализа да видиме каде се направени тие намалувања на финансирањето на дејностите од областа на културата.

За издавачката дејност во 2003 година доделени се 70 милиони денари за да 2005 година тие средства бидат намалени за 58 милиони денари додека во вака предложениот буџет за 2006 година истите се намалени за 44 милиони денари. Буквално се преполовени средствата за издавачка дејност во однос на Буџетот од 2003 година.

Филмската дејност бележи намалување од една третина во однос на 2003 година. Значи во 2003 година за филмската дејност биле определени и потрошени 93 милиони денари за да 2005 година потрошиме 70 милиони денари и во 2006 година предвидено е да се потрошат само 60 милиони денари.

Понатаму, заштитата на спомениците на културата. Јас кажав дека предходните години нема да ги коментирам, но тука не можам да не ја спомнам рекордната година 2002 кога за заштита на спомениците на културата беа доделени рекордни 154.500.000 денари. 2003 година тие средства изнесуваа 110 милиони денари за да 2005 година бидат намалени на 93 милиони денари и 2006 година истите да се преполоват и да бидат 61 милион денари. Сметам дека најдрастично намалување има во онаа свера во која треба да положиме најмногу внимание како и најсоодветен финансиски третман, а тоа е заштитата на спомениците на културата.

Музејската и кинотечната дејност 2003 година доделени 70 милиони денари, 2005 година 45

милиони денари за да годинава односно 2006 година, јас не можам поинаку да кажам, но навистина срамни 21 милион денари.

Како што кажав финансирањето на дејности од областа на културата во однос на минатата година е намалено за 92 милиони денари додека во однос на 2003 година истото е направено со 130 милиони денари.

На Комисијата за култура кога дадовме забелешки за вака конципираниот буџет за Министерството за култура ни беше кажано дека вака конципираниот буџет е во функција на европските интегративни процеси, како и акцент на неопходните реформи кои треба да се случат во следната година.

Во оваа прилика јас би истакнала дека за жал една политичка елита на културата не само што не и полага вистинско внимание, туку ја третира како начин на разубавување на одредени политички настани, или поконкретно како интермецо помеѓу она што значи официјален дел на еден политички настан и коктелот кој што треба да следи. Во оваа прилика јас ќе кажам дека културата е многу повеќе од тоа, културата е процес, културата е концепт, културата е начин на размислување, на однесување и на живеење. Доколку сакаме навистина да станеме дел од големото европско семејство, доколку сакаме да покажеме дека заслужуваме да бидеме дел од големото европско семејство, најнапред покрај сите неопходни судски реформи, реформи во администрацијата мора да ги прифатиме како дел од нашето севкупно живеење културните европските и општо цивилизациските вредности. Тука пред се мислам на културното наследство на она материјалното движно и недвижно и на духовното културно наследство на кое се разбира му е неопходен соодветен финансиски третман. Во оваа прилика за значењето на културата, дозволете ми да го цитирам еден од најцитираните автори на денешницаста кога е во прашање мултикултурализмот Чарлс Тејлор кој вели дека за да знаеме кои сме, најнапред треба да имаме поим како сме настанале и каде одиме. Од оваа говорница еден висок функционер на Владата кажа дека, ако е потребно ќе одржи и дополнително предавање со цел да не европеизира нас пратениците. За целосно наше европеизирање јас повторно ќе кажам не се само неопходни реформите во судството, туку и прифаќање и на културните европските и општо цивилизациските вредности. Би потенцирала дека во земјите со долга демократска традиција во западноевропските земји културата има димензија на државна политика и таа токму така се третира. За жал, кај нас културата е на маргините на нашето севкупно живеење. И доколку ние навистина сакаме да покажеме и да демонстрираме дека заслужуваме да бидеме дел од големото европско семејство тоа треба да го направиме на соодветен начин, односно прифаќајќи ги тие културни европски вредности кои мора за жал да бидат поткрепени со соодветен финансиски третман.

Слободан Најдовски: Има збор пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Ѓорѓи Трендафилов: Благодарам господине Најдовски.

Многу педантно е подготвен Извештајот и при работата на комисиите дел од пратениците кои секако се разбира ниту од далеку не се со оној интелектуален капацитет како што е почитуваниот министер за финансии, ниту пак со неговите стручни познавања, се обидоа да разберат, а притоа на комисиите беа користени професионалните искуства на универзитетски професори од пооделни области. Јас такво искуство имав на Комисијата за одбрана и безбедост каде што се обидовме да добиеме некакви објаснувања, но тоа повеќе беше би рекол разговор помеѓу самите членови на Комисијата кои си се прашувавме повеќе меѓусебе што значи една ставка, а што значи друга ставка, без некој посебен осврт како тоа ќе се одрази на Буџетот. Така што таму не добивме на пример објаснување, можеби министерот за финансии ќе објасни. На пример во Министерството за одбрана сектор недвижности и услуги повеќе не постои, а сепак Министерството за финансии одделува 67 милиони за сектор кој повеќе не постои во Министерството за одбрана. И верувам дека тоа се поклопува со средствата кои се одделени на пример за интеграции во НАТО кои се во висина од 423, 526, а да речеме на ситни алатки и ситен инвентар ќе потрошиме 825, 659, или некои педантни универзитетски професори кои ние ги користевме како експерти на Комисијата за одбрана и безбедност рекоа дека на ситни алатки и некако ситен инвентар државата има намера да потроши во следната година околу 35, 36 милиони евра. Не ми е јасно, иако и министерот во своето експозе се осврна на трајните определби и цели на Република Македонија за зачленување во НАТО и во ЕУ, некакви ситни инвентари и алатки, а за да биде пак иронијата, или моето простете незнаење. Потоа следи ставка: тековно оддржување, некакви ситни алатки инвентари и слични дреболии да бидат поскапи и повисоко вреднувани од Министерството за финансии отколку да речеме интегрирањето во НАТО. Да не спомнувам дека на пример за мировни и хуманитарни мисии, ние имаме две такви мисии, едната е со мировен и хуманитарен карактер во Авганистан ние издвојуваме само 138,820. Значи, покрај тоа што издвојуваме средства за сектор кој повеќе не постои во Министерството за одбрана, а оваа бројка што ја кажав, а кога ни беше сугерирано од експертите на околу 35 милиони евра на годишно ниво, секако важи за сите ставки по буџетите кои им се оставени на министрите да раководат со финансиите во следната година која да потсетам е изборна година и сите тие вкупно се далеку, далеку повеќе од средствата кои Министерството за финансии ги издвојува да речеме за евро-

атланските интеграции, без разлика дали станува збор за реформите во јавната администрација, односно без оглед дали станува збор воопшто за реформите во поглед на приближување кон ЕУ, или пак за приближување и зачленување во НАТО. Постои голема разлика да речеме и на оперативните трошоци за кои јас секако не ни претендирав дека ќе успеам да ги разберам овие работи кои се наведени во Буџетот за следната година, но исто така консултирајќи ги повеќе, или помалку истите експерти кои беа учесници на собраниските комисии дали тие би успеале да доловат со нивното академско умеење кое се надевам е еднакво на капацитетот на министерот за финансии околу оперативните трошоци и разликата која се јавува. Така на пример во делот претседател на Република Македонија, зборувам месечно, оперативни расходи по вработен се 200 илјади денари. Агенција за разузнавање се 45 илјади, Собрание 77, Антикорупциска комисија 180, за Секретаријатот за европски прашања едноставно нема такви податоци. И сега не можев да разберам нити јас, а нити професорите што всушност се случува во Службата за општи и заеднички работи каде што тоа е 115 илјади. Да не зборувам дека во Министерството за внатрешни работи на пример тоа е само 44, а Центарот за управување со кризи кој со голема помпа беше во повеќе наврати и на пленарните седници кога беше Предлог законот за формирање на центарот за управување со кризи и во повеќе наврати кажаното дека повеќето земји, ако не и сите земји кои се членки на НАТО, Центарот за управување со кризи добива големо значење, ззатоа што земјите од европскиот континент се соочуваат воопшто со закани за кои постојните капацитети во поглед на безбедноста не можат да најдат одговор е само 30 милиони. Така што како што кажав мојата маленкост не се ни обидуваше да ги свати. Но, јас жалам што не успеаа нити професорите кои како експерти беа покан ети на неколку собраниски комисии, не успеаа да дојдат до одговорот зошто е оваа разлилка. Сакам да истакнам дека и во експозето на господинот Поповски во неколку наврати се зборува за порастот на производството во Република Македонија и статистички сето тоа навистина изгледа многу убаво, дека Република Македонија ја подобрува својата економска клима, дека Република Македонија има и извозен капацитет и дека Република Македонија во 2006, 2007 и конечно 2008 година ќе успее постепено да дојде до еден раст кој ќе и овозможи рамномерно приближување кон останатите земји од регионот. Ние секако не можеме да се рамниме со високо развиените земји од Европа, но можеме со соседите од типот на Република Бугарија, Република Романија, Србија и Црна Гора. Но, исто така нема никакво објаснување за методологијата по која се пресметуваше растот во период од 2003, 2005 година во неколку наврати е променета. Се разбира, бидејќи Буџетот на Република Македонија не е наменет за членовите на МАНУ, туку е наменет за членовите н а Парламентот, секоја чест на колегите кои можат да се снајдат. Јас не се снаоѓав баш најдобро. Не ми е јасно зошто нема објаснување според која методологија. Знаеме дека ние имавме доста проблеми околу утврдувањето на методологијата, околу постапката, околу раководните кадри во Заводот за статистика и го разрешивме тоа така како што сакаше Владата, едоставно ние ги сменивме раководните лица.

Она што навистина би сакал како одговор да го слушнам, бидејќи зад нас се уставните измени во поглед на реформите во правосудството, би сакал да му укажам на господинот поповски дека можеби во иднина Обвинителството ќе му падне на памет и ќе се обиде да разбере зошто министерот за финансии одвојува средства за сектор во Министерството за одбрана кој не постои, а мислам дека тоа е, ако не се лажам и некаква злоупотреба на службена должност. Ние впрочем такво нешто имаме. И објаснувањето како е возможно ситни алатки и ситни дреболии, барем така се напишани, покрај она што е тековно одржување, а секогаш тековното, ставката за тековно одржување практично во сите ставки во однос на ставката за ситни алати и набавки секогаш е за половина помалку на годишно ниво да изнесува околу 35, 36 милиони евра. Сакам да потсетам дека доколку се покаже дека овие пари се свесно, а министерот за финансии треба да знае дека не смее да дава пари на сектори кои одамна не постојат, или се укинати токму со реформите во јавната администрација и токму со реформите во Министерството за одбрана во поглед на нашето приклучување во структурите на НАТО би било добро да размисли што би одговорил доколку се покаже Обвинителството доста виспрено, како што се покажуваше во изминатиов период.

И конечно би сакал навистина би сакал мене барем таа дилема да ми биде начисто, разликата во овие оперативни трошоци по вработен на месечно ниво, почнувајќи од 200 за претседателот на Републиката, ајде можам и некако да претпоставам, бидејќи станува збор за институција претседател на Република Македонија, но не можам да сватам од каде произлегува оваа огромна разлика меѓу Службата за општи и заеднички работи која изнесува 115 и да речеме Центарот за управување со кризи на само 30 и Мимистерството за внатрешни работи на 44, Собранието е со 77 на месечно ниво по вработен. Јас не успеав да ги најдам оперативните трошоци по вработен на месечно ниво за Секретаријатот за Европски прашања, можеби господинот Поповски ќе ни излезе во пресрет и во понатамошниот тек на оваа пленарна седница ќе одговори на овие прашања за разликата на оперативните трошоци на месечно ниво на што се должи таа, зошто се издвојуваат средства за сектори кои повеќе не постојат во Министерството за одбрана и зошто на државно ниво за следната година Министерството за финансии решило да им дозволи на министрите, иако ние одевме во овој

период со една кампања за да се скратат дискреционите права на министрите во Владата на Република Македонија, ние сепак како држава ќе потрошиме околу 36 милиони евра за ситен инвентар, алат и други материјали за поправки како што стои прецизно во 423 и потоа 424 е практично низ цел Буџет секогаш од прилика за половина поправки и тековно одржување секогаш за половина е помал од износот кој е во претходната ставка. Бидејќи ние се трудиме во овие неколку години да докажеме дека Република Македонија реално ги спроведува реформите, а не само на хартија, зошто тогаш оваа ставка 423 е далеку, далеку повисока од двете ставки кои се однесуваат и на унапредување, односно интеграции во НАТО и на учеството во меѓународни мировни и хуманитарни мисии. Тие две ставки заедно ниту од далеку не можат кога ќе ги соберете, ниту од далеку не се блиски само со оваа, ситен инвентар, алат и други материјали за поправки.

Развојна компонента се разбира не може да стане збор за нешто такво, особено ако го земеме во предвид, само да го погледнеме Буџетот на Министерството за внатрешни работи н а пример, иако од една страна сакаме да зборуваме дека во рамките на приближувањето кон НАТО граничното обезбедување премина во рамките на полицијата и тоа го истакнуваме како некаква предност, скоро 85% од Буџетот на Министерството за внатрешни работи, 82% од Буџетот на Министерството за внатрешни работи ќе оди само на плати, а при тоа очекува реформа на полициските единици, граничната полиција воопшто не е поврзана ниту со елементарен систем на комуникации со најблиската полициска станица.

Доколку ми дозволи господинот Најдовски следниот пат кога јас како пратеник ќе поставам прашање, а тоа е дека оваа Влада се фалеше дека се ослободи од 34 илјади вработени во јавната администрација, ако господинот Поповски нема ништо паметно да каже, би сакал одговори од типот: Вашето прашање господине Трендафилов е несериозно. А, јас ве прашав, зошто не ги намаливте даноците, ако вие како Влада која стапила на власт на 1-ви ноември како што велевте вчера 2002 година се ослободивте од 34 илјади партиски војници во јавната администрација. Веднаш потоа не ги намаливте даноците, туку напротив ги зголемивте. Ве молам во иднина глупости немој да ми пишувате.

Благодарам господине Најдовски за последната реченица.

Слободан Најдовски: Ви благодарам. Тоа си е ваше право.

Има збор пратеникот Тито Петковски.

**Тито Петковски:** Почитуван господине потпретседател, господине министер, почитувани колеги. Кога го слушав пред малку претседателот на Собранието околу коментрот за настапот на господинот Стаменков во врска со Буџетот, се присетив на херојското време на македонскиот парламентаризам 90-тите години, 1991, 1992 година, говорам херојското време, бидејќи тогаш оваа сала врвеше од народ. Беше и премиерот и целата Влада, министерот за финансии, тогаш овде имаше рововска битка што би се рекло за секоја ставка, за секоја позиција. А, претседателот на Собранието го опомена господинот Стаменков дека не го слуша опозицијата, односно неговите колеги. Министерот си е кул, расположен, знае дека нема да има никаков проблем, Буџетот ќе се усвои и ќе има Парламентарно мнозинство кое тоа ќе го обезбеди. Опозицијата може да говори што сака, ама нема шанса да промени ништо. И нешто друго. Знам, го разбирам министерот, ова што ќе го говорам веднаш да нагласам, тоа не може да го промени сам, тој ја претставува Владата. Но, Буџетот е резултат на една колективна работа на Владата која ја презентира само министерот за финансии кој во секој случај е и еден од одговорните министри за физиономирање на Буџетот. Меѓутоа, тој не може сам да го состави Буџетот. Што сакам да кажам со ова? Значи, навистина кога станува збор за еден од најважните документи што го носи Парламентот во текот на годината, Буџетот, треба да имаме многу поголема мотивација. Мотивацијата е исклучена, односно отсутна од едноставна причина што Буџетот е склопен како и секогаш до сега направен е, имате приходна страна, имате расходна страна. Тука некој може да измени некоја ставка само со амандман, меѓутоа исто така мора да каже да се избори од каде, од кои позиции ќе земе, па да префрли на друга позиција. Буџетот доаѓа пред пратениците онаков каков што мора да се усвои со мали измени.

(Со седницата продолжи да претседава претседателот Љупчо Јордановски).

Кога размислував дали да се јавам за збор и присетувајќи се на овие години, реков сепак ќе кажам што мислам како би требало од стартот на идната година според мое мислење да се однесуваме кон овој најважен документ. Како Комисија за одбрана и безбедност имавме можам да кажам еден ангажман во сферата на создавање или градење претпоставки за планиран програмиран буџет или популарно наречен ППБС, систем што значи планирање, програмирање и буџетирање на средствата, организиравме неколку тренинг семинари со луѓе одговорни од Женева, од меѓународни институции и дури ако се сеќавате минатата година, иако си зададов обвска да не говорам кога станува збор за буџет бидејќи е беспредметна сета оваа дискусија со денови што ја водиме, нема да учествувам во расправата, пред тоа никогаш и не сум учествувал, рековме да се обидеме дали можеме да направиме буџет во кој ќе партиципираме како пратеници, да го користиме потенцијалот, креативен, како држава со кој што располагаме, да влијаеме на физиономијата на буџетот, на проекцијата и врз таа основа да вршиме парламентарен надзор врз трошењето на парите, бидејќи во оваа сфера најмногу се трошат

пари, во сферата на одбраната и безбедноста најмногу пари се трошат. А парите се на граѓаните, нели, не би било демагошки сите овде што говоревте да спомневте дека станува збор за даночни обврзници, станува збор за луѓе што плаќаат придонеси, плаќаат царини и тн. Тоа се главно луѓе кои не знаат следејќи ја оваа наша расправа каде одат парите кои ги издвојуваат, а ние како нивни претставници сметавме дека ќе правиме некој обид да партиципираме на самиот старт во подготвувањето односно во анализите, правењето на анализите за состојбите во општеството во ресорите, во секторите и на таа основа да се програмираат средства за да можеме да имаме увид и контрола и утре да можеме да им кажеме одговорно на граѓаните кои не избрале да, во името ваше сме овде и можеме да сносиме одговорност за она што вие го барате од пратениците како ваши претставници во Парламентот.

Значи овој систем на планирање, програмирање и буџетирање особено во сферата на одбраната и безбедноста, развиените земји особено САД го планираат и го применуваат уште од 1960 година и до ден денес. Тоа е систем што функционира во западниот свет. Јас мислев дека ние независно од сите проблеми со кои се соочуваме имаме обврска, ако веќе влегуваме во малку подотворена врата на Европа, дека од самиот старт на идната година мораме да се однесуваме европски, односно да ги почитуваме стандардите на земјите од Европската унија и во случајот кога станува збор за изготвувањето на Буџетот. Тоа значи веќе после 1 јануари кога почнуваат да се трошат парите од новиот Буџет да почне подготовката, консултациите, разговорите во сите сегменти на општеството и од сите корисници на Буџетот за да може да имаат самите, во самиот старт, увид што е она што дефинитивно на крајот на годината ќе се скрои како буџет за идната година. Имено, имаме лимитирани средства што се собираат од Буџетот, тие се толку колку што се прикажани во Буџетот како можни. Има различни ставови дали ќе треба да се оди и на буџетски дефицит. Познато е во земјите, една од најбогатите и најмоќните земји во светот е најзадолжена земја, тоа се САД, покажуваат и најголем буџетски дефицит. Ќе речете дека не е исто и јас се согласувам дека не е исто. Ние треба поинаку да се однесуваме. Впрочем и треба да зависиме од нив и кога влегуваме во семејството на богатите европски народи и држави кои со многу поизострена диоптрија гледаат и следат што се случува кај нас и што правиме, меѓу другото, и во сферата на трошењето на парите на граѓаните или државните пари ако сакате. Значи да бидеме во состојба на самиот старт да можеме да определуваме приоритети. На министерот за финансии тоа страшно му е тешко бидејќи, колку што читаме од медиумите, ниеден министер не е задоволен со средствата кои му се планираат во прекцијата на Буџетот за идната година. Значи тешко е да се излезе во пресрет на барањата на сите министри и министерства, но едно е сигурно дека мораме да смогнеме сили од стартот на идната година да имаме еден друг пристап во изготвувањето на Буџетот. Значи анализите на состојбите во секторите, и да градиме државна политика, државна политика која во основа ќе почива на приоритети па да знаеме во 2006 година Македонија ќе има приоритет во следните сфери. Тоа беше предизвикот и мотивот зошто сакав да земам збор и ќе бидам многу краток, но за да бидам правилно сфатен ќе прочитам само две работи од македонската статистика, со извинување дека ов се податоци пред три месеци, можеби денес нешто суштествено е променето, за да кажам после тоа зошто мислам дека тоа е приоритет. Вели: "Денес (пред три месеци се разбира) секое трето семејство во Република Македонија е сиромашно. Според бројот на граѓаните што едвам преживуваат Македонија заедно со Молдавија е меѓи најсиромашните држави во Европа, со околу нецели 400 илјади невработени и над 67 илјади семејства што живеат од социјална помош. За корисниците на социјалната помош државата одделува од 1700 до 4200 денари месечно". Според тоа, тоа е реалната слика за стандардот на македонските граѓани денес.

Некои луѓе, се разбира поупатени од мене, аналитичари го тврдат следното. Имено, за да се подобри оваа крвна слика на македонските граѓани и македонското општество пари има. Ќе ви кажам за тој што го предлага тоа, јас не сум го правел овој преглед. Вели, ако власта ги ослободи од ДДВ основните прехранбени производи од потрошувачката кошница граѓаните годишно ќе имаат над 36 милиони евра за лична потрошувачка. Ако пак се намали ставката за ДДВ за потрошена струја за домаќинства од 18% на 5 граѓаните ќе располагаат со уште 20 милиони евра. Уште 37,5% милиони евра може да се добијат доколку лицата постари од 65 години се ослободат од партиципација за лекови на рецепт и медицински услуги. Продуктивното вработување на 60 илјади невработени годишно би ја чинело државата околу 300 милиони евра на годишно ниво, што пресметано во проценти е 20% од Годишниот буџет. Реков дека ова не сум го пресметал јас, овие податоци ги добив од експертите во Македонскиот центар за економски истражувања, кои тврдат дека тоа е можно да се направи ако се има политичка волја и консензус од државата, ако се има осмислена државна политика.

Значи, сметам дека еден од приоритетите во Република Македонија во следната година мора да води кон остварувањето на овие цели. Значи со осмислена фискална политика, со осмислена долгорочна државна политика може да се дојде до целта, но треба да се има концентрирана политичка волја на политичките фактори во државата.

Следниот статистички податок, сосема кусо: Бројот на неписмените денес во Македонија исто така според овој преглед пред три месеци

изнесува 63 илјади. Основно училиште запишале но не завршиле дури 220 илјади луѓе. Околу 500 илјади граѓани имаат само основно образование, или изразено во проценти околу 56% од граѓаните во Македонија имаат основно образование, а само 6% имаат високо образование. Ако се земе предвид дека тие 6% со високо образование или огромен процент од нив не се вработени луѓе, нивното знаење не е ставено во функција на развојот на оваа држава, можете да замислите колку е сликата поразителна. Сега кажете ми и сами треба да си одговориме на прашањето дали со ваква квалификациона структура Македонија има шанса за брз од во европските интеграции. Мислам дека не треба многу мудрост да се каже не, особено во сферата, во ерата на современата технологија на интернет и тн. каде што знаењето- госпоѓа Самоиловска пред малку го цитираше Тејлор, говори дека знаењето, способноста е многу посилно оружје отколку атомската бомба. И не случајно, најбогатите држави ги земаат најумните деца од сите земји на Европа и светот, САД многу пари издвојуваат за купување на најталентираните и најспособните луѓе кои завршуваат факултет. А ако на ова додадете уште каква ни е состојбата со основните училишта, мислам дека нивната опременост и изгледот, за кои сме сведоци често пати да ги видиме на телевизиските екрани, не е ниту за 19-от век во многу школи, во многу училишта. Според тоа, за мене ова е вториот приоритет. Ако сака една нација да биде витална, ако сака на преден план да го стави знаењето, способни луѓе можат само да го забрзаат, да го динамизираат развојот на едно општество, приоритет мора да биде вложувањето во знаењето. Една компарација само што значи знаење. Јужна Кореја, тоа имавте можност да го видите бидејќи деновиве беше објавено во печатот, од Буџетот за следната година издвојува 20% за образование на сите нивоа. И не случајно стана гигант во индустријата и особено во современата технологија. Значи да повторам, парите, ресурсите, изворите се ограничени во Македонија, прашање е како ние ќе ги распределиме, а тоа значи на што ќе дадеме приоритет како земја.

Третиот приоритет што мислам дека овде беше многу елабориран, а кој што сметам дека треба да биде исто така важен, е вложувањето во земјоделието. Тоа е секторот во кој што најбрзо се ефектуираат вложувањата и се враќаат. Тоа е ресурс со кој располагаме најмногу и особено е битно што сите економисти велат дека земја која што ќе обезбеди исхрана за сопственото население, ќе обезбеди енергија и земја која има образован кадар не треба апсолутно да се грижи за својата иднина.

Според мене, ова се трите приоритети што Македонија треба да ги има во идната година. Тоа сега не е ни можно, бидејќи немаме таков пристап во изготвувањето на Буџетот, немаме ни такви анализи за состојбите, а впрочем одиме и по еден автоматизам. Тоа не се однесува само за оваа Влада, тоа не се однесува само за сегашната ситуација, туку сите овие години Македонија има таков престап во изготвувањето на Буџетот. Мислам дека имаме должност и имаме обврска како земја која што има статус на кандидат да тргнеме во сите сфери на нашето организирање на животот, вклучително и во изготвувањето на Буџетот, на начинот на кој што тоа го прават земјите од Европската унија, ако сакаме да бидеме сфатени како сериозен кандидат. Впрочем, секоја нормална држава профилира, проектира економски систем кој што ќе биде во состојба да обезбеди таа држава да функционира во подолг период, а на неговото население да му се гарантира биолошки опстанок. Македонија со вакви економски перформанси, со овој потенцијал, а ако сакате и со демонстрирање на оваа политичка волја е на добар пат уште повеќе да го осиромаши своето население, а државата да ја направи нефункционална. Впрочем, таква обврска имаме и во таа насока гледам, доколку навистина се определиме макар и со некој ребаланс на Буџетот на овие три сектри да дадеме приоритет во текот на идната година, не потценувајќи ниту еден друг сектор дека ќе бидеме на вистинскиот пат Македонија да ја профилираме како способна држава која ќе биде дел од развиениот свет. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Петковски.

За реплика се јави пратеникот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Благодарам претседателе. Покрај дилемата како да се обратам, ќе му се обратам на господинот Петковски, не знам дали со другар или господин, привелегијата да го наречам господин во Собранието, а другар надвор од собраниската сала. Само да ја искористам приликата како нов претседател на Комисијата за безбедност и одбрана и како овластен известител да кажам дека Комисијата едногласно со еден глас против од господинот Трендафилов реши да му предложи на Собранието да го рзгледа, претресе и усвои Буџетот.

Она што сакам да го кажам е дека во делот од дискусиите што ги имаше господинот Трандафилов на самата седница на Комисијата го кажа и овде и она што како фалинка го изнесе за Буџетот, во наредното работење на Собранието во делот на трошењето на буџетските пари и набавка на средствата за Армијата, ќе има прилика во наредниот период да го проверуваме како работа на Комисијата.

Сакам само да го потсетам господинот Петковски, кога беше претседател имавме донесено одлука на истата Комисија и препораки до Министерството за одбрана активно да учествуваме и тука апсолутно го поддржувам, зо тоа што од донесувањето на Буџетот минатата година до сега како претседател на Комисијата мене ми е жал што не ја искористивте таа законска можност да ги повикаме претставниците на Одбраната да ни кажат како ги трошеле парите. Се надевам дека во наредниот период како член на Комисијата на која сега сум јас

претседател ќе имаме прилика веќе после три месеци да побараме од Министерството да ни каже како се трошат парите на даночните обврзници, на граѓаните во Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Петковски.

**Тито Петковски:** Сосема кусо за второто прашање. Знаете дека на Комисијата напишавме писмо едновремено и до минситерот за одбрана и до министерот за внатрешни работи да реферираат, условно речено, на Комисијата, господинот Михајловски дојде, а господинот Манасијевски не дојде. Се договаравме неколку пати, но тоа беше уште пред годишните одмори и не дојде на средба на Комисијата бидејќи бил зафатен, а во моменти кога тој предлагаше не можеше Комисијата во полн состав да се состане.

И второто што сакам да го кажам е дека минатата година донесовме одлука едногласно на Комисијата кога го разгледувавме Буџетот, доколку не биде прифатен таквиот пристап во подготвувањето на Буџетот, говорам за делот на одбраната и безбедноста, Комисијата нема да го разгледува Буџетот за 2006 година. Тоа беше едногласна одлука, а тука има членови на Комисијата кои ќе потврдат. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Има збор господинот Љубчо Георгиевски, повелете.

**Љубчо Георгиевски:** Почитува претседателе на Парламентот, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Секоја година кога пред нас го добиваме Буџетот на Република Македонија едно е јасно дека со овој Буџет ја гледаме и сликата на економијата за државата во идната година. Значи, економијата не е нешто непредвидливо, не е нешто што има некои големи бумови или падови, туку сепак самиот Буџет ја дава перспективата и сликата што е тоа што можеме да го гледаме и она што можеме да го очекуваме од оние кои ја креираат и ја имаат можноста да ја формираат Владата.

Кога ја гледам денешната слика, големина, расходи и приходи на Буџетот на Република Македонија за 2006 година, за жал, можам да кажам дека глобално ќе ја дадам истата онаа оценка што ја дадов и за Буџетот за 2005 година, со тоа што драматичноста на тие оценки ќе ја зголемам барем за 10-15% во негативен правец, а оценките за Буџетот за 2005 година, ќе ве потсетам, беа горе долу доста песимистички и ќе се обидам самиот да се цитирам. За жал, и во Буџетот за 2006 година гледаме дека македонската економија во идната година ќе забавуива, дека македонската економија ќе се урива и дека единствено што можеме да го видиме од оваа слика е зголемување на сиромаштијата, на социјалните структури и на се она што значи уништување на гранки во нашата држава.

Во таа насока, уште еднаш кога стојам пред овој Буџет за 2006 година, подготвен од Владата на коалиционите партнери на СДСМ, не можам да не го искажам теснопартискиот интерес на ВМРО-Народна партија, а тоа е дека уште еднаш ни се потврдува оценката дека СДСМ треба да си го заврши мандатот до крај за да, не дај оже, некој остане неуверен во политиката, односно да не употребам претежок збор, во незнаењето на водењето на економската политика во Република Македонија. Затоа, можам слободно да кажам денес кога го имаме пред нас четвртиот Буџет после познатиот 15 септември на разните влади на СДСМ, ние едноставно не можеме да не заклучиме и да прашам што е со големата надеж што ја имаа граѓаните на 15 септември 2002 година, што е со големите економски бумови кои беа ветувани неколку пати во овие четири години и конечно, не можеме да не се запрашаме сакаме ли на реалноста да и погледнеме во очи преку овој Буџет кој го имаме пред нас и за кој расправаме.

Во таа насока веднаш на почетокот да ја дадам оценката дека не се согласувам со сите оние критичари кои ја обвинуваат Владата и министерот за финансии дека Буџетот на Република Македонија е многу голем, или незнам колку расте.

Почитувани парламентарци, јас напротив имам сосема различно мислење од сите тие критичари од таков тип. Јас жалам што Република Македонија има толку мал Буџет. Јас жалам што Република Македонија има едвај милијарда евра Буџет и жалам што ние не сакаме да се споредиме со економиите и државите на наше приближно или слично ниво за да погледнеме какви буџети и колкави буџети имаат тие. Не е проблемот во тоа дали нашиот Буџет е мал или голем, туку проблем е што тој ја дава вистинската слика на македонската економија, а тоа е дека македонската економија е сеуште премногу слаба за да може да направи еден солиден Буџет кој не е поголем од една средно голема фирма на запад.

Во таа насока јас само можам да додадам дека коа зборуваме за тој Буџет и за големината, не е суштинска тука номиналната бројка која ја ценам за многу мала, туку суштинско е како се зголемув атој Буџет. Дали се зголемува од економскиот развој на Македонија, од економскиот потенцијал, индустрискиот потенцијал, градежништвото, земјоделието, или пак се зголемува за жал со зголемвување на даноци и на така тешката состојба во сите овие гранки кои треба да бидат основни носители на развојот на македонската економија.

И кога зборуваме за големината на Буџетот и за неговото зголемвување јас само од тојаспект можам да ја критикувам политиката на Владата во формирањето на овој Буџет. За жал овие 4 години ние имаме перманентно зголемвување на даноците и тоа во суштински сектори и зголемувањето на Буџетот се прави врз основа на

дополнителни удари на широките народни исоцијални маси, а не се прави врз основа на некаква нова економска инвестициона активност или на некаква самостојна изворна економија во нашата држава.

Затоа почитувани граѓани јас со задоволство ја чекам секоја година расправата за Буџетот, затоа што сакале или не тоа е можеби единствениот пат кога со Социјакл демократите разговараме со цифри, со податоци, со голем број екзатни математики од едноставн апричина што целиот нејзин стил на работа и кога беа во претходниот мандат во опозиција  и кога сега се во Влада не се егзатните работи, не се математиките, не се бројките, не се процентите, туку повеќе сакаат да работат кампањски, политички пароли. Меѓутоа овој пат имаме сакале или не една таква ситуација каде што навистина пред нас имаме бројки,имаме податоци и покрај тоа што веднаш на почетокот јас како и многу други пратеници кои беа деновиве изразувам отворен сомнеж во тие податоци кои доаѓаат од Заводот за статистика, а честото менување на директорите во таа институции и ни дава за право да се сомневаме многу во тие бројки.

Во таа насока веднаш на почетокот ќе се посомневам отворено и во искажанио тпроцент за порастот на ЦДП за 2005 година, а уште повеќе ќе се посомневам во проекцијата за 2006 година. Зошто имам отворен сомнеж? Затоа што ако погледате врз основа на што се искажува цифрата за зголемениот ЦДП во 2005 година ќе видиме многу едноставно и многу брзо некакви несогласувања или нелогичности. Се поставува прашањето каде го гледаме порастот на индустриското производство, а ако се свртиме во секој град, во секоја индустрија вие секогаш слушате за затворени фабрики. Разликата е во методологијата, во новата методологија. За жал новата Влада на СДСМ откако дојде на власт и откако почна да бележи историски падови од минус 30%, минус 35% пад на индустриското производство ја смени методологијата на изработката на статистичките податоци во која едноставно фирмите што не работат добро, или се затворени, се во стечај во тековната година ги бришат од ниванта методологија на вадење на статистички податоци, а ги оставаат само тие кои работат, или допрва се отвораат. Сето тоа не доведува до еден јасен сомнеж дека ние имаме една лажна слика пред нас и за 2005 година, а за жал ништо не гледам дека ќе се смени и во лажната слика за 2006 година.

Во таа насока на сомневање према цифрите не ви го кажувам само тоа во порастот на ЦДП, индустриското производство и на другите гранки, истото можам да гокажам и во поглед на цифата на невработентие која се истакнува овде. Сите знаеме дека има едно масовно бришење на невработените во Република Македонија, па дури ќе изразам сомнеж и во она што се нарекува и тука постојано го слушам во последните месеци дека Владата на СДСМ има суфицит на Буџетот, меѓутоа не знае како да го искористи ид а го употреби тој суфицит.

Едноставно сметам дека тука има малку и едно предефинирање односно редефинирање на она што значи суфицит, како ние како Влада претходно сме го третирале суфицитот и она штонормално го третира целиот нормален свет како суфицит. Што е суфицит? Суфицит е ако сте предвиделе да остварите приходи милион долари, а сте оствариле милион и сто илјади долари. Суфицит не е ако сте планирале да потрошите милион долари, а вие сте потрошиле 500 илјади долари. Тоа за жал не е дефиниција на суфицит кој СДСМ 2-3 години сака да ни го продаде пред македонската јавност дека остварува суфицит, меѓутоа не можеле министрите да ги потрошат парите.

Дека е тоа така јас ќе дадам неколку примери. Ќе ве потсетам дека пред неполна година Владата на Република Македонија правеше ребаланс на Буџетот за да во тој ребаланс ги внесе парите од 40 милијони евра дивиденда од Телеком и кога беше правен ребаланс на Буџетот овде беше кажано дека меѓу другото парите ќе бидат потрошени за новите пасоши и за изградба на патот Штип-Струмица преку Радовиш. Ако денеска го погледаме завршетокот на Буџетот ќе видиме дека парит еод тие дивиденди за пасоши уште не се потрошени, затоа што проектот се префрла за идната година, а исто така ќе видиме дека нема ни еден метар пат од Штип-Струмица изграден. Што значи тоа? Тоа значи дека парите се влезени во Буџетот, меѓутоа со тие пари не се направени капитални инвестиции во Република Македонија туку се покривани дополнителни дефицити на Буџетот во Република Македонија. Тоа дека е така имаме и дополнителни податоци.

Вториот елемент, што станува, ако не се лажам, можеби цифрата не е точна, меѓутоа тоа е податок што го сретнав пред 15-тина дена во весници, не зборувам за странските евро-обврзници, туку зборувам за домашните обврзници кои Владата на Република Македонија ги издава на домашните банки и ако не се лажам цифрата е некаде од 100-130 милиони евра. Каде се тие 100 до 130 милиони евра во Буџетот за 2005 година, или 2006 година. Тоа е практично еден дефицит кој едноставно Владата го игра лево десно, меѓутоа тој е реален. Факт е дека перманентно една бројка од 100 до 130 милиони евра, а можеби идната година, затоа што се најавени нови обврзници таа ќе се зголеми и Владата со тоа го покрива тековниот трговски дефицит на сопствениот Буџет, а притоа заробува од банките во Република Македонија средства во истата таа горе доле висина и притоа тие пари наместо да се употребат во економијата на Република Македонија се покрива тековниот дефицит.

И не само што тие пари се заробуваат, туку од друга страна имаме една ситуација каде што во тековниот Буџет за 2006 година гледаме дека и камати ќе плаќаме за тие позајмици. Значи, сето

тоа зборува дека Владата на Република Македонија не само што има проблем со суфицитот, туку има сериозен проблем со дополнување на приходите на Буџетот на Република Македонија. И во таа насока бегајки од соочувањето со реалните проблеми што ги има за разрешување ние имаме перманенто зголемвуање на даноците во Република Македонија. Значи, не затоа што имаме суфицит, туку затоа што имаме перманенто, перманентно неисполнување на приходите во Буџетот. Во таа смисла ќе кажам и стотици фирми во Република Македонија на кои Буџетот им должи пари по разни основи, а тие пари исто така ниту се исплатени оваа година, ниту пак гледам дека има некоја посебна ставка во Буџетот за идната година. Стотици фирми имаат за земање пари од Буџетот на Република Македонија, тие водат судски процеси со Буџетот,односно Владата на Република Македонија за да си ги остварат своите реални приходи.

Сето тоа зборува дека ние имаме еден сериозен проблем при наплатата на расходите во Буџетот на Република Македонија за 2005 година, а што е многу жално ако не се направи нешто драматично во борабата против таа евазија на даночните приходи истото ќе се повтори иво 2006 година.

Како резултат на таа огромна евазија на приходите ние имаме перманентно зголемвуање на даноците по разни основи. Прво, ДДВ беше 5%, па 18%, потоа беа некои други ситни даноци, сега имаме зголемвуање на акцизите на цигарите, повторно имаме некои ускратувања на даночни повластици така што суштинскиот проблем за кој мислам дека Владата нема потреба да дава некоја лажна слика во Република Македонија треба јасно да се проговори за него и јасно да се каже дека Владата на Република Македонија има сериозен проблем не со суфицитот, туку со реалната наплата на тековните приходи во Буџетот на Република Македонија.

Нормално, во таа насока јас ќе спомнам и неколку елементи каде тие пари потонуваат, нешто за што ниту Владата е транспарентна, ниту пак имаме медиумска транспарентност во таа насока.

Почитувани парламентарци,

Во Република Македонија имаме перманентен, тоа се нови видови на шверцери затоа што ви гарантирам дека во времето на Владата на ВМРО таквиот тип на шверцери беа практично елиминирани. Ние во Македонија во овие неколку години имаме  перманентно евазија на даноците, на акцизите, па и на царините, преку двата најголеми стожери за полнењето на Буџетот на Република Македонија.

Кога станува збор за шверцери, јас не мислам за едно комбе пренесено од текстил преку некој граничен премин, туку мислам на онаа што суштински го полни Буџетот на Република Македонија. Ние во овие години имаме повторно воведување на шверц на нафта во Република Македонија од типот, влегува камион во Република Македонија, и кобајаги излегува за Косово, а нафтата останува во Македонија и се продава и без царина и без акциза и без ДДВ. Ќе ве потсетам, пред 2-3 години кога беше фатен еден случај таков во Штип ми се чини  Нико Петрол ли беше, тогаш сите Владата како институција не убедуваше дека  фирмата никогаш не се занимавала со нафта, туку се занимавала со зејтин, за да денеска сите гледаме дека Нико Петрол е третиот дистрибутер на нафтени производи во Република Македонија. И проблемот не е што тоа било само пред 2-3 години, туку јас отворено изразувам сомнеж дека во овие 2-3 години има перманентен таков тип на увози на нафтени деривати. Има и уште 2-3 фирми кои во таа насока можам да ги спомнам, ако некој е заинтересиран, што го прават истото. Истиот тип на шверц  се појавува и со цигарите. Се полни камионот од македонска фабрика, или пак од странство даоаѓа камионот, кобајаѓи поминува македонска граница, му се даваат документи, камионот останува внатре во Македонија.

Ќе ве потсетам, пред три месеци имаше голема афера во Грција на таа тема, ми се чини дека некои директори беа сменети таму, шверцот се правел преку граничниот премин  ми се чини во Битола, македонската царина дава еден смешен детски одговор дека таа немала увид што се случува на меѓуграничниот простор.

Значи, докази за таквиот тип на шверцови и на евазијата на приходи имате колку што сакате.

Во таа насока најдобар пример е самото Министерство за финансии нека си направи споредба, колку акцизи, царини зимала од цигарите и ДДВ да речеме 2001 и 2002, некоја година која била релативно нестабилна во Македонија поради кризата, и во денешната стабилна македонска држава. Во таа насока, мислам дека самите вие ќе си дојдете најдобро до резултатите, имате ли евазија на даночните приходи во суштинските сектори, таму кај што најмногу се полнат даноците во Република Македонија.

Во таа насока, кога веќе изразувам и сомнежи тука јас ќе го истакнам и податокот, дека за жал оваа Влада во Република Македонија македонската држава, македонските граѓани ги задолжи со нови 500 милиони долари. Оправдувањето на Министерството за финансии дека тие 500 милиони долари, се, реално над 2 милијарди долари е веќе македонскиот долг, меѓутоа тоа бил помал процент во вкупниот национален доход на Република Македонија. Со една разлика што 500 милиони долари се 500 милиони долари по номинала, а националниот доход во Република Македонија си го штимува Заводот за статистика на Република Македонија. Тука е таа не мала разлика зошто го изразуваме сомнежот дека и тој податок е подложен на сомнеж.

Повторно ќе спомнам дека, за жал, 500 милиони долари е задолжена Република Македонија, а не

гледаме ниту еден сериозен проект во Република Македонија.

Сега, да поминеме на тековниот Буџет. Зошто велам дека, кога ја гледам сликата на тековниот Буџет во Република Македонија не гледам ништо друго освен едно тотално економско тонење на македонската економија и на сите оние поважни социјални, здравствени сектори од кои зависи и на кои е потпрен граѓанинот на Република Македонија.

Во таа насока, што е тоа што сакам да го кажам?

Прво, со овој тековен Буџет кој е пред нас, за 2006 година гледаме дека тотално ќе се дотепаат некои гранки што се суштински за развојот и надежта на македонската економија, меѓутоа и на македонските семејства. Кој сектор да го погледнете, ќе видите дека едноставно му се пишува црно. Погледнете ги субвенкциите во земјоделието. Јасно е дека субвенциите во земјоделието се помали од минатата година, а, колкави беа во минатата година, самите земјоделци знаат, што значи дека во моментот, во процесот на уништување на макеоднскиот земјоделец, едноставно само ќе се дозабрза и едноставно ќе финишира.

Ако ги погледнеме градежните работници, исто ќе видиме дека преку капиталните инвестиции не може да се надеваат на ништо посериозно. И онаа економска ситуација, онаа позиција за која што плачеа пред неполн месец, сите тие здружени преку нивниот Синдикат, исто со овој Буџет им порачувате нема на што да се надеваат, туку можат веќе да зборуваат за затворање на многу од тие градежни капацитети.

Да погледнеме некоја од гранките во индустријата. Текстилната индустрија, текстилната индустрија, која е нападната со, навистина, објективни атаци од странство, дали од кинескиот пазар, дали од борбата и конкуренцијата со новите Источно европски земји, дали од падот на доларот, Владата на Република Македонија не само што не помислува никаква мерка да преземе за помош на таа гранка во која што се вработени можеби 50-60 илјади работници во Република Македонија, туку неодамна слушам дека со нови мерки им го загорчува дополнително животот.

Да одиме на здравствениот фонд. Повторно тука не можам а да не кажам нешто што за жал ми се чини дека веќе и сам осамен го кажувам. Ние, пред нас имаме Буџет на здравствениот фонд што е некаде 4 милијарди денари поголем од Буџетот кога фамозниот Војо Михајловски беше директор на тој Фонд. Четири години имате од 3-4 милијарди денари поголем здравствен фонд од времето на Војо Михајловски. Не ми е јасно, почитувани пратеници, како со 4 милијарди денари секоја година повеќе пари вие, во самото здравство, во тековното работење имате 10 пати повлошени услови на работење.

Не ми е јасно ако во тоа време со 12 милијарди се правеа за стотици милиони денари инвестиции, овде за 4 години нема ниедна инвестиција во здравство. Не ми е јасно како со тие пари во тоа време, ние на сите што бараа сини картони што не можеа да ги остварат, ние им ги дававме. Вие сега велите дека не можете да им ги дадете.

Конечно, не ми е јасно пак со тие 4 милијарди за идната година им велите на граѓаните на Република Македонија дека катастрофата и она што ќе го видат понатаму, допрва почнува од 1 јануари, затоа што реформите кои треба да уследат од 1 јануари, едноставно сите граѓани ги доживуваат како повеќе од катастрофа на здравствената политика во нивниот живот.

И, навистина не можам да си објаснам како Владата на Република Македонија не посвети една посебна седница. Како македонските новинари не се заинтересираат малку за таа ситуација, а да не зборувам за немањето на лекови. Прошетајте се во десетици болници денес во овој момент во Република Македонија не можете да најдете никаков антибиотик внатре во болницата. Значи, тука ова прашање го поставувам од два аспекти. Дека конечно 2006 година ќе дојде целиот резултат на вашата политика, на уништување на македонското здравство, на потонување на македонското здравство. Притоа, да спомнам дека од 35 милиони евра денешниот долг на здравството е зголемен на скоро 100 милиони евра долг кон разни доверители. И, навистина не ми е јасно како луѓето од Владата, како македонските медиуми, како јавноста едноставно е ладнокрвна. Едноставно, тој трет проблем како да не постои во државата. Кога треба да се соочиме и да кажеме дека е тоа проблем, и тоа стратешки проблем, не проблем паднал денес кровот или немало лекови. Вие како Влада имате стратешки проблем со здравството во Република Македонија и некој тоа мора отворено да го постави и да кажете како ќе го решавате. Тука пак доаѓаме до ситуацијата како се прибираат парите односно зошто не се прибираат во фондот. Второ, како се трошат тие пари кога буџетот веќе го гледаме дека го имаме.

Незнам дали да зборувам за други сектори. Еве, ќе спомнам една асоцијација со социјалната структура во Република Македонија. Мене навистина ме воодушевува ладнокрвноста на Владата на Република Македонија , начинот на кој гледаат на една огромна маса на граѓани на Република Македонија, кои буквално се доведени до работ на социјалното уништување.

Во таа насока тука сигурно на прв удар се оние 50 до 60 илјади вработени односно бивши вработени, дали стечајци, дали технолошки вишоци на кои едноставно им истекла онаа отпремнина која требало да ја добиваат и буквално сега живеат без пари или пак некои од нив живеат со илјада или 2 илјади денари социјална помош.

Вториот момент е системот во социјалната поллитика, каде што после 3 или 4 години се укинува социјалната помош на одредена

фамилија. Во таа насока јас сакам да кажам дека проблемот со една огромна маса, еве Светската банка вели дека апсолутната сиромаштија е некаде околу 21% и ако ја додадеме на тоа и другата сиромаштија, сигурно ќе биде и над 30 до 35%. Меѓутоа, ние имаме една реална ситуација, каде што тие 21% сиромашни во Република Македонија буквално гладуваат и Владата, креирајќи го буџетот за 2006 година да нема предвид дека има таква структура на граѓани во Република Македонија и да нема сериозен одговор на тоа прашање, тоа едноставно е незамисливо.

Погледнете ја денешната слика во Република Македонија. Очајни слики на социјални, на сиромашни, на сите страни во Република Македонија. Внимавајте, јас знам дека според моделите на пазарната економија Владата треба да им одговори, најдете си работа. Меѓутоа, прашањето е каде да ја најдат таа работа. Затоа, апсолутно е нужно тука да се смени нешто во политиката и тоа стратешки.

Конечно, доаѓаме до она главно прашање. Зошто во Република Македонија од власта на СДСМ нема економски промени. Зошто нема економски развој, туку само економско пропаѓање.

Почитувани парламентарци, јас ќе ве потсетам дека и она што го нарекува Светската банка и ММФ во нивните извештаи за немање на економска клима, немање на бизнис клима, ќе ве потсетам дека во немањето на таа бизнис клима, економска клима се виновни најмногу вашите политичари. Можеби оваа Влада на господинот Бучковски нешто се обидува да смени, меѓутоа времето на премиерот Црвенковски и времето на премиерот Костов, кои на Македонија и донесоа имиџ на држава, затвор, за жал, бизнисмените и инвеститорите први тоа го видоа и први се преплашија. На вас ви треба многу време, многу напори, но многу нови либерални идеи, за да можат тие бизнисмени дали македонски или странски да ги привлечете и да ги вратите назад во македонската економија.

Во таа насока јас само можам да жалам дека и со овој буџет, ниту пак со законите кои одат со овој буџет не гледам никакви радикални, либерални економски мерки за македонската економија за да можете да смените и за да можете да направите нешто во наредните неколку месеци до следните, престојните избори.

Во таа насока, јас ќе поставам неколку отворени прашања. Ние се соочуваме со огромен дефицит над милијарда долари веќе втора или трета година во Република Македонија. Во таа насока, министерот Поповски спомна еден од главните виновници дека е зголемувањето на цената на нафтата во Република Македонија. Ќе се задржам со неколку реченици на политиката, односно нафтената политика на Владата на СДСМ. Кога доаѓаа на 15 септември тие најавуваа голема либерализација во нафтената индустрија во Република Македонија. Што се случи со таа либерализација? Бидејќи претходно ОКТА и МАКПЕТРОЛ и така и така го имаа тоа право, го имаа истото тоа право, значи, целосната либерализација од нафтената политика заврши со тоа што правото на увоз на нафта во Република Македонија го доби само уште една единствена фирма, тоа беше, ако не се лажам, НИКО ПЕТРОЛ од Штип. И денеска големата политика за либерализација за падот на цените на нафтата во Република Македонија, бензините, можат да почувствуваат граѓаните на Република Македонија. Целата либерализација, повторно ќе кажам, ако претходно увезуваа ОКТА и МАКПЕТРОЛ, денеска со СДСМ тоа право го има само уште една фирма во Република Македонија, никој друг. Во таа насока, почитувани граѓани, односно пратеници и претставници на власта, за мене претставува навистина едно големо прашање, зошто владата на СДСМ не ја смени методологијата по која се формира цената на нафтените деривати? Ако таа методологија е правена врз база на договорот со ОКТА, ако тој договор со ОКТА вие не го испочитувавте уште првиот ден, зошто не го сменивте начинот на утврдување на методологијата на цените на нафтените производи? Одговорот ќе ви го кажам. За да две ваши блиски компании благодарејќи на методологија користат и прават екстра профити во македонската економија. Зошто не ја намалите маржата на бензинските пумпи која е најголема практично во Европа. Затоа почитувани пратеници, почитувани претставници на власта, јас ви велам, не гледам никаква волја да смените нешто за да добиете нови приходи и да ја подобрите квалитетната исплата на расходите таму кај што треба. Што да зборуваме за економската атмосфера во Република Македонија, проблемот на реформата во судскиот систем, цело време, 4 години јас слушам дека и колку брзо ќе биде процесот на оваа или на онаа личност. Процесот, односно проблемот на реформите во македонското судство е и тоа. Меѓутоа, суштинскиот проблем на реформата во македонското судство е во имотно правните спорови на фирма со фирма, на фирма со доверител, на фирма со незнам каква постапка или во каков договор, проверете ги тие процеси по колку време траат. По 3,4, 10 години траат процесите меѓу две фирми кои се судат во Република Македонија. Или што станува збор со онаа насилна узурпација на оние 20-тина фирми кои ги направи синдикатот со помош на СДСМ после 15 септември. Кажете ми една фирма каде што беше узурпирана власта, односно каде што беше узурпирана таа власт, односно раководството во таа фирма после 15 септември денеска да работи. Нема таква фирма. Што да зборуваме за двојните аршеви. Сите го знаеме она познато, она што го нарекуваме бизнис клима. Сите го знаеме она познато прашање од поголем број министри на Владата на СДСМ, ЛДП и нели, нивните коалициони партнери од каде му се парите на Блажо Тасев, човек кој работи во Словенија 20 години. Меѓутоа, зошто имаме повторно двојна политика. Зошто на некои луѓе им

ги бараме парите, а на некои луѓе едноставно не не интересира она фамозно прашање од каде му се парите на Блажо Тасев кој можеби ќе го рестартираше досега рудникот "Саса". Зошто не го поставивме за двајца анонимни штипјани, едниот, кој конкурураше со два милиона евра во "Годел" во Скопје, другиот со 2 милиона евра во "Стружанка" во Струга, едноставно, тие личности се анонимни, беа едноставно кажани дека се победници на тендерите, никој во Република Македонија не го поставува прашањето каде им се парите. Неодамна, една групација "МИ-6" дава 2-3 милиони евра за акции во "Тиквеш", уште 2-3 милиона за обврзници, никој во Македонија не го поставува прашањето од каде им се парите на таа групација. Значи, перманентно двојна политика во македонската економија. Затоа, почитувани пратеници, почитувани членови на Владата, она што можам да го кажам на крајот е дека ние пред нас имаме буџет на Република Македонија, тој макрофинансиски најверојатно ќе ги исполни своите резултати, можеби и до запирка и тука министерот за финансии ќе добие добра оценка пред ММФ и Светската банка, тоа не е спорно , меѓутоа ние тука дефинитивно немаме економија. Ние имаме статистички добро подготвен буџет, имаме математички добро подготвен буџет, кој дефинитивно е скаран со економијата во Република Македонија и она што е најважно со предизвиците кои треба да бидат носители на ситуацијата во Република Македонија.

Значи, ние во овој буџет немаме одговор што со суштинските проблеми на Република Македонија. Што со земјоделството, што со градежната индустрија, што со здравството, што со социјалните случаеви? Апсолутно ви предвидувам дека оваа година ќе имате и драстичен проблем и со пензискиот систем на Република Македонија. Јас не гледам никаква превенција на овие проблеми со овој буџет на Република Македонија и едноставно мојата оценка е истата онаа што ја кажав и за буџетот 2005 година. Она што ќе го гледаме со овој буџет, со оваа економска политика е продлабочување сериозно на економската катастрофа во Република Македонија, зголемување на бројот на социјалните случаи, зголемување на уништување на гранките во Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Кој планира за реплика да се пријави, бидејќи со првата реплика нема повеќе пријавени.

Господине Макрадули имате реплика од 3 минути.

Повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

На почетокот да го потсетам господинот Георгиевски дека тој е наш колега тука, пратеник и непријатно е кога само ќе се обраќа со парламентарци и со граѓани. Мислам дека можеше во своето излагање еднаш да го употреби зборот колешки и колеги пратеници. Но, очигледно настапот беше насочен кон граѓаните, а не беше насочен кон реалната анализа на буџетот. Напротив, беше еден класичен настап на обид на враќање на некои гласачи или привлекување на гласачи кон опцијата на која што како почесен претседател припаѓа. Настапот беше проследен со многу контрадикторности и ќе се обидам некои од нив да извлечам и во интерес на јавноста или граѓаните да ги запознам онака како што тој зборуваше. Зошто не поставуваат прашања каде им се парите, затоа што Македонија е малечка земја и сите знаеме дали некој 20 години бил во бизнисот, па претпоставуваме дека заработил нешто или случајно после првото вработување успеал да заработи огромни пари и тоа граѓаните на Република Македонија тоа го знаат.

Потоа, се повикувате на критериумите на фенчмарковите на Светската банка и ММФ, а да ве потсетам дека вие ја завршивте Владата како премиер која што немаше или не успеа да направи договор со ММФ, бидејќи тогаш контролата на парите и мониторингот врз трошењето на буџетските средства, особено 2,3 месеци пред изборите не ви одговараше тогаш да направите договор. За среќа на граѓаните на Република Македонија оваа Влада на СДСМ, како еден од чинителите на таа Влада континуирано има договор со ММФ, а сега тој договор, како што и рече господинот Поповски, напредува и догледно стануваме партнери во целата таа проекција на ММФ и на Светската банка.

Јас не знам каков тип на шверцери тогаш постоеле, бидејќи, да ве цитирам, вие рековте дека таков тип на шверцери немаше, а вие најдобро знаете каков тип на шверцери тогаш имаше. Но, знам дека сега царината во буџетот на Република Македонија учествува со 20% повеќе прилив од ДДВ и со 20% повеќе прилив од царината и дупло повеќе акцизна стока фатена на царинските премини.

И уште едно потсетување, некни отидовте на средба со пратениците и колегите од партијата во Струмица и веројатно видовте дека после клучката во Радовиш, се прави патот Радовиш-Струмица, еден од приоритетите на оваа Влада. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Георгиевски, имате една минута контра реплика.

**Љубчо Георгиевски:** Прво, во однос на прашањето од каде му се парите, очигледно господине Макрадули во последно време има доста луѓе со проблеми за тоа да докажат од каде им се парите. Меѓутоа, еве тоа прашање да го оставиме за друга дискусија.

Второто прашање јас го поставив токму во обратен правец. На таа политика што некого го прашувате од каде им се парите, за други не ве интересира од каде им се парите. И, многу ме интересира еден македонски бизнисмен за овие 15 години како заработил толку пари. Зошто некои од македонските познати бизнисмени, да не ги

броиме сега тука, не ја раскажа својата успешна приказна.

Следното прашање договорите со ММФ, јас и понатаму ќе ви кажам дека договорите со ММФ не се цел на една економска политика, договорите со ММФ се дел од стратегијата како да се дојде до поуспешна економија во државата.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Георгиевски.

Повелете госпоѓо Грковска.

**Славица Грковска:** Неверојатно е како човек кој директно имал улога во економската политика на државата, сега наеднаш се чуди и се прашува зошто е ваква економската ситуација во државата, имајќи предвид што се се случувало во неговиот период. И покрај тоа што еве не сум присталица на рубрики од типот да се потсетиме, од вашето излагање едноставно не можам да не го направам тоа, заради тоа што она што денес го имаме како фактичка ситуација во економијата е директна последица на вашето владеење во претходниот период.

Рече господинот Макрадули факт е дека ние во 2002 година кога дојдовме на власт ја затекнавме државата изолирана од меѓународните финансиски институции и тоа благодарение на вашето владеење.

Кон крајот на 2000 година вашата влада склучи договор со ММФ и Светската банка и меѓу другото Владата на Република Македонија тогаш се обврза дека ќе продолжи да ги спроведува структурните реформи кои не се омилени, затоа што во идните години без работа ќе останат или ќе се пензионираат неколку десетици илјади граѓани. Владата си зеде обврска да ги приватизира сите државни фирми од кои најголемиот број се загубари. Во следните 4 години ќе мора да приватизира и да затвори околу 140 компании, а зборуваме за договор што е потпишан во 2000 година.

Ќе мора да приватизира делови на Јавното претпријатие Електростопанство и најдоцна до крајот на 2005 година ќе мора да го преполови бројот на чиновниците од сегашните 90 илјади на 45 илјади. Бројот на невработените дополнително ќе се зголеми со вработени кои што ќе останат без егзистенција, а досега работеле во државните фирми што ќе бидат затворени, зашто никој не сака да ги купи со толку големи загуби итн, што ќе предизвика болни реформи, ќе ја зголеми буџетската стабка за социјални трансфери, меѓутоа, сепак тоа е аранжман кој што практично би требало да не доближи до европското семејство. И ова е договор што Владата на Република Македонија го склучила со Меѓународниот монетарен фонд 2000 година, вие не ги испочитувавте обврските што како Влада ги превземавте. Само во септември 2000 година за време на изборите се поделени најмалку 1000 решенија за вработување, наместо да ја намалите администрацијата ја зголемивте за 30 илјади повеќе, што претставуваше дополнителна обврска на оваа Влада. Меѓународните институции, не ги интересира која политичка г арнитура е на власт, тие склучиле договор со Владата на Република Македонија и за разлика од вашата, оваа Влада досега ги исполнила обврските што ги превзела од ММФ и Светската банка. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минути господине Георгиевски, повелете.

**Љубчо Георгиевски:** Со задоволство секогаш сакам да дискутирам за разликите и паралелите меѓу нашата Влада и оваа Влада и за тоа можеме да дискутираме колку сакате. Јас уште еднаш ќе ви кажам дека буквално, сите параметри на тогашната Влада и сегашната Влада се корист за бившата Влада. Само ќе ви спомнам дека за три пати ги зголемивме девизните резерви на Република Македонија, за десет пати ги зголемивме приватните штедни влогови на граѓаните во македонските банки. Не ја задолживме Република Македонија и да не зборувам понатаму.

Што се однесува до договорот, немаше гладни. Иамше сиромашни, но немаше гладни. Денеска таа е една огромна разлика.

Во таа насока ќе кажам договорот со ММФ не е цел на една економија, туку таа е средство да се дојде до подобра економија.

Ќе ве потсетам на министерот Поповски. Во неговото уводно излагање рече дека тој се надева, ако не се лажам, за две и за три годишни буџети, ќе немаме потреба од договор со ММФ. Тоа е целта.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Господине Томиќ имате три минути реплика.

**Зоран Томиќ:** Јас ќе се осврнам само на делот на кој господинот Георгиевски се осврна околу реформите. Не знам што има тоа врска со Буџетот, меѓутоа, тој спомна во правосудниот систем, дека најголем застој во реформите имаме токму во правосудството, иако јавно кажав и ги пофалив моите колеги од ВМРО Народна и од Либералната партија, што токму тие помогнаа да се изгласаат толку потребните уставни амандмани и не би било згодно во оваа расправа, кога зборуваме за Буџетот за 2006 година, да зборуваме на таа тема.

Меѓутоа, мора да кажеме нешто што е многу битно, а тоа е дека не се оние спорови помеѓу фирми, или помеѓу фирма и поединец, физичко лице, оние кои траат по 10 години. Причините се во оние 292300 извршни предмети од први јануари 2006, стапува на сила новиот закон за извршување. Ќе имаме приватни извршители и ќе го растовариме судството, а со тоа ќе ги исполниме и обврските на Венецијанската комисија и на ГРЕКО.

Меѓутоа, она за што светот не критикува, особено во делот на организираниот криминал, корупцијата, перењето пари, се долгите, претерано долги постапки, токму во оваа сфера.

Особено што ги има во неколку случаи. Мислам дека е заложба на сите нас пратениците, независно позиција опозиција, токму на овие спорови се стави крај и сите да одиме напред. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе реплики, господине Димитров вам дали ви се доволни 14 минути. Повелете имате збор.

**Ангел Димитров:** Благодарам господине претседателе. Сметам дека 10-15 минути за секој пратеник се сосема доволни да каже она што мисли, да каже, ако знае што сака да каже.

Ние пред една недела бевме сите сведоци, внимателно го следевме самитот на Европската унија во Брисел, на кој покрај другото се усвојуваше Буџетот на Европската унија за периодот 2007 - 2013 година. Се разбира, од кои причини, не дека само Буџетот не интересира.

Иако тешките преговори помеѓу лидерите на државите членки, некои набљудувачи ги ценеа као пазарења. И покрај големите разлики помеѓу нашиот и Буџетот на Европската унија, сепак би требало навистина да извлечеме една поука од тој Буџет, а тоа е дека ние во нашите дискусии треба да ги спротивставиме различните ставови и со помош на аргументи да дојдеме до заедничко решение, кое ќе биде прифатливо за сите. За жал, многу често кај нас, кога расправаме за Буџетот на Република Македонија, наместо да ги спротивставуваме нашите ставови и аргументи, ние цврсто се држиме за нешиот однапред заземен став и без никакви аргументи во вид на пресметки, или показатели, се претвораме во одредени лобисти, кои само нешто бараат, без да кажат како ова би се одразило на оние од кои што треба да се земе. Или ги кажуваме нашите желби. Најчесто некој од нас велат дека култура е приоритет, другите велат дека образованието е највачно, третите велат дека за земјоделието е потребно повеќе пари, но без да се каже спротивната страна на Буџетот. Основното при ваквите дискусии е буџетската рамнотежа, кај која и како и кај тасовите на една вага, секое зголемување или намалување на едната страна, нормално предизвикува и неопходно зголемување, или намалување на другата страна на вагата.

Сигурно добро се сеќавате на дискусијата на францускиот претседател Жак Ширак, во врска со предлозите за проширување на Европската унија. Не може да бараме проширување, ако не обезбедиме средства. Не може да бараме одредени функции, ако не кажеме со што ќе ги финансираме тие функции. Јас би бил многу среќен кога и нашите дискусии би биле во тој стил.

Некои колеги од опозицијата, уште на самите комисии избрзаа да кажат, дека бројките кои се презентирани во овој Буџет не се точни, или дека се фалсификат и дека затоа презентираната состојба не одговара на македонската стварност.

Јас сум сигурен дека сите бројки кои се презентирани во Буџетот се точни, но ако ги анализираме еднострано и ако намерно сакаме да прикажеме искривена слика за одредени состојби, тогаш тие бројки тоа ни го дозволуваат. Ако навистина сакаме да дадеме реална анализа на истите, тогаш мојата констатација би била: Македонија во 2005 година постигни подобрување на скоро сите области од економијата, но и покрај позитивните тенденции во сите сектори не можеме да бидеме целосно задоволни, затоа што сме сеуште на многу ниско ниво.

Впрочем, тоа е и причината што некои колеги од опозицијата велат, да, ама тоа не го чувствуваат граѓаните. Оваа констатација важи и за растот на бруто општествениот производ и за индустриското производство и за намалување на трговскиот дефицит и за дефицитот на тековната сметка и за растот на девизните резерби. Но, исто така важи за бројот на регистрираните невработени лица.

Ќе започнам најпрво со растот на бруто општествениот производ. Тој во 2005 ќе изнесува некаде 3,8%. Се согласувам со оние кои сметаат дека би било подобро тој да изнесува 6 или 7%. Но факт е дека после огромнот пад од 4,5% во 2001 и стабилизацијата од 0,9% во 2002 година. Последните три години имаме позитивен тренд на зголемување на стапката на раст и тоа секоја година од година во година. Добро е овој тренд да продолжи и понатаму.Ова е особено значајно што овој раст е остварен во многу ниска инфлација и во услови на една цврста политика. Значи, реален раст а не иритиран со зголемување на цените на производите.

Ќе поминам на индустриското производство. Тоа на крајот на годината ќе оствари стапка на раст од 7%. Некои пред нас избрзаа со оценките дека тоа е резултат на еден многу поголем пад во минатата година или пак дека растот е само резултат на една индустриска гранка, а тоа е индустријата на основни метали. Македонија кога ќе престане да ја стимулира оваа гранка тогаш ќе доживееме повторно огромен пад на индустриското производство.

Најпрвин падот на индустриското производство лани беше поизразен само во првиот квартал од годината, а на крајот од годината заврши со пад од 2,1%.

Второ, каде е тоа и во која програма на Владата сте прочитале дека Владата води стратегија на развој во Македонија, која се базира само на развојот на индустријата на основни метали. Таква стратегија, таква владина програма, никаде не најдов.

За податоците за намаленото остварување на трговскиот дефицит од два процентни поени, се разбира на годишно ниво, истата приказна.

Големиот извоз од 27,4% и зголемениот увоз за помал процент за 15,9%, покажува дека Македонија може да започне да го намалува трговскиот дефицит за кој и претходнот дискутант кажа, со години наназад постепено нон стоп расте

нагоре. Точно е дека тој сеуште е доста висок и изнесува некаде 19,5% од бруто општествениот производ. Но позитивниот тренд на поголемиот пораст на извозот во однос на порастот на увозот е присутен и тоа е единствен начин да го намалиме трговскиот дефицит, кој не прати сите овие години на транзиција и во кој конкурентноста на нашите фирми, значително заостанува зад конкурентноста на странските компании. Во суштина, тоа е резултатот на трговскиот дефицит.

Што се однесува до податоците за дефицитот на тековната сметка, сметам дека тие не само што покажуваат позитивен тренд, туку и сосема се задоволителни.

Во 2005 година тој е намален за 2,9% од бруто домашниот производ, иако планираниот изнесуваше 6,5% од бруто домашниот производ. Само да спомнам дека споредувајќи го со останатите земји од т.н. Западен балкан, нашиот дефицит на тековната сметка е незначителен и не претставува никаков проблем за финансиската стабилност на земјата. Слична констатација може да важи и за нивото на девизните резерби, кои во 2005 година, во споредба со крајот на 2004 година, бележат раст од 110 милиони долари. Тие исто така бележат и пораст во однос на проектираните, кои беа 68 милиони долари. Се разбира, ова е резултат на веќе спомнатите податоци за трговскиот дефицит, дисплинираната фискална политика и нејзината координација со монетарната политика.

И на крајот ќе кажам неколку збора за бројот на невработени и бројот на ново вработени лица, кои скоро сите колеги ги експлоатира.

Факт е дека бројот на ново вработените лица во периодот јануари - септември 2005 е 102114 лица.

Исто така, факт е дека бројот на регистрирани невработени лица е намален за скоро 22 илјади лица и тој број изнесува 366879. Ова не значи дека сме го решиле проблемот на невработените. Ние сме свесни за тоа. Но добро е што наместо да зборуваме за плафонот од 400 илјади денари, како што министерот зборуваше минатите години, ние сега дискутираме за тоа зошто стои 2114 лица новоработени, а имаме намалување само на 22 илјади од бројката на регистрирани невработени. Се разбира, разликата меѓу нив зависи од прирастот на ново невработени лица, кои за прв пат се пријавуваат во Агенцијата за вработување, зависи од бројот на лицата кои останале без работа, технолошките вишоци, стечајците и ликвидација на фирмите, и се разбира, зависи од поригорозните критериуми за тоа кој се смета за невработено лице.

Навистина, некои од лицата се пријавуваат во Агенцијата само за остварување на правото на здравствена заштита, а не бараат вработување, но исто така, голем број од нив работат на семејните земјоделски имоти, се бават со разни семејни бизниси, или пак работат на црно како непријавени работници.

За да го добиеме вистинскиот број на оние кои бараат активно работа, мораме да ги исчистиме списковите од Агенцијата за вработување, од сите оние кои се пријавуваат само заради добивање на сини картони, т.е. бесплатно здравствено осигурување.

И во дискусијата по овој Буџет е присутна дилемата, фиксен или флуктуирачки курс на денарот. Рестриктивна или полиберална монетарна политика. Навистина Македонија веќе неколку години наназад, иако дејуре води политика на флуктуирачки курс на денарот во однос на странските валути, дефакто имаме фиксен курс на денарот.

Ваквата политика од најразлични политичари, економисти, домашни и странски експерти е оценувана како добра за одржување на ниската инфлација, но лоша за побрзиот раст на економијата.

Многу светски реномирани имиња од економијата велат дека врзувањето на домашната валута за еврото или доларот е одлична за брзо намалување на галопирачката инфлација, но по одредено време таа може да биде пречка за постигнување на побрз економски развој и затоа е потребно да се премине од стратегија на таргетирање на девизниот курс на стратегија на таргетирање на инфлацијата. Тоа впрочем, господинот Владимир Глигоров го предлагаше. Но дали земјата е спремна да помине на тоа. Од таргетирање на девизниот курс на таргетирање на инфлацијата. Многу е битно кога тоа може да се стори. Тоа е најважното прашање. Ова затоа што таргетирање на инфлацијата мора да биде еден транспарентен процес и во основа е многу потешко да се спроведува од таргетирањето на девизниот курс. Дали Македонија е спремна на овој чекор. Дали зголемиот оптег на пари во економијата ќе се искористат за развој на економијата, или за потрошувачка, која само би ја зголемила инфлацијата. Ова е многу сложено прашање и по мене тоа зависи од способноста на институциите на системот, т.е. нивниот капацитет. Само еден пример. Ние пред два дена зборувавме за средствата за вработување на инвалиди. Ако државата ги олабави условите за доделување на тие средства, тогаш се сите искористени и имаме огромни криминални начини на користење средства. Значи парите се искористени, инвалидите сеуште не работат. Ако малку ги зацврстиме тие односи, ни остануваат огромни пари неискористени. Што е проблемот? Значи институциите немаат капацитет. Ако само малку се вратиме наназад и се потсетиме само на некои случаи, како на пример пропаѓањето на Експорт-Импорт банка и загубата на Народна банка на Македонија, или судбината на тајванската помош, или кредитирањето на фирмите преку НЕПА, или трошењето на средствата од приватизација на Телекомот, или сегашните даночни пирамиди и многу такви слични случаи, ќе видиме дека нашите

институции, сеуште имаат многу низок управувачки капацитет.

Затоа со право Владата најголемите свои напори во иднина ќе ги вложи во реформи на институциите. Ова се однесува како на владините програми, така и на индивидуалните програмски компоненти, кои се извршуваат од страна на буџетските институции. Без вистинска реформа на институциите на системот, нема да бидеме во можност да ги извршуваме сите идни реформи, кои ќе не водат кон приближување кон Европската унија. Во вакви услови не можеме драстично да го промениме односот на капиталните расходи, во однос на тековните расходи во Буџетот. Од друга страна, учеството на расходите за плати и социјални надоместоци и понатаму ќе заземаат многу висок процент од тековните расходи. Но не треба да мислиме дека Буџетот е единствениот кој може да влијае на развојот. И во вакви услови, нашата шанса ќе треба да ја бараме во развојот на приватниот сектор и странските инвестиции. Се надевам дека добивањето на кандидатскиот статус на Македонија, ќе и донесе и повеќе странски инвестиции, кои истовремено нема да значат само зголемување на нашето производство и продуктивност, туку истовреме позитивно ќе се одразат на зголемување на нашата конкурентност и ќе придонесат за полесен пристап кон странските пазари. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Ќахил дали може за минута да завршите со дискусијата? (не можете)

Во тој случај тука ќе ја завршиме денешната седница.

Би сакал да ве известам дека утре во 12,00 часот ќе имаме годишно обраќање свечено на претседателот на Република Македонија, а во 15,00 часот продолжуваме со оваа седница.

(Седницата заврши во 18,00 часот).